Митрополит Струмички Наум

# Пастирски пристап
# или
# поистоветување

БИБЛИОТЕКА ВОВЕДЕНИЕ
ВЕЛЈУСА 2017

Македонска Православна Црква –
Охридска Архиепископија
Струмичка Епархија

Издавањето на книгата го овозможи црквата
„Св. Григориј Палама и Св. Димитриј Мироточив“
Струмица

Издава:
Манастир Воведение на Пресвета Богородица Елеуса
Велјуса

Лектура:
Петар Георгиевски

Книгата е издадена по повод
шеесет години од возобновувањето
на Охридската Архиепископија
во лицето на
Македонската Православна Црква.

# ПРЕДГОВОР

Опиум за народните маси и спас на човековата душа, или одраз на реалниот свет, но сите се едногласни дека токму во религијата човекот од дамнина бара спас и одговор за непознатото, таинственото, мистичното, болката, тагата и одговор на исконското.

Карл Јунг смета дека религијата е, пред сè, универзален човечки феномен, односно слика на некое возвишено битие, кое на невидлив начин управува со целиот универзум и влијае во човековото битисување. Таа е архетип, наследен психички талог и своина на колективното несвесно во секој од нас. Ова за Јунг значи психолошка реалност и тој ја става на ист пиедестал со историската и физичката вистина. Јунг ја нагласува идејата за тоа дека Господ е во секој од нас.

Теологијата и психологијата неопходно е да се видат во рамките на поголемите хоризонти за откривање на мистериите на животот. Психологијата ѝ нуди на религијата научни достигнувања за да ја подобри точноста на сопственото разбирање на методите што ги користи за да ги оствари посакуваните цели. Религијата, пак, ѝ нуди на психологијата визионерска ризница на акумулирана мудрост за природата на човековата личност и за тоа како може да се

постигне подобар живот.

Дијалошката пракса на психологијата и религијата носи со себе основни претпоставки. Пред сè, психологијата и религијата се третираат како рамноправни партнери за разговор. Меѓусебниот дијалог резултира со фасцинантни врски, кои имаат да си кажат многу едни на други. Тие се различни во нивните цели и методи. Факт е дека постојат различности и токму тие ја креираат убавината на нашите животи. Лага е отсуството на Благодатта Божја и темнина на умот, додека вистина е присуството на Благодатта Божја и просветленост на умот. Поделбите и непријателството се наша умствена поделба. Поделбите и непријателството се лага и секој кој ќе се најде помеѓу нив е непријател на самиот себе[1].

Човекот не треба да се ограничи само на неговата надворешна појава и традиционално значење, што многу кратко трае, туку треба да се открива и докажува и во неговата внатрешна суштина и димензија, која трае вечно. Христовото Распнување, Христовото Погребение и Христовото Воскресение потребно е во својот духовен живот да ги перцепираме како три внатрешни духовни состојби: распнување на умот, погребение на умот и воскресение на умот[2]. Во времето на апостолите, во пустината не постоеле стручните термини на модерната психологија и затоа тие го користеле терминот *помрачување на умот*. Во ваква состојба човекот станува неспособен за рационално расудување и не е во состојба да ги контро-

[1] Види: стр. 43.
[2] Види: стр. 87.

лира желбите и мислите. Низ термините на психологијата тоа одговара на состојбите на волево-нагонската дезинхибиција, од различен степен, со сите социјални последици кои произлегуваат од таквото однесување[3].

Областите на психологијата и религијата, и духовното значење имаат големо наследство вткаено во животот на човекот. Покрај тоа, се воведуваат и филозофските концепти и историските информации, кои придонесуваат да се разберат науката и религијата. Новите достигнувања во наративната психологија може да помогнат во разбирањето на процесот на духовниот раст. Религијата и психологијата споделуваат загриженост за квалитетот на човековото постоење. Конечната цел на ова дело е да се поттикнат теоретски и емпириски истражувања во служба на практични апликации со што би можеле во 21 век да градиме позитивни заедници.

Нивната примарна задача е во делото да се претставaт идеи што влијаат врз дијалогот помеѓу психологијата и религијата. Откако ги имаме овие идеи пред нас, следната важна задача е да ја процениме вредноста на истите и доказите што ќе ги поддржат. Психологијата треба емпириски да ја проучува човековата религиозност, истражувајќи ги нејзините интрапсихичка динамика, мотивација и амбиција за да се објасни природата на нејзиното потекло. Теологијата, од друга страна, применувајќи го практикувањето на Исусовата молитва, која содржи дла-

---

[3] Види: Митрополит Струмички Наум, *Премин од душевностӣ во духовностӣ*, Библиотека Воведение, Велјуса, 2015, стр. 217–218.

боки мисли и откритија за психолошкото разбирање на човековата реалност, ќе придонесе во развивањето духовна димензија на здрав и исполнет живот на сите нивоа.

проф. д-р Диана Белевска

# Пастирски пристап
# или
# поистоветување

## ПОТСЕТНИК

Секоја година, околу Божикните празници на површина излегуваат одредени недоумици околу нивното правилно чествување. За да нема многу забуни околу оваа проблематика, еве еден ориентир според кој и најнеинформираните верници можат да се управуваат. Ориентирот е причестувањето со Светите Тајни на Телото и Крвта Христови во Светата Литургија на Црквата. Секој празник во Црквата има една и единствена цел – причестување со Светите Тајни Христови. Без остварување на оваа цел може да стане збор за сè, само не и за верско и побожно славење на Бог. Нема причест – нема живо христијанство!

На пример: имаме недоумица во однос на подготовката на т.н. бадникова семејна вечера. Сега, ако знаеме дека главната цел при дочекот на Рождеството Христово ни е причестувањето со Светите Тајни Христови, тогаш од трпезата веднаш отпаѓа рибата и сè што е подготвено на масло (зејтин), освен ако празникот се падне во сабота или недела, кога задолжително се пости на масло. За други мрсни работи и да не спомнувам – секој знае дека пред Причест се пости. Така, ако главен ориентир при секој дочек на некој црковен празник ни е причестувањето со Телото и Крвта Христови, тогаш нема да згрешиме при

решавањето на вакви недоумици. Ви говорам за основни работи. Инаку, бадниковата вечера му е потполно туѓа на црковниот живот – ќе ви објаснам дополнително, но сега само едно ќе ви кажам: извадете го лепчето со паричката од бадниковата вечера, како магиски и суеверен чин – што во суштина и е, и ќе се изгубат и смислата и погрешната традиција на бадниковата вечера.

Друго прашање е, на пример, дали одредени обичаи при црковните празнувања се пагански остатоци или се туѓи, или се и едното и другото. На пример, собирањето и делењето бадникови гранчиња е само српски народно-црковен обичај, и наниту една друга помесна Православна Црква или народ; исто како и кршењето на лебот со паричката на бадниковата вечера (леб со паричка се крши на Свети Василиј или т.н. Стара Нова Година), како и славата и славскиот колач (наместо тоа, правилно е имениден и петолебие). Практикувањето туѓи црковни обичаи е пастирско и идентитетско прашање, така што секој сам нека избере што е по националност, како и кому му служи. Мене тоа ама воопшто не ми пречи – кој што ќе избере, но должен сум да кажам, поради тоа што ние и од СПЦ бараме признавање на нашата автокефалност: со практикувањето на исклучиво нивни црковно-народни обичаи, ние – од световни причини, во голема мера ја губиме основата за тоа барање. Што мислите, како на ова гледаат другите православни народи и Цркви, и како тоа некој им го претставува?

Ние, како МПЦ – ОА, должни сме само во местата каде што живеат нашите браќа Срби да им обезбедиме, ако сакаат, празнување според нивните

народно-црковни обичаи и јазик. Се надевам дека еден ден, според Христовото Евангелие, сите ќе сфатиме дека национални поделби не постојат и не се потребни во Црквата, а потребен ни е само пастирскиот пристап – да му се обезбеди секому да Го прославува Бог на својот мајчин јазик. Црквата е Една.

Толкувањето дека Божик е празник на семејството, како и таквото празнување, исто така, е туѓо неправославно учење. Каква врска има непорочното и бессемено зачнување, и безболното и девствено раѓање со основањето на овоземното човечко семејство? Ама баш никаква! Значи, имаме туѓо учење – неправославно, кое се надополнува со неправославна иконографија: каде што Јосиф и Марија стојат заедно наведнати над колевката на Исус – што асоцира на семејство, за разлика од православната иконографија каде што Пресвета Богородица и Секогашдева Марија заедно со Богомладенецот Христос го заземаат централниот простор на иконата, а праведниот Јосиф, ако некој не знае, не ни може да го забележи на иконата – насликан негде настрана. Ако на ова го додадеме и нарочното организирање на семејна вечера токму на Бадник – од триста шеесет и пет вечери во годината, заедно со нарушувањето на определениот црковен пост, а со тоа и неможноста за Причест – се комплетира целата слика колку сето тоа е погрешно. Христовото Рождество не е некаков празник на семејството, туку нормално, по црква го празнуваме и во семејството.

Она што сигурно е грев – етички и еколошки, и што треба веднаш да го промениме, е оставањето на многу семејства во Р. Македонија без огрев и храна

преку зима, а сме можеле да им помогнеме. Наместо да палиме ритуални огнови и да ја дозагадуваме околината, и наместо да го нарушуваме постот со мрсни јадења и световни музики и песни, подобро е да им помогнеме на сиромашните со огрев и храна, и ќе видиме каква радост тоа дело на милосрдие ќе ни донесе и каков благослов Божји во животот.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, просветли нѐ и помилуј нѐ!

# РОЖДЕСТВО ХРИСТОВО

Вака вели свети Григориј Богослов: „Оној Кој седи на небото над небесата, на истокот на Својата слава и светлина, се прославува [денес] на западот на нашата сиромаштија и ништожност; и Синот Божји прифати да стане и да се именува Син Човечки“[1]. Се прослави уште со самото Рождество – о, Тајно скриена!

Несоздадениот, Кој предвечно, бестрасно, бестелесно се раѓа на начин надумен од Бога и Оца, се роди денес бестрасно и во тело, на начин надумен, од Богородица и Секогашдева Марија, во Витлеем Јудејски. Несместливиот, во Чии прегратки почива сè што е создадено, денес, воплотен, почива во прегратките на Својата Пресвета Мајка. О, чудо неискажано! Не со промена на местото, зашто е сегде присутен, туку по снисходување Божјо, зашто е Единствен Човекољубец.

Дојде да нè спаси и кон Отецот наш Небесен да нè вознесе. Иако совршен Бог, Единородниот Син Божји непроменливо стана и Совршен Човек, и поистоветувајќи се на тој начин со секој од нас, ја натовари врз Себе сета наша тага, очај, темнина, болка, страдање, осаменост, безнадежност и смрт. Ние сло-

[1] Gregorius Nazianzenus, *In sancta lumina* (Migne PG, 348D).

бодно и љубовно Му ги предаваме нашите страдања, односно ги претвораме Неговите страдања во наши.

Ни се откри како Богочовек, чинејќи нè лични сопственици и причесници на плодовите на за нас спасителното општење на својствата на Божјата и Човечката природа во Самиот Него.

Богатиот заради нас осиромаши, земајќи ја сиромаштијата на нашето тело за ние, пак, во Неговото обожено Тело – Црквата, постојано да се збогатуваме, безмерно обдарувани со Божествените несоздадени дарови на Светиот Дух. Дојде и стана човек за ние да станеме богови по благодат и чеда Божји; за постојано, благодатно и соборно да растеме според мерата на растот на Неговата полнота[2].

Целиот Негов живот меѓу нас е едно смирено и неизглаголиво страдање, чии размери за нас, создадените, засекогаш ќе останат неодгатнати. Нашиот раст во Црквата – низ тајната на нејзиниот Соборно-Евхаристиски живот, не е само благодат, обожение, радост и живот, љубов и слобода, и воскресение, туку е и болка, тага, страдание, напуштеност, осаменост и смрт. Всушност, во овој век и живот тоа е една чудесна, потребна и света испреплетеност на овие спротивности.

Денес родениот Богомладенец дојде и ни дарува во ликот на најмалиот, најгрешниот наш брат да Го љубиме и да Го препознаваме Него; средбата со нашиот ближен да ни биде проверка на вистинитоста на нашиот живот и личносен однос со Него. Во Него и преку Него – со нашиот Небесен Отец.

---

[2] Види: Ефес. 4, 13.

Од Бога и Оца испратениот и доброволно дојдениот Син Божји ни дарува во Црквата – таа несоздадено-создадена икона на Света Троица, и низ Нејзината Света Евхаристија да го преобразуваме нашето постоење, образувајќи ги меѓусебните лични односи според подобие на она Христово светотроично ’како‘: *Сите едно да бидат, како Ти, Оче, што Си во Мене и Јас во Тебе; и тие во Нас едно да бидат, светот да поверува дека Ти Си Ме пратил* (Јован 17, 21).

Возљубувајќи се еден со друг, да бидеме живи и светлозрачни икони на Божјото јавување, вечни сведоци на светотроичниот благодатен Домострој на спасението, откриен во Личноста на Богочовекот Исус Христос, во Неговото воскреснато Тело – Црквата, и ологосени гласници на радосната вест: *Христос се роди!*

Слава на Тебе, преку Богородица, Оче наш!

# МАНАСТИРСКИ РАЗГОВОР ЗА МОЛИТВАТА НА СРЦЕТО

*Отецот:* Што мислиш, сестра Н, што е најголемиот Божји дар за тебе, на ова Рождество Христово?

*Сестра Н:* Најголем дар за мене е тоа што ја гледам мојата грешност.

*Отецот:* Да, но колку што ти е дадено, моментално; бидејќи, како што рекол еден подвижник: „Господ не ни дава да ја разбереме сета длабочина на нашите гревови – ниеден човек не би го издржал тоа"[1]. Негувај го тоа чувство на покајание, затоа што лесно се губи.

*Сестра Н:* Добро. Размислував овие денови и за симнувањето на Христос во адот.

*Отецот:* Таа тема не е несоодветна за Рождеството, бидејќи јаслите во кои Христос е положен се прикажани на иконата како Неговиот иден гроб, а повоите со кои Христос е повиен се како повои погребни. И, воопшто, кога Вечноста влегува во историјата, времето станува релативна категорија. Целиот Негов Домострој на нашето спасение е, всушност,

---

[1] Види: Свети Исаак Сиријски, *Подвижничка слова*, Библиотека Образ светачки, Београд, 1998, стр. 301.

страдање до истоштение. Почетокот веќе го покажува крајот. Во пештера роден, во пештера погребан. Синот Човечки нема каде глава да засолни[2].

И уште нешто, иконата не нѐ повикува на понадворешнување и материјализација на нашата вера, туку на повнатрешнување и одухотворување на она што го претставува. На пример: иконата преку пештерата во која е роден Христос, пред сè, нѐ повикува да го откриеме срцето како наш духовен центар, како место каде што се случува нашето лично учество во Домостројот на спасението од зачнувањето, преку раѓањето до воскресението Христово итн., а не да ја извадиме пештерата од иконата и да ја материјализираме. Иако и тоа може во специфични моменти и може многу убаво да биде, но само поради исклучиво педагошки причини (духовна грижа за децата) – додека да го сфатат вистинското и првенствено значење на иконата. Постојат и многу други примери во Православната Црква на понадворешнување на нашата вера – општо, но за тоа другпат.

*Сестра Н:* Размислував за симнувањето на Христос во адот и за тоа како го извлекува Адам оттаму, држејќи го за рака. На тој начин го гледам и моето спасение. Како Негова милост, а не како моја добродетел и заслуга.

*Отецот:* Се обиде ли да го симнеш својот ум во срцето овие денови?

*Сестра Н:* Да.

*Отецот:* Симнувањето на умот во срцето, на почетокот, е како еден скок во празно. Умот влегува

---

[2] Види: Лука 9, 58.

во еден, за него, непознат простор, темен, нејасен, несигурен, одбивен, а има вера дека токму таму може да Го најде Царот, и Царството Небесно. Но, не Го наоѓа веднаш, и збунетиот ум и душата страдаат поради тоа. Единственото чувство што ни е потребно и кое може да ни помогне во тој подвиг е покајанието, но и тоа го нема секогаш. Треба да се принудиме на покајание и плач, и тие не доаѓаат, конечно, самите од себе. Треба да стоиме на молитва, да правиме метании. Никогаш да не ја почнуваме молитвата седејќи. Треба да стоиме на молитва обидувајќи се да го држиме умот внатре во срцето сѐ додека не се измориме физички. Потоа може да седнеме и да ја продолжиме молитвата на ист начин, трудејќи се да го држиме умот внатре во срцето. И не заборавајте: молитвата е давање, а не земање.

*Сестра Н:* Се молам во срцето, и овие денови чувствувам една таква топлина и болка поради која не можам понатаму да продолжам. Што да правам?

*Отецот:* Собери го својот ум во Христовото име, во Него Самиот, продолжи со молитвата внатре во срцето и ќе видиш дека сѐ ќе си дојде на место, дека болката што пречи ќе се претвори во болка што привлекува. Не треба да обрнуваме внимание на последиците од молитвата, на топлината или болката, или сладоста, тоа може да ни ја попречи молитвата и на подолг период. Во молитвата единствено важен ни е Христос.

*Сестра Х:* Отец, што е тоа место на срцето, а што отворање на срцето? Дали се тоа две различни појави?

*Отецот:* Случувањето кога за првпат благо-

датта на таков начин се пројавува во срцето го нарекуваме отворање на срцето, а местото каде што благодатта Божја се пројавува се нарекува место на срцето. Една и иста благодат, енергија Божја, го дејствува тоа случување: и отворањето на срцето и држењето на местото на срцето активно.

*Сестра X:* Рождеството го доживеав како радост. Ме погодија зборовите од твојата беседа вечерта тој ден: „Ако кажеме дека нешто не можеме во духовниот живот, дека заповедите Христови се тешки и дека не можеме да ги исполниме, ние хулиме на саможртвата Христова“[3].

*Отецот:* Да, токму затоа Синот Божји стана Син Човечки, токму затоа Богочовекот Христос пострада, за ние да имаме сила, за да можеме, а не да не можеме. Нам ни останува само изборот – сакаме или не сакаме. А со тоа ни останува и одговорноста за нашата слободно изразена волја. Потоа не можеме да се самооправдуваме за својот погрешен избор, можеме само да се покаеме.

*Сестра X:* Да, отец, некаде прочитав дека самооправдувањето е продолжување на гревот на Адам во рајот: „Жената која Ти ми ја даде, ме излажа“[4].

*Отецот:* Да Му речеше Адам „прости“ на Господ, немаше да се случи истерувањето од рајот, но тој го избра патот на самооправдувањето, патот на суетата и самољубието, а за таков умствен пад нема место во рајот, каде што сè е вечно, и затоа тој

---

[3] Види: Наум Струмички Митрополит, *Ни Јас не ви кажувам...*, Библиотека Воведение, Велјуса, 2008, стр. 12.
[4] Види: 1 Мој. 3, 12.

требаше да биде прекинат. Подвигот на послушание беше потребен и во рајот, а камоли, пак, овде.

*Сестра Х:* Прочитав кај Старец Софрониј: „Јас не би можел во делото на љубовта да се чувствувам слободен кога да се љуби би значело само наслада. Кога сум распнат, тогаш имам смелост на Отецот да Му кажам: 'Јас Те сакам' – и срцето знае дека таа љубов е вистинска и света"[5]. Тоа за мене значи дека нема „не можам". Мора да го живееме распнувањето ако сакаме да имаме љубов. Само тогаш ќе Му кажеме на Господ дека Го сакаме.

*Отецот:* Дали се обиде да влезеш во своето срце, во пештерата каде што се роди Христос? Целиот Христов живот е содржината на животот на нашето срце. И таа благодат на учество во секој момент од Христовиот живот, која сите ја добиваме на Литургијата, собрани околу нашиот епископ, но само ако учествуваме во Светите Тајни – се разбира, е истата благодат што се пројавува и во нашето срце. Затоа тие денови се посебни. Ако ги испуштиме, треба да чекаме Богојавление, па Благовест, па Велигден итн. Тоа се специјални денови, кога можеме да добиеме молитвен пристап до срцето. Посебно Христовите и Богородичните празници. Посебно Воскресение и Успение. Тоа се слични празници, и едната и иста благодат на Воскресението. Христос со ништо не Ја ускратува Својата Мајка Богородица од тоа што Он го има.

А ти, сестра М, се обиде ли да го симнеш својот ум во срцето овие денови?

---

[5] Архимандрит Софроније, *Рођење за Царство непоколебиво*, Библиотека Тавор, Свети Манастир Хиландар, стр. 145.

*Сестра М:* Не знам како да кажам, отец, како да се фрлив во темнината на срцето.

*Отецот:* Како се фрли во срцето, како твој слободен двиг или нешто те привлече?

*Сестра М:* Сама.

*Отецот:* Колку време траеше тоа?

*Сестра М:* Дваесет минути, се сконцентрирав, чувствував топлина. Топлина и темнина.

*Отецот:* Тоа беше точно во срцето или тука некаде?

*Сестра М:* Не ми беше сосем јасно.

*Отецот:* Се молеше во својата ќелија?

*Сестра М:* Да.

*Отецот:* Со која молитва?

*Сестра М:* 'Господи Исусе Христе, помилуј ме'. Како точно се чувствува тоа место на срцето, отец, како да сме сигурни дека тоа е местото?

*Отецот:* Тоа со сигурност го знае само оној што го вкусил. Кога срцето доволно ќе го очистиме од страстите, благодатта сама ќе ни го покаже местото на срцето и самата ќе го привлече умот таму. Дали се обидуваш секој ден да влезеш во срцето?

*Сестра М:* Да. Се сетив дека на крајот ми остана некое чувство на срцето. И сега го чувствувам. Се молам во тоа место. Овие денови забележав дека веднаш штом почнам така да се молам, повнимателно, ми течат солзи без да се принудам на тоа. Ти кога зборуваше за скок во празно, тоа беше како да објаснуваш што ми се случи мене. Моли се за мене. Прости ми.

*Отецот:* Сестра И, ти се молиш во срцето секој ден, како што рековме?

*Сестра И:* Да.

*Отецот:* Опиши ми што точно се случува?

*Сестра И:* Понекогаш е многу лесно, умот како самиот да се лизнува и влегува внатре. А почесто треба, на почетокот, да вложам напор за да се собере умот во Христос и да се спушти долу. Како да почнува некоја борба. Прво чувствувам една душевна болка и страдање зашто се присетувам на моите гревови, дури и на некои подзаборавени; потоа си ги гледам страстите, слабостите, некои стравови, и притоа ми доаѓа чувство на скрушеност и плач оти толку сум за никаде. И уште повеќе умот се врзува за Христос, а потоа сѐ како да се губи, сѐ се смирува во мене и останувам така да стојам пред Христос, и тогаш ништо не е важно, без оглед на тоа што сум таква – никаква. И кога кажувам „Богородице Дево“, често се случува истото. А некогаш и на Литургија, на Повечерие. И сега ме опфаќа плач. Прости ми и моли се за мене.

*Отецот:* Кажи ми нешто повеќе за болката што се појавува.

*Сестра И:* Отец, знаеш, тоа што ме прашуваш за болката... Всушност, можам да кажам дека има две болки. Едната е физичка, и таа сега е блага, и сакам да е присутна оти го собира умот, го привлекува. Но, јас мислев повеќе на една друга болка, којашто не е физичка. Се појавува кога се гледам себеси каква што сум и тогаш не можам да не плачам. Целата моја внатрешност плаче (да, со плач можам да ја поврзам таа болка), а кога има солзи, тие некогаш се тивки, а некогаш ми иде да плачам на цел глас, и потоа низ душата ми се разлева некој мир и утеха.

*Отецот:* Отците нè советуваат да останеме во подвигот што ни носи плач. Духовен живот без плач и покајание е прелест.

*Сестра С:* Отец, а дали е можно во душевни состојби, какви што се зависта, повреденоста, тагата или слично, кога срцето доживува еден вид болка, да ја искористиме таа болка на срцето за да го најдеме местото на срцето?

*Отецот:* Да, можеме, само со молитва на покајание. Сè друго, како што реков, е прелест. И не го заборавајте послушанието, деца, тоа е суштината на Богочовечкиот Христов подвиг. А, нели сме според ликот Негов создадени? Нели сакаме на Неговото совршенство да му се вподобиме? Нели не сакаме ние да живееме, туку Богочовекот Исус Христос да живее во нас?[6] И, не заборавајте да Ја љубите Богородица, секој дар од Бог преку Неа го добиваме. Толку за денес.

Христос се роди!

[6] Види: Гал. 2, 20.

# ХРИСТИЈАНСТВО НА ДЕЛО

Во една моја беседа „Како правилно да бдееме – и над себе“[1], нагласив три духовни вистини: прво, без конкретно милосрдие кон страдалниците не само што напразно одиме во црква, туку не можеме ни христијани да се наречеме, односно – нема ли конкретно милосрдие – нема христијанство во пракса; второ, ако нема конкретно смирение – нема христијанство во пракса; и трето, нема ли барем внатрешен плач и солзи поради нашата отпаднатост од Бог – исто така, нема христијанство во пракса! Да ги дообјасниме поконкретно овие неколку неразделни вистини.

Ви имам нагласено и другпат дека не можеме ние, т.н. христијани, само да чекаме некој да ни побара помош, па дури тогаш да размислуваме како и дали сакаме да му помогнеме, туку должни сме самите да ги побараме луѓето што страдаат и да им помогнеме! Не можеме да се правиме глуви и слепи, и да не помагаме, кога Богочовекот Христос со Свои зборови точно ни има кажано во Евангелието каде

[1] Види: Митрополит Струмички Наум, *Нови личносни односи*, Библиотека Воведение, Велјуса, 2016, стр. 289–291.

да Го најдеме: *Гладен бев, и Ми дадовте да јадам; жеден бев, и Ме напоивте; странец бев, и Ме примивте; необлечен бев, и Ме облековте; болен бев, и Ме посетивте; во затвор бев, и дојдовте при Мене.* (...) *Вистина ви велам: доколку сте му го направиле тоа на еден од тие Мои најмали браќа, Мене сте Ми го направиле* (Матеј 25, 35–36; 40). Живееш во светот и велиш дека вистински Го бараш Христос – ете каде Е!

Или, ако речеме: никој не ни побарал помош, Евангелието нè разобличува – Самиот Господ Исус Христос постојано ни ја бара. Најбитно за нас, т.н. христијани, е сознанието дека Господ се поистоветува само со страдалниците. Ако ние им помагаме – добро за нас; ако не – Он нема ништо со нас. Ние, на почетокот, можеме да бидеме само слуги на оние со кои Он се поистоветува. Така, на пример, да не се лажеме со некакво христијанство ако ние дома седиме на топло и имаме сè што сакаме да јадеме, додека некој се смрзнува и гладува, и одвај преживува, а ние со прст не мрднуваме за да му помогнеме. Тоа е антихристијанство.

Најотворено ви кажувам што мислам и како верувам: доколку помеѓу две причестувања со Крвта и Телото Христови не сме пронашле и не сме му помогнале некому (на Христос), односно ако конкретно не сострадуваме со страдалниците, воопшто да не пристапуваме за причест. Ова важи за ситни дела на милосрдие. За големи дела има друго правило. Секој од нас може барем со нешто да помогне, оправдување нема. И, битно е, ако може, да не знае никој за помошта. На Страшниот Христов Суд нема да бидеме прашани за ништо друго, освен за она што Богочо-

векот ни го посочува – дали Му помогнавме Нему, во ликот на секој страдалник.

Само ако постапуваме како слуги на оние со кои Христос се поистоветува, само тогаш можеме да си го пронајдеме своето место – како најпоследни од сите, како непотребни слуги (бидејќи не стигнуваме да помогнеме доволно). Само како слуги на оние што страдаат можеме да го стекнеме своето конкретно смирение. А, кога на овој конкретен начин ќе се пронајдеме себеси и своето место во Божјата Промисла, тогаш ќе го добиеме и дарот на покајните солзи, а во Божјите очи ќе заличиме на практични христијани. Не во своите очи.

Вистински христијани се само оние што се гонети заради Богочовекот Христос, а истовремено и ги љубат своите непријатели; кои се барем на вториот степен од духовниот развој – *просветлување на умот*, и се носители на дарот на *умно-срдечната молитва*. Дотогаш да се обидеме барем да не си умислуваме дека сме не знам какво свештенство и не знам какви христијани – да не изигруваме нешто што не сме. Затоа што, нема ли барем практично христијанство – нема Причест, нема ништо. Затоа што: *Доколку не сте му го направиле тоа на еден од овие најмали браќа, и Мене не сте Ми го направиле* (Матеј 25, 45). Ако сакате да се лажеме, јас не сакам. Толку.

Пресвета Богородице, спаси нè нас, умислените и изгубените!

## ПОТСЕТНИК
## ЗА БОГОЈАВЛЕНИЕ

Прво, Богочовекот Христос е Оној што осветува и Нему не Му треба никакво осветување или крштевање, а сè што прави, прави заради наше спасение[1].

Затоа, Он се крсти од свети Јован во водите на реката Јордан, а на самиот Јован Крстител и на сите нас ни овозможи да се крстиме со вода и со Свет Дух. Он се крсти во водата, а водата и сè создадено ги благослови, та повторно станаа погоден материјал за совршување на Светите Тајни. Заради Него се отворија небесата, а на нашето срце му се овозможи да стане влез и седиште на Царството Небесно. Гласот на Отецот од небесата за Него сведочи: *Тој е Мојот возљубен Син и на Него е Мојата милост* (Матеј 3, 17), а на сите нас восиновување ни благовести. Да, Бог се јави како Света Троица, а луѓето, возглавени од вистинскиот Човек – Богочовекот Христос, се јавија како Црква на Светиот Дух: *Сите едно да бидат, како Ти, Оче, што си во Мене и Јас во Тебе; и тие во Нас едно да бидат, светот да поверува дека Ти си Ме пратил* (Јован 17, 21).

Второ, што точно значат зборовите на свети Јован Крстител?

---

[1] Види: Матеј 3, 13–17.

*На другиот ден, Го виде Јован Исус како доаѓа при него и рече: „Еве го Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе“.* (Да, човек не може да спаси човек, туку Богочовекот Христос го спасува паднатиот човек.)

*Овој е, за Кого што реков: „По мене иде Човек, Кој пред мене беше, оти постоеше порано од мене“.* (За Кого ви реков дека кон Него ве водам – не кон себе, зашто од Него на дар ве примив и кон Него повторно ве принесувам.)

*Јас не Го познавав, но дојдов да крштевам со вода, за да биде Он објавен на Израилот.* (Вие не Го познавате, но секој што во послушание ќе го очисти своето срце од страстите, ќе Го познае и ќе Го сведочи во Новиот Израил – Црквата.)

*И сведочеше Јован, велејќи: „Го видов Духот да слегува од небото како гулаб и застана над Него. Јас не Го познавав, но Оној што ме прати да крштевам со вода* [Оној што прв ме возљуби[2] и позна, и Кој ми даде вонредна благодат на преобразување] *ми рече: ’Врз Кого видиш да слегува Духот и да застанува над Него, Тој е Кој ќе крштева со Дух Свет‘“.* (Јас ви го покажувам патот што го поминав: лично ваш е подвигот на очистување, но лично Негов е двоедниот дар на отворање на срцето и аскетската умно-срдечна молитва; лично ваш е подвигот во оваа молитва, а лично Негов е двоедниот дар на просветлување на умот и на духовно воспитание и образование на другите.)

[2] Види: 1 Јов. 4, 10.

*И јас видов и засведочив дека е Овој Син Божји* (Јован 1, 29–34).

И трето, на Богојавление за првпат доаѓа до израз Тајната на царското, новозаветно и есхатолошко свештенство во ликот и делото на свети Јован Крстител. Свети Јован Крстител не е носител на официјалното и институционално свештенство, тој е објавител на тајната на новозаветното, царско и есхатолошко свештенство, а крај на старозаветното: *Јас треба од Тебе да бидам крстен, а Ти при мене ли доаѓаш?* (Матеј 3, 14). Зборови што значат токму ова: „И удостој ме, преку мене – недостојниот и грешен Твој слуга, да Ти бидат принесени овие Дарови [внимавајте!], зашто Ти си Тој Кој принесува и се принесува, Кој прима и Кој се раздава, Христе Боже наш...“[3]

Во суштина, Бог секоја Тајна во Домостројот на нашето Спасение ја восовршува само преку оние кои се удостоиле да бидат носители на новозаветното, царско (внатрешно) и есхатолошко свештенство. Достигнувањето на вториот степен од духовниот развој – *просветлувањето на умот*, е внатрешно духовно покритие на Светата Тајна Свештенство, но е и личен дар за нас во Црквата, дар на новозаветното царско свештенство, кој ќе нѐ краси и во Царството Небесно.

Пресвета Богородице, преку Која секој Божји дар го добиваме, спаси нѐ!

---

[3] *Божествена Литургија на свети Јован Златоуст*, извадок од молитвата што ја чита свештеникот за време на Херувимската песна.

# ДОЛЖНОСТИТЕ НА МОНАСИТЕ

Ви имам нагласено и другпат дека не можеме ние, т.н. христијани, само да чекаме некој да ни побара помош, па дури тогаш да размислуваме како и дали сакаме да му помогнеме, туку должни сме самите да ги побараме луѓето што страдаат и да им помогнеме! Немилосрдноста и непружањето конкретна помош е антихристијанство, антисведоштво. За превенција на оваа појава најодговорни се епископите на Црквата.

Не можеме да се правиме глуви и слепи, и да не помагаме, кога Богочовекот Христос со Свои зборови точно ни има кажано во Евангелието каде да Го најдеме: *Гладен бев, и Ми дадовте да јадам; жеден бев, и Ме напоивте; странец бев, и Ме примивте; необлечен бев, и Ме облековте; болен бев, и Ме посетивте; во затвор бев, и дојдовте при Мене.* (...) *Вистина ви велам: доколку сте му го направиле тоа на еден од тие Мои најмали браќа, Мене сте Ми го направиле* (Матеј 25, 35–36; 40). Живееш во светот и велиш дека вистински Го бараш Христос – ете каде Е!

Најотворено ви кажав, и пред две недели, што мислам и како верувам: доколку помеѓу две причестувања со Крвта и Телото Христови не сме пронашле и доколку конкретно не сме им помогнале на

страдалниците со кои Христос се поистоветува, воопшто да не пристапуваме за причест[1]. Ова важи за секој православен христијанин, без оглед на обврските и позицијата што ја има во Црквата (епископ, презвитер итн.). На Страшниот Христов Суд нема да бидеме прашани за ништо друго, освен за она што Богочовекот ни го посочува – дали Му помогнавме Нему, во ликот на секој страдалник.

Оваа Божја заповед се должни да ја исполнуваат и монасите, но во зависност од степенот на духовниот раст на кој се наоѓаат.

Општожителните монаси, за кои е карактеристичен првиот степен од духовниот развој – *очистување на срцето од страстите*, и чија молитва е само усна (наглас или со шепот) или умствена (во себе), должни се најпрво да го бараат местото на срцето, за откако некогаш го најдат, таму да Го нахранат, напојат, облечат, примат и да Го посетат Богочовекот Христос – Кој таму се наоѓа преку благодатта на Крштението; во меѓувреме, треба да им помогнат, во рамките на своите можности, на сите оние што духовно и телесно страдаат.

Општожителните манастири тоа го прават со организирање богослужби, со прием на гости, манастирски трпези, поучни четива на нивните фејсбук и веб-страници, со љубовно однесување, исповед, со благослов за Причест и организирање други активности, како и јавни повици, за помош на оние што страдаат.

Скитските монаси (мали, доста затворени за-

---

[1] Види: стр. 31.

едници), за кои е карактеристичен вториот степен од духовниот развој – *просветлувањето на умот* преку аскетската умно-срдечна молитва, должни се, главно, молитвено да се грижат за Богочовекот Христос во своето срце, и тоа по повеќе часови дневно. Тие се молат во своето срце и за сите луѓе (без оглед на нивната верска или национална припадност), со тоа што своето здравје и својот живот Му ги нудат на Бог за утеха и спасение на сите што страдаат.

Што да кажеме за еремитите (пустиножителите – по начин на живот, не толку по место на живеење), кои се на третиот степен од духовниот развој – *обожение*, со непрестајна умно-срдечна молитва, кои исто така, достигнуваат и до грабнување на умот и гледање на несоздадената светлина? Единствено поради нив сѐ уште постои овој свет и Црквата во него – и поради никој друг.

Пресвета Богородице, спаси нѐ нас, кои мислиме дека нешто правиме!

## ЦЕЛО И ДЕЛ

Ајде да се потсетиме на еден наш текст од 17 септември 2016 година[1], кој секогаш ќе биде актуелен, за да продолжиме со истата тема, следниот пат, и малку поконкретно – духовно.

Знаеме дека основна тактика на ѓаволот и на сите демони е тактиката – злобно раздели, па владеј – познатото: divide et impera[2]. Природното однесување на Богочовекот Исус Христос е – љубовно обедини и служи. Така се однесува Црквата и така се однесуваат Христовите ученици. Препознатливи примери, и меѓу нас, за првото има. Примери за второто – ретки. Тесен е патот.

Како демонот ја постигнува својата разорувачка цел? Демонот го користи нашиот личен внатрешен расцеп, нашата нецеловитост, нашата неисцеленост, односно расцепот меѓу примарната функција на нашиот непросветлен ум и неговата секундарна функција – прехранетиот разум, и преку овој внатрешен умен расцеп успева еден дел од целото да ни го прикаже како цело, а целото да направи да го

[1] Митрополит Струмички Наум, „Обедини и служи (Цело и дел)", *Нови личносни односи*, Библиотека Воведение, Велјуса, 2016, стр. 224–226.

[2] *Лат.* Раздели и владеј.

превидиме. И, нормално, превидот е во согласност со нашите страсти.

Овој и ваков расцеп на двете функции на нашиот ум, во својата почетна фаза се нарекува прелест, односно лажна состојба на умот, а во својата завршна фаза – откако помислите што од него произлегуваат ќе ги прифатиме во срцето, се нарекува илузија. Тешко на човекот што живее во прелест или илузија, тој нема внатрешен мир.

На пример, кога за некој човек донесуваме осудувачки заклучок, само врз основа на еден негов збор, или поглед, или најмал гест, или дело, или наше внатрешно непријатно чувство кон него или помисла, тогаш демонот успеал од еден негов неконстантен или имагинарен дел да произведе во нас константен целовит заклучок, суд, односно слика, што е секако прелест или илузија за конкретниот човек. Најчесто оваа илузија е проекција – сè што некој самиот го прави, обвинува друг дека го прави истото. Оваа прелест или илузија потоа го одредува целиот наш душевен пад и конечно го попречува нашиот премин од противприроден (религиозна невроза, растројство) во природен начин на живот.

Исто е и со Светото Предание. Се иззема дел од целината на Преданието и од него се прави цело, т.е. теоретска или ерес во пракса, па макар тој дел, извaден од целиот контекст, да се нарекува типик, или правило, или соборност, или Евхаристија, или аскеза, или Спасител, или што било друго најсвето. Цело е Црквата, како Богочовечки организам, како Тело Христово – чија Глава е Господ Исус Христос, ама онаква како што се живее и спознава преку исцеле-

ниот, т.е. просветлен ум, а не преку прехранетиот – со теоретски знаења, невротичен разум.

Истата тактика демонот ја користи во која било област од нашиот живот, посебно откако претходно ја одделил истата од целото – Црквата како Тело Христово: економската, здравствената, спортската, општествено-политичката, образовната, културната, научната итн. На пример, од целината на која било област го издвојува само делот профит и преку него нѐ принудува сите да ја живееме целата област. На тој начин која било од овие области почнува да функционира на наша штета. Да не наведувам конкретни примери, доволно сме паметни.

Уште еден актуелен и очебиен пример е дејствувањето на политичките партии. Самото име *партија* произлегува од латинскиот збор pars, partis, што значи дел, а не цело. Секоја партија тежнее да стане цело. Останатите партии се борат против таквата тенденција и на крајот сите како цело се губитници. Треба пример? А некои од нас, иако се мислат христијани, уште и острастено учествуваат во сето тоа, наместо да го вршат делото на Црквата – да ги исцелуваат поделбите. Затоа и кога се причестувате – не се причестувате, оти Христос е сѐ, Христос е цело, а не дел.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, исцели нѐ и спаси нѐ!

# ЛАГА

Во минатата беседа говоревме како демонот го користи нашиот личен внатрешен расцеп, нашата нецеловитост, нашата неисцеленост, односно го користи расцепот меѓу примарната функција на нашиот непросветлен ум и неговата секундарна функција – прехранетиот разум, и преку овој внатрешен умен расцеп успева кој било дел од целината на нашиот живот да ни го прикаже како целина, а истовремено успева да направи целината да ја превидиме. И, нормално, превидот е секогаш во согласност со нашите страсти.

Со други зборови, користејќи ја нашата внатрешна гревовна умствена поделба и расцепеност, демонот успева да направи и надворешните работи да ги гледаме поделени и спротивставени, да заземаме страна и да дејствуваме во насока на уште поголеми поделби и оддалечувања во секоја област од нашиот живот, како и, најстрашно, успева да направи поделби и меѓу нас самите. Минатиот пат посебно ги споменавме поделбите во Црквата и црковното учење, и поделбата на луѓето преку политичките партии.

Не велиме дека не постојат различности; напротив, постојат и тие ја прават убавината на целината на нашиот живот. Но, демонот, преку расцепениот ум,

различностите ни ги претставува како поделби, а поделбите ни ги претставува како закана, која предизвикува страв, а потоа и параноја. Различниот, по која било основа, не е дел од нас, тој е закана за нас, и затоа против него треба да преземеме и соодветни мерки на превенција. Ваквото демонско размислување и постапување е изворот на сите проблеми.

Но, што не знаат луѓето, а за чудо, забораваат и т.н. христијани, кои постапуваат на погоренаведениот начин? Ги забораваат Христовите зборови: *Вашиот татко е ѓаволот; и вие сакате да ги исполнувате желбите на својот татко; тој е човекоубиец од почетокот и не стои во вистината, зашто во него нема вистина. Кога зборува лага, говори од себе, зашто е лажец и татко на лагата* (Јован 8, 44). Лагата е отсуство на Благодатта Божја и темнина во умот, додека вистината е присуство на Благодатта Божја и просветленост на умот.

Како што видовме, поделбите и непријателствата се дело на нашата умствена поделба и расцепеност, и на дејствувањето на демонот внатре во нас, кој е татко на лагата и човекоубиец од почетокот. Со други зборови, поделбите и непријателствата се лага, и кој се наоѓа во оваа состојба, излажан е од демонот и е негов слуга, а истовремено, свесно или несвесно, и Божји непријател. Затоа и реков: „А некои од нас, иако се мислат христијани, уште и острастено учествуваат во поделбите наместо да го вршат делото на Црквата – да ги исцелуваат поделбите. Затоа, и кога мислат дека се причестуваат – не се причестуваат, оти Христос е сè, Христос е целина, а не дел“.

Дали забележувате дека севкупниот модел на

модерниот начин на живот успева да нè подели меѓусебно и да нè држи во некаква навивачка состојба, па дури и да нè прави меѓусебни непријатели врз основа на таа поделеност и навивачка состојба во којашто се наоѓаме – дури и за најситните работи од нашиот живот (да не ги наведувам). Луѓето се подготвени да се повредат со мисла, збор или на дело само затоа што навиваат за различни спортски клубови, а да не зборуваме за поделбите и навивањето кога се во прашање поголеми лични интереси – поделба и интерес какви што, на пример, станаа политичките партии.

Кога еден човек ја прифаќа демонската лага наместо вистината, тој го прифаќа почетокот на својата смрт – духовна и физичка. Исто и еден народ. Таму каде што настапуваат лагата и поделбата, полека, но сигурно, отстапува и благодатта Божја, отстапуваат вистината и вистинската вера, отстапуваат љубовта и надежта, храброста, отстапува светлината и настапува темнината. Тогаш луѓето се губат самите себе, го губат својот пород, го губат своето семејство и на крајот ја губат и својата земја на којашто живеат. И зошто? Поради една ситна лага, која ја прифатиле како вистина, а која преку соодветна лична суета и интерес прераснала во голема лага.

Пресвета Богородице, просветли ја нашата темнина и спаси нè!

## РАЗЛИЧНОСТИ

Во минатата беседа рековме дека постојат различности и дека тие ја прават убавината на целината на нашиот живот. Но, демонот, преку нашиот подвоен ум, различностите ни ги претставува како поделби, а поделбите ни ги претставува како закана од која прво предизвикува страв, а потоа и параноја внатре во нас. Различниот, по која било основа, не е дел од нас, тој е закана за нас, и затоа против него треба да преземеме и соодветни мерки на превенција. Ваквото демонско размислување и постапување е изворот на сите проблеми. Да го видиме тоа во неколку примери.

На пример, начинот на организирање на монашкиот живот. Светите Отци на Црквата, според квалитетот на молитвата, разликуваат три начина на организирање на монашкиот живот: таму каде што преовладуваат (каде што се карактеристични) умната и усната молитва, монасите се организирани во поголеми заедници – општожитија; таму каде што преовладува аскетската умно-срдечна молитва, монасите живеат во мали, затворени заедници, сочинети од неколку монаси, коишто се нарекуваат скитови; и оние монаси што го имаат дарот на непрестајната умно-срдечна молитва гледаат да живеат скриени и осамени (пустиножители, еремити).

Ова се само различности во организирањето на монашкиот живот согласно квалитетот на молитвата, но тие се богатство, убавина и неопходност на црковниот монашки живот, а не спротивставени поделби. Зашто, како прво: не е возможен никаков монашки духовен развој без општожителниот манастир – никој веднаш не станува пустиножител (иако имало и многу, многу ретки исклучоци); второ: не значи дека и во општожителниот манастир не живеат монаси со дарот на аскетската умно-срдечна молитва, или дури и со непрестајна – рековме, таа молитва е начин на живот, а не место; и трето: организирањето на монашкиот живот во многу зависи и од потребите на самата Црква – не значи и дека секоја малобројна заедница е скит.

Друг пример е начинот на организирање на црковниот живот согласно светите Канони (Правила) на Црквата и согласно нејзините пастирски потреби. Црквите се организираат (или би требало) согласно државните граници и различните пастирски потреби, или пастирски приод кон одредено население внатре во тие државни граници. Ова се само различности во организирањето на црковниот живот согласно Правилата и пастирските потреби на Црквата, но тие се богатство, убавина и неопходност на црковниот живот, а не спротивставени поделби и непријателства. Сите ние, навидум административно одвоени во различни Помесни Цркви, сепак, веруваме во Една, Света, Соборна и Апостолска Црква, и во никакви други цркви.

Трет пример што го спомнавме е организирањето на демократското општество преку повеќепартискиот систем. Поддршката на партиите и нивните

идеи и програми за поквалитетен живот треба да е само обична и слободна различност на мислења, а не суштинска поделба и непријателство меѓу граѓаните на една држава – како што гледаме дека тоа кај нас се случува. Ако на ова го додадеме и учеството на црковни лица во поттикнувањето на партиските поделби, тогаш – во нивниот случај, говориме за антихристијанско дејствување.

Но, како настануваат овие трагични поделби и непријателства?

Одговорот веќе неколкупати го повторуваме и потенцираме: поради нашата отпаднатост од Бог, демонот ја искористува нашата неисцеленост, нашиот личен внатрешен расцеп, односно го злоупотребува расцепот помеѓу примарната функција на нашиот непросветлен ум и неговата секундарна функција – прехранетиот разум, и преку овој внатрешен умен расцеп успева кој било дел од целината на нашиот живот да ни го прикаже како целина и емотивно да нè приврзе кон него, а истовремено успева да направи целината да ја превидиме и воопшто да не нè интересира за неа – без оглед на тоа дали таа целина се нарекува монаштво, Црква или држава. И, нормално, превидот е секогаш во согласност со нашите страсти – за славољубие, за среброљубие и за сластољубие.

Пресвета Богородице, исцели нè и спаси нè!

# ЦРКВАТА Е ДОЛЖНА ДА ИМА МИСЛЕЊЕ ЗА СЀ ШТО Е ПОВРЗАНО СО ЗЕМЈАТА И НАРОДОТ?

Прашањето е: која црква, која земја и кој народ?

Прво, која црква? Дали се мисли на локалната епископална Црква? Ако одговорот е да, тогаш да се потсетиме дека повеќето епископи, и покрај својата добра волја, бидејќи не воделе правилен духовен живот и затоа немаат внатрешно духовно покритие за чинот што го носат – не се обожени, туку напротив – повеќето од нив не се ни на првиот степен од духовниот раст и затоа пребиваат во религиозна невроза, некои и во религиозна социопатија, а токму таквите, авторитарно го изразуваат „мислењето“ на локалната Црква. Какво мислење може да имаат таквите епископи, било да настапуваат самостојно, било како синод на една помесна национална црква? Никакво. Некакво острастено мислење, мислење кое се совпаѓа со нивните страсти за славољубие, среброљубие и сластољубие, мислење кое произлегува само од тело и запалена крв, а не од Светиот Дух Господ. Мислење, кое најчесто не е согласно со Евангелието на Богочовекот Исус Христос. Ќе видиме подолу.

Во принцип, го исклучуваме мислењето на ло-

калниот епископ (секоја чест на ретките исклучоци – коишто се еден на илјада), во потполност го исклучуваме мислењето на помесните таканаречени национални цркви – тука ретките исклучоци (во своите синоди) не доаѓаат до израз или ги нема, а за новите состојби немаме мислење од Едната, Света, Соборна и Апостолска Црква, односно од Свет Вселенски Собор, бидејќи таков се нема одржано. Можеме да се повикаме, по аналогија на некои слични ситуации со денешните, на веќе постоечки одлуки донесени од претходните Вселенски Собори. Заклучокот е дека може да имаме правилно мислење единствено од свети луѓе, без оглед на нивниот чин, но не и на црква, во институционална и национална смисла на зборот. Добро гледаме со што се занимаваат денешните национални цркви: исклучиво со национализам, политика и пари.

Второ, која земја и кој народ? Најверојатно се мисли на земјата над којашто таканаречената национална црква има јурисдикција и на православниот народ што на тој простор живее. Но, гледаме дека кај сите национални цркви, главно, отсуствува соборната и пастирска свест за секој еден човек – без оглед на неговата расна, национална и верска припадност, кој живее во и вон рамките на нивната јурисдикција, а најмногу доаѓа до израз само националната свест, видлива преку одлуките што ги донесуваат и соопштенијата што до јавноста се испраќаат. Ова е најбрз начин да се изгуби благодатта Божја. Оттука произлегуваат и нивните промашени мисии и нивните празни храмови. На што навистина изгледаат денешните национални цркви? На група клиронационалисти

и популисти, кои гледаат да му удоволат на мислењето на номиналните христијани, кои ретко стапнуваат во црква, а не и на 0,5% до 1% вистинските христијани (од севкупниот број православно население), кои во црква се причестуваат секоја недела и секој празник, и кои во црква одат заради Бог, а не заради таквиот клир. Цркви, кои на крај, од истите причини се конфронтираат и се во суштински раскол меѓу себе. Не ви заличуваат победно и од политичките партии?

Потполно се заборавaaт евангелските пораки, заповеди и идеали – дека нема веќе ни Јудејци, ни Елини, ни Македонци, ни Бугари, ни Срби, ни Албанци, ни Грци; *зашто сите вие сте едно во Христос Исус*[1], дека нашето Царство не е од овој свет – *Исус одговори: „Моето царство не е од овој свет; ако беше царството Мое од овој свет, тогаш Моите слуги би Ме бранеле“*[2], и дека непријателот треба да се љуби[3]. Повеќе за оваа тема видете ја мојата беседа: „Зарем ова не е чудно?“[4] Тоа се тие валкани слоеви што треба да ги очистиме од срцето: национализмот, приврзаноста кон овоземното царство и омразата кон непријателите. Христијаните не се поклонуваат на идоли, туку на единствениот вистински Бог во Троица. Не можеш да се нарекуваш православен христијанин, а да размислуваш и да дејствуваш еретички.

А во глобалниот театар на илузијата, во кој

---

[1] Гал. 3, 28.
[2] Види: Јован 17, 14; 18, 36.
[3] Види: Матеј 5, 44.
[4] Види: Митрополит Струмички Наум, *Премин од душевност во духовност*, Библиотека Воведение, Велјуса, 2015, стр. 183–187.

живееме, многу страни немаме: или ќе бидеме со Христос или со другата страна (со овој свет), во којашто, патем речено, разликуваме две еднакво опасни групи – онаа фарисејската, што Го предаде на чело со Јуда, и онаа што Го осуди и распна. Нашата (христијанска) заблуда е што барајќи ја сигурноста во овој свет, најчесто се определуваме за онаа група од втората опција, маскираната во побожен лик, којашто всушност, Го предаде; затоа што сме потполно исти како нив. Атеистите најчесто за другата – којашто Го осуди и распна. На која од овие две световни страни и да сме, со Христос не сме – да не се лажеме себеси! Бидете мудри како змии[5]; значи, изложете го целото тело на удар освен главата, односно чувајте си ја верата и не влегувајте во световните шеми (партиски, национални, глобални) – каде што автоматски ја губите. Да не треба да ви објаснувам и што значи незлоблив како гулаб? Така победило и се ширело христијанството во првите три века, затоа што никому не враќало со зло за зло. Кој има уши да чуе – нека чуе![6]

Заклучок: националните цркви треба да си ги пружат нозете колку што им е долга чергичката. Тие нема што да кажуваат свое мислење за политичките случувања ако со тоа дополнително го делат и така партиски поделениот народ и го одбиваат од себе, или ако ги влошуваат кревките меѓуетнички односи, туку тие мора да му се посветат на своето духовно возобновување, промашената мисија и единството на

[5] Види: Матеј 10, 16.
[6] Види: Матеј 25, 30.

сите. Јас сум противник на тезата дека Епископите на Црквата нема што да се мешаат во политиката, но само под услов тие да имаат внатрешно духовно покритие и авторитет за тоа, како и правилен пристап, а најчесто го немаат. Но, затоа, светите луѓе – без оглед на чинот, и тоа како се мешаат во политиката и во севкупните општествени случувања, пред сѐ, со своите молитви, а ако ги повикаат, и во реалниот живот на тајните политички договори. Дури и од самиот однос кон нив сѐ им зависи на останатите – и живот и смрт. Секако, нивното огромно влијание е невидливо за слепите очи на широката јавност, но секогаш, на крај, бива по нивно.

Пресвета Богородице, спаси нѐ!

## ЗА ЕПИСКОПИТЕ

*А кога се врати, ги најде пак како спијат,*
*оти очите им беа натежнале;*
*и не знаеја што да Му одговорат.*
(Марко 14, 40)

Светите Отци забележале три нивоа или стадиуми, или степени на духовниот развој, предавајќи ни ги како свој духовен опит: *чистење на срцето од страстите*, *просветлување на умот* и *обожение* (боговподобување).

Светите Отци, степените на духовниот развој ги одредуваат според видот на молитвата. Оние коишто се молат само со уста и со разум се на првиот степен – *очистување на срцето*, оние на коишто им е откриено местото на духовното срце и аскетски се молат со умот внатре во него се на вториот степен – *просветлување на умот*. Обожените ја имаат непрестајната (благодатна) умно-срдечна молитва.

Но, ова учење за трите степени на духовниот развој го среќаваме и на друг начин објаснето. Овојпат, на пример, ќе видиме како Отците го поврзуваат со трите степени на свештеничкиот чин. Обрнете внимание и на терминологијата што ја користат при нивното објаснување, која е истата како и при об-

јаснувањето на степените на духовниот развој.

Свети Максим Исповедник ги поврзува трите стадиуми на духовниот живот со трите степени на свештенството. Тој пишува: „Делото на ѓаконот го извршува оној којшто го вежба својот ум за свештени подвизи и ги изгонува од себе страсните помисли [*чистење на срцето од страстите*], а делото на презвитерот – оној којшто го просветлува својот ум во познание на создадените битија и со тоа го уништува лажно нареченото знаење [*просветлување на умот*]; додека, пак, делото на епископот го има оној којшто го восовршува својот ум со светиот мир на познанието на обожуваната и Пресвета Троица [*обожение*]“[1].

И свети Дионисиј Ареопагит го вели истото: „Епископите во потполност ја поседуваат моќта на просветлувањето. (...) Нивната задача не е само да просветлуваат, туку и да восовршуваат [бидејќи обожени – обожуваат]. Презвитерите се просветлени и просветлуваат [бидејќи просветлени – просветлуваат], додека ѓаконите очистуваат и знаат да расудуваат“[2].

Што се случува со нас, денешните епископи на Православната Црква?

Ние, денешните епископи – во добар дел, не ни обрнуваме внимание на епископскиот идеал што од нас го бара Богочовекот Христос во Светото Евангелие, ниту на прецизниот опис на истиот идеал што Светите Отци на Црквата ни го предале во наследство од свој личен опит. Со други зборови, ние го

---

[1] Свети Максим Исповедник, *400 глава о љубави*, Призрен, 1992, 2 стотица 21, стр. 77.
[2] Dionysius Areopagita, *De Coelesti Hierarchia,* 2.

немаме тоа внатрешно духовно покритие – *обожение*, за епископскиот чин што го носиме. Може слободно да си признаеме дека дури мнозина од нас не се ниту на првиот степен од духовниот раст – *очистување на срцето од страстите*, туку пребиваат во религиозна невроза, а некои пребиваат дури и во религиозна социопатија – се обидуваат да направат големи штети во единството на Црквата, како и во чистотата на Православната вера.

Најотворено да си кажеме – ние, речиси сите, поради немање внатрешно духовно покритие за нашиот епископски чин, Го предадовме Богочовекот Исус Христос, исто како што и Јуда, Петар и останатите Апостоли Го предадоа и се откажаа од Него, а некои од нас и Го прогонуваат. Сите, освен светиот Апостол Јован – значи, секоја чест на исклучоците! Затоа, неколкупати досега ви имам напоменувано: тешко нам ако Преданието на духовниот живот во Православната Црква зависеше само од светоста на свештенството, а посебно на високото – Апокалипсата ќе беше одамна завршена.

Што ни преостанува, сега?

Имаме два примера: првиот, на светиот Апостол Петар и на останатите Апостоли, коишто сите се покајаа за предавството и маченички пострадаа за Христос; и вториот, на Јуда, кој во очајание се обеси. Вториот пример ќе го отфрлиме како неподобен, иако во Евангелието пишува: *А кој соблазни едно од овие мали, за него е поарно да му се обеси воденички камен на вратот и да потоне во морска длабочина* (Матеј 18, 6). Што конкретно би требало да значи првиот пример за нас, денес?

Како прво, треба да ја освестиме бедната состојба во којашто се наоѓаме и да се однесуваме смирено пред верниот народ – и така не сме му никаков пример. Како второ, отсега па натаму, смирено и правилно да си го одработиме тоа што ни останува – најмногу до моментот кога и сите останати одат во пензија; а што порано, толку подобро за нас. И трето, да не дозволиме смртта да нѐ затекне како грчевито се држиме за епископскиот престол, туку, откако ќе оставиме достоен наследник на помесната Црква што ја возглавуваме, да си најдеме некое мирно место каде што во молитва и во покајание ќе го поминеме остатокот од нашиот живот. Ако случајно за време на нашето епископствување се случи отворен прогон на Црквата, само тогаш треба да останеме на своето место, под услов да сме подготвени да претрпиме маченииштво – ова, последново, чисто теоретски.

Бидејќи често ги поучуваме другите околу тоа што е лага, а што вистина, сметав дека денес, на Прочка, правилно е да напишеме еден потсетник и за самите себе – соодветен и на духот на самата Света Литургија, како и да поставиме здрави основи за нов почеток во нашиот живот и подвиг. Да заокружиме, накратко: нашиот главен грев е лажното претставување, кое пак, со себе носи и недоволно, млако или лажно сведоштво. За ова ве молам сите да ми простите и ви благодарам што со љубов ме трпите.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, помилуј нѐ!

# НЕДЕЛА НА ПРАВОСЛАВИЕТО

Во оваа недела[1] ја празнуваме победата на вистината над лагата, на вистинската вера над лажната – *веќе и уште не*. Зошто *веќе и уште не*? Затоа што Богочовекот Христос ја извојува таа победа за нас, и доколку живееме во Него, во Црквата, ние сме учесници во таа победа, но бидејќи далеку сме од тоа да бидеме совршени, сè уште се бориме Христовата победа нам дарувана – докрај да ја прифатиме и со умот, и со разумот, и на дело.

На овој тесен пат имаме многу демонски препреки, што треба да ги надминеме. Најлесниот пат се смирението и послушанието, но и нив ги немаме доволно за да ни се отвори срцето и вистината да се пројави од него како просветлување – сепак, тоа не ми е денешната тема. Денес сакам да посочам една друга голема заблуда, во која повеќето се наоѓаме. Во што се состои таа заблуда?

Некои од нас мислат дека одлично или барем доволно ја познаваат својата православна вера, а со тоа и вистината, и тоа е во ред, но заборавяме дека многу мали и големи световни невистини или лаги

[1] Првата недела од Великиот пост.

прифаќаме преку најблиската околина, образованието, медиумите, најразличните приврзаности, животните навики и на многу други начини, кои ја гушат вистината во нас и значително нè одвојуваат од неа. Формална е поделбата на световни и теолошки вистини или лаги. Вистина е вистина, лага е лага.

Со наједноставни зборови, многу информации што слободно и доброволно со нашиот непросветлен разум ги прифаќаме, главно однадвор, се лага. Тие информации ги прифаќаме и потсвесно, не само свесно, но бидејќи се лага и доаѓаат од таткото на лагата, ние постепено – со нивното прифаќање, се одрекуваме и ја одбиваме вистината од нас.

А таткото на лагата е и човекоубиец од почетокот[2]. Тој, ѓаволот, од почетокот се обиде да нè убие преку лагата. Истото се обидува да го направи и сега; и тоа многу суптилно – со еден нов модел на живот, образование и информирање.

Кога говориме дека се одрекуваме и ја одбиваме вистината од нас, ние всушност, се одрекуваме од Божјата благодат и од заедницата со нашиот Небесен Отец, во Богочовекот Христос, преку Светиот Дух – Дух на вистината.

Лажните информации најчесто ги добиваме од профитоцентричната наука. Многу лажни или погрешно толкувани информации сме попримиле од прехранбената индустрија, медицината, фармацијата, астрономијата, физиката, историјата, географијата, геополитиката, политиката итн. Многу поточни се нивните алтернативни варијанти.

---

[2] Види: Јован 8, 44.

Бидејќи, повеќето од нас, немаме просветлен ум, проследен од дарот на аскетската умно-срдечна молитва, ќе ви дадам еден ориентир на вистината преку кој полесно ќе можеме да ја препознаваме лагата. Доколку една наука го превидува или го поместува човекот, како центар и како глава на сè создадено, а со тоа и воплотениот Син Божји – Богочовекот Исус Христос, знајте дека е слугинка на лагата. Сè мора да се врти околу центарот и да се подредува на Главата, а не обратно.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, спаси нè!

# ЕДНОСТАВНИ СОВЕТИ ЗА УМНО-СРДЕЧНАТА МОЛИТВА

Многупати досега, по повод втората недела од Великиот пост, сум ви говорел за умно-срдечната молитва, пренесувајќи ви го учењето на светиот отец наш Григориј Палама, којшто го познавам како мој личен застапник пред Бог, а со тоа и на Струмичката епархија. Во оваа прилика сакам да нагласам дека посебни застапници на градот Струмица се светите Петнаесет Тивериополски свештеномаченици, а на возобновеното монаштво на МПЦ – ОА е свети Наум Охридски. Заштитничка, пак, на Македонија е Пресвета Богородица. Овојпат ќе прочитаме еден прекрасен текст од свети Никифор Исихаст, исто така познат како „Италијанецот“, преку кој, се надевам, ќе ни стане посфатливо и учењето за молитвата на свети Григориј Палама.

Еве што вели свети Никифор Исихаст: „Ако пак, брате, и по многу труд не успееш да навлезеш во пределот на срцето, како што ти кажав, направи вака, како што ќе ти кажам понатаму, и со Божја помош ќе го најдеш бараното. Ти знаеш дека внатрешното слово на секој човек се наоѓа во неговите гради. Зашто внатре во градите, кога молчат нашите усни, ние разговараме со себе и твориме молитва, и

псалми пееме или друго кажуваме. Така, со внатрешното слово, изгонувајќи од него секаква помисла (затоа што можеш, ако сакаш), кажувај си ја кратката молитва 'Господи Исусе Христе, Сине Божји, помилуј ме!' – и принуди се, наместо каква и да е помисла, само таа секогаш да плаче внатре. Ако продолжиш да го вршиш ваквото дело непопустливо и со сето внимание, со време ќе ти се отвори, преку ова, и влегувањето во срцето, за коешто ти пишував, без секакво сомнение, како што и ние самите од опит сме познале“[1].

Ова е уште еден од оние светоотечки текстови кој не може да помине без многу солзи на покајание и разгорен копнеж по умно-срдечната молитва. Само да гледаме колку што можеме да го задржиме тој копнеж преку континуираното практикување на советите на свети Никифор.

Во напишаното од свети Никифор можеме да подвлечеме неколку битни информации: дека изворот на внатрешното слово е внатре во градите или, поточно, во срцето, дека со тоа внатрешно слово треба аскетски да се принудиме да ја кажуваме кратката молитва: „Господи Исусе Христе, Сине Божји, помилуј ме“, дека треба да отфрлиме секоја друга помисла, дека треба постојаност и дека треба внимание. Каков заклучок може да извадиме од ова боговдахновено слово на светителот? Или што тој сака да нè поучи?

Свети Никифор, заедно со свети Григориј Палама и другите Свети Отци-исихасти нè поучуваат дека во подвигот на молитвата треба да ги вклучиме

[1] *За молитвата*, Табернакул, Скопје, 2001, стр. 57.

сите три сили на душата – и словесниот ум, и желбата, и волјата, од него командувани. Тоа дека и телото дава значаен придонес при молитвата се подразбира. Прво, ја вклучуваме примарната функција на умот и ја насочуваме неговата енергија кон Бог преку кратката молитва изговорена со внатрешното слово; второ, ја исклучуваме секундарната функција на умот – разумот, преку кој умот може да се расее поради дразбите од сетилата и демонските помисли; трето, постојаноста ја остваруваме преку правилно насочената волја; и четврто, вниманието го задржуваме преку правилно насочената желба, копнеж по Бог, но во дух на плач и покајание.

Ако вака човек постапува, најпрво ќе му се појави некакво чувство во околината на срцето; потоа тоа чувство ќе се претвори во топлина на срцето, а штом се појави топлината, таа самата ќе го привлекува нашето внимание кон срцето. Сѐ друго понатаму сум ви опишал во една постара беседа[2]. Она што е најбитно во цитатот на свети Никифор е дека внатрешното слово со коешто ја кажуваме кратката молитва извира од срцето и дека нашето внимание треба да го насочиме кон изворот на внатрешното слово. Што, всушност, се случува во меѓувреме? Престојувајќи во овој подвиг, ние прво ја чистиме и преобразуваме енергијата на умот од сите демонски помисли и лаги, а притоа незабележливо се чисти и преобразува суштината на умот во срцето. Кога, еден

[2] Види: Митрополит Струмички Наум, „Демистификација на умно-срдечната молитва“, *Школа за исихазам: основна*, Библиотека Воведение, Велјуса, 2011, стр. 85–95.

ден, суштината на умот и духовното срце доволно ќе се очистат и преобразат, тогаш самата благодат на Крштението ќе се пројави од срцето и подвижникот самиот ќе го познае местото на срцето, а енергијата на умот со многу мал напор ќе ја задржи во својата суштина и во Бог, затоа што енергијата природно си тежнее кон својата суштина и кон Бог.

Пресвета Богородице, Ти Која прва го пронајде и ни го подари овој сигурен пат до Бог, Ти Самата води нè по него и спаси нè!

# НЕДЕЛА НА СВЕТИ ЈОВАН ЛЕСТВИЧНИК

Што правиме со најлесната и наједноставната работа во манастирскиот живот – умно-срдечната молитва? Само три подвига треба да исполниме за молитвата сама да потече во нашето срце и никој да не може да ни ја сопре потоа. Тие три подвига се: самоодрекувањето, себеосудувањето и седнувањето на последното место.

Суштината на самоодрекувањето е подвигот на послушанието – кога човекот се одрекува од својот прв пад, од падот на својот ум и од сите негови помисли, замисли, идеи, желби, планови итн. Инаку, ќе се случи тоа што го вели свети Василиј Велики: „Кој самиот себе се советува, самиот против себе војува“.

Гледам, сè уште се провлекува една недоумица: треба ли послушанието да е слепо и апсолутно, или треба да е свесно и со расудување? Наједноставно кажано, во послушание се влегува со почетна свесност и расудување (на пример, при избор на духовен отец), а самото послушание се извршува слепо и апсолутно – според силите, смирено. Според силите – смирено, затоа што ќе видиме дека некои послушанија нема да можеме да ги извршиме, дури и никогаш.

Свесноста и расудувањето ни се потребни и

потоа, но само за самопроверка – дали послушанието го извршуваме правилно и дали ни е во согласност со Божјите заповеди и со православната вера. И во овој подвиг се расте постепено – колку повеќе ќе ни се преобрази умот, толку повеќе ќе имаме свесност и расудување за исправноста на нашето послушание. Затоа, послушанието кон Бог е доживотен подвиг и во него се расте доживотно. За да го опфатам сето погоре наведено, последните години го користам терминот *целосрдечно послушание*.

Логиката на послушанието е токму во тоа – да се откажеме од нашата падната логика, т.е. расудување согласно нашите страсти. Вистинското расудување е голем духовен дар; ако го имавме, што ќе ни требаше подвигот на послушание? Постои една демонска замка, во Црквата да влеземе такви какви што сме – без преумување (покајание), односно без послушание; затоа и се случува од обична да преминеме само во религиозна невроза – која лесно се препознава, а не во природен начин на живот. На тој тип луѓе мисли светиот апостол Павле кога вели: *жени, кои секогаш се учат и никогаш не можат да дојдат до познание на вистината* (2 Тим. 3, 7).

Со подвигот на послушанието се добиваат време и сила да се активира примарната функција на умот (молитвата), додека пак, секундарната функција на умот во потполност се активира во извршувањето на Божјата волја, а во Божја слава – токму во тоа се состои преминот од противприроден (религиозна невроза) во природен начин на живот (очистување на срцето од страстите). Подвигот на послушание кон конкретен духовен отец завршува со добивањето на

дарот на умно-срдечната молитва.

Видете до каде оди свети Јован Лествичник при објаснувањето на подвигот на послушанието: „Оној којшто наполно се одрекол од самоволието, дури и во нешта што му изгледаат добри, духовни и богоугодни, стасал на целта уште пред да зачекори“[1]. Ова го потврдува и светиот Старец Јосиф Спилеот, кога вели: „Дури и ако заповедта на Старецот е погрешна, Бог поради послушанието ќе ја претвори во духовна полза. Ако некој е послушен, па дури и заповедта да е лоша, сè ќе излезе на добро само поради послушанието. Нема никакво значење кој е Старецот што ја издава заповедта. Каква полза имаше Јуда од тоа што Старец му беше Самиот Христос? Никаква“[2]. Затоа – *мудроста од овој свет е безумство пред Бог, како што е напишано: „Он ги фаќа мудрите* [оние што за себе мислат дека се мудри] *во нивното лукавство*“ (1 Кор. 3, 19). Нема суштинска разлика во подвигот на послушанието меѓу монасите и оние што живеат во светот.

Самоосудувањето е свесност дека ние сме виновни за сè, свесност за нашата несличност со Богочовекот Христос. До оваа свест стигнува само оној кој секогаш ја бара Правдата Божја. Кога, на пример, при некоја повреда од нашиот ближен, ние ги споредуваме и восогласуваме нашите мисли, чувства и дела со Христовите, само тогаш можеме да видиме колку сме неслични со Него и виновни за сè. Сè друго

---

[1] Свети Јован Лествичник, *Лествица*, Београд, 1963, стр. 33.
[2] Старац Јефрем Катунакијски, *Ученик Крста – подвижник послушања*, Образ светачки, Београд, 2002, стр. 69.

е барање човечка правда, односно враќање со зло на зло и слеп пат. При секој укор или забелешка од ближните одговараме со зборот „прости“, а објаснување за нашата постапка даваме само ако нѐ прашаат.

Остана уште „последното место“ или слуга на сите. *Но, кога ќе бидеш поканет, отиди и седни на последното место, та оној што те поканил, штом дојде, да ти каже: „Пријателе, премести се погоре!“ Тогаш ќе имаш чест од гостите, што седат со тебе. Зашто, секој што се издига, ќе биде понизен; а тој што се понизува, ќе биде издигнат*[3].

Штом човек не седне на „последното место“, тој веќе со самото тоа покажува дека е надвор од Свадбата. И кога доаѓа Оној што го поканил и му рече: *Отстапи го местото на овој!* (Лука 14, 9) – Он со тоа му прави милост – можеби ќе се освести за прелеста (или илузијата) на гордоста во која се наоѓа и ќе се покае. Изборот е негов; и затоа, „последното место“ на кое ќе седне не се знае дали е „последно место“ на Свадбата или е надвор од неа.

Да заокружиме: оној што ќе се придржува до овие три правила, најчесто, веднаш ќе го добие дарот на умно-срдечната молитва. Тоа е дар Богородичен. Затоа, името Богородица „Брзопослушничка“ најмногу Ѝ одговара: тоа име го покажува Нејзиниот однос и кон нас, и кон Бог, тоа име е Нејзиното самоодрекување, тоа име е Нејзиното „последно место“. Царицата на сите е слуга на сите. Затоа е Царица на сите. И за Бог.

Пресвета Богородице, спаси нѐ!

---

[3] Види: Лука 14, 7–11.

# НЕДЕЛА НА
# СВЕТА МАРИЈА ЕГИПЕТСКА

Свети Василиј Велики вели: „Жена не сум познал, а девствен не сум“[1]. Секако, изречените зборови се од смирение и за наша поука, а не дека свети Василиј не бил девствен и со тело и со душа. Дај Боже, да ја имаме неговата недевственост! Но, во Неделата на света Марија Египетска, кога многу добро го знаеме нејзиното чудесно житие, само по себе ни се наметнува едно друго прашање – спротивно на претходното тврдење. Имено, дали е возможно да се каже дека „жена или маж познав, а девствен или девствена сум“? Нормално, никој тоа од смиреноумие за себе не би го изјавил, но како можност, прашањето останува.

Мислам дека ако правилно ги протолкуваме зборовите на свети Василиј Велики, истовремено ќе го добиеме и одговорот на второто прашање.

Што Светите Отци подразбираат под поимот *девс̄твенос̄т*? Очигледно е од самите зборови – „жена не сум познал, а девствен не сум“, дека за нив девственоста е, пред сѐ, духовен поим и духовна сос-

[1] Зборовите: „Καὶ γυναῖκα οὐ γιγνώσκω, καὶ παρθένος οὐκ εἰμί...“ му се припишуваат на свети Василиј Велики.

тојба, а не телесна. Некој подвижник може да рече дека „жена не сум познал“ и автоматски да се смета за телесно девствен, но за Светите Отци таквата девственост не е доволна за некој да се нарече и свет.

Да не должам многу со цитати и објаснувања, девственоста за Светите Отци е, пред сѐ, девственост на умот. Според нив, секое отклонување на умот од Бог е блуд.

Кога веќе ги знаеме степените на духовниот развој по кој треба да растеме и созреваме, а тоа се: *очистување на срцето од страстите*, *просветлување на умот* – со дарот на аскетската умно-срдечна молитва, и *обожението* – со дарот на непрестајната или благодатната умно-срдечна молитва, можеме полесно да одредиме од кој момент започнува девственоста – според Светите Отци, и во кој момент таа се усовршува.

Девственоста почнува со просветлувањето на умот, односно со дарот на аскетската умно-срдечна молитва. Просветлувањето на умот не е само состојба во која благодатта го покажува местото на срцето, а умот кога сака се моли во него и таму суштински се преобразува и просветлува. Просветленоста на умот е севкупна духовна состојба, во која човекот, што и да мисли, што и да говори и што и да дела (па дури и во сон), сето тоа го прави, со дарувано од Бога внимание, да биде во слава Божја.

Овој степен од духовниот развој, не само што е почеток на духовната девственост, туку се возобновува и телесно изгубената девственост. Показател за тоа е слободниот влез на умот пред олтарот на срцето и неговото невидливо свештенодејство таму.

Зошто го спомнувам ова? Зашто, според Светите Отци, умно-срдечната молитва е критериум, како и внатрешно духовно покритие за свештеничкиот чин.

Девственоста, и телесна и духовна, се восовршува со обожението на човекот и со Божјиот дар на непрестајната умно-срдечна молитва. Ако се потсетиме, сега, на житието на света Марија Египетска, во кое ги препознаваме сите елементи на обожението, слободно, во нејзино име, можеме да кажеме (зашто таа никогаш не би го рекла тоа за себе) – „маж сум познала, а девствена сум“. Таа не би го рекла тоа, но ние сме должни да го почитуваме и возгласуваме неискажливиот покајнички подвиг на чедата Божји и да се угледаме на нив.

Пресвета Богородице, по молитвите на Твојата девственичка Марија Египетска, избави нè од секаков блуд и спаси нè!

# БЛАГОВЕСТИ

Само да се потсетиме: сигурно по толку време веќе ви е јасно дека на Онаа Која е почесна од херувимите и безмерно пославна од серафимите не Ѝ требаше од ангел, па макар бил тоа и архангелот Гаврил, да ја дознае вистината за воплотувањето на Синот Божји од Светиот Дух во Неа. Така, тоа што денес архангелот го благовести веќе беше договорено и восогласено помеѓу Бог и Приснодева Марија во Нејзиното срце, пред кој било друг да знае. Денес, во Светата Литургија на Црквата само се остварува, се посведочува и се обзнанува – заради наша поука и заради наше спасение[1].

Слично, но бескрајно посовршено од она на коешто постојано ве потсетувам. Сакате нешто душеполезно во животот да ви се оствари? Земете си благослов од духовниот отец и измолете го претходно во молитва. Но, ако го имате дарот на умно-срдечната молитва, ем ќе знаете што душеполезно да измолите, ем сигурно ќе ви се оствари – прашање е само на време. Бог ги слуша Своите чеда. Наемниците ќе си го добијат само наемот, а робовите ќе се ослободат од стравот. И толку.

[1] Види: Лука 1, 24–38.

Сакам да споделам нешто друго со вас, денес. Забележувам дека некои атеисти и иноверни, од целата Православна вера, свесно, а повеќе и несвесно (читај, демонот преку нив), најчесто го напаѓаат и им пречи токму тој момент – моментот на бессеменото зачнување. Ги напаѓаат можноста за совршенство (обожение) на човекот, создаден според икона и подобие Божјо, и совршената љубов Божја до крајното смирение да стане човек. Дури и тајната на егзистенцијата на Бог во Троица, во три Личности – на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, им е многукратно поблиска отколку бессеменото зачнување на Синот Божји од Светиот Дух и Дева Марија. И размислував, зошто е тоа така?

Простата логика кажува дека ако има Бог, тогаш сè е можно! Зарем не им е доволно да го негираат постоењето на Бог, за сè друго да стане беспредметно за дискусија? Но, како ќе го препознаевме духот на антихристот, ако самиот не се издадеше? *По ова познавајте Го Божјиот Дух, и духот на лагата: секој дух што признава дека Исус Христос дошол во плот, од Бог е. А секој дух што не признава дека во плот дошол Исус Христос, не е од Бог; тоа е духот на антихристот, за кого сте слушале дека иде, па и сега е веќе во светот* (1 Јов. 4, 2–3).

Но, дали само по ова го препознаваме одвратниот дух на антихристот? Не. Воплотувањето на Синот Божји има и свои последици; духот на антихристот го препознаваме и по тоа што ги негира последиците од Воплотувањето. Разликуваме грубо и суптилно негирање на тие последици.

Грубо негирање е кога некој ја негира Црк-

вата – која е Тело Христово, нејзините Свети Тајни, Светата Тајна Свештенство – посебно епископскиот чин, светителите Божји, светите храмови, чесниот Крст Христов, светите икони (овде препознаваме и посуптилни негирања, оправдувани со начинот на којшто верниот народ наводно погрешно ги почитувал иконите – особено ги препознаваме по погрешно одбраното време за напад), светите Догми, светите Канони, светите Вселенски Собори итн.

Суптилното негирање на последиците од Воплотувањето се случува повеќе несвесно, од незнаење, поради непросветленост на умот и под демонско влијание, и е многу поопасно, затоа што потешко се препознава, а тоа се случува кога Едната, Света, Соборна и Апостолска Црква ја делиме на повеќе национални цркви, кога влегуваме во световните шеми на поделба (било глобални, било национални, било партиски), кога не ги чувствуваме сите луѓе како наши ближни, без оглед на нивната расна, национална и верска припадност, и кога не работиме на нивното единство (кога не го љубиме ближниот како жива икона Христова), кога не го разбираме целиот свет како осветен храм Божји, кога не го разбираме секое наше работно место како олтар Божји, кога не го разбираме својот живот како непрестајна Литургија Божја, кога не гледаме на своето тело како Тело Христово и храм Божји (особено кога свештенството им дава предност на други свети предмети при благословувањето, а не на својата рака – која е, сепак, непосредно Тело Христово), кога духовниците ги насочуваат своите духовни чеда кон себе, а не кон својот епископ и кон Богочовекот Христос, кога епископот

ги насочува верните кон себе, а не кон Бог, кога не го восогласуваме начинот на нашиот живот со душевната или духовната состојба во која се наоѓаме, кога го релативизираме послушанието, кога го негираме посебното позитивно дејство на Исусовата молитва, кога враќаме со зло за зло итн.

Посебно би го нагласил несфаќањето и негирањето на новите личносни односи, кои се воспоставуваат после Воплотувањето на Синот Божји – на пример, Богочовекот Христос не е само Син Божји, туку е и Син на Пресвета Богородица и Секогашдева Марија, со сите последици што од тоа за Него произлегуваат, а една од нив е послушанието кон Својата Мајка.

Пресвета Богородице, спаси нè!

## ЦВЕТНИЦИ

Историјата на овој свет заврши со Распнувањето на Богочовекот Христос и доаѓањето на Царството Небесно. Овој свет Го отфрли Богочовекот Христос и самиот себе се осуди на пропаст, а историјата само монотоно се повторува: од едните Христос е повторно и повторно предаван, од другите е повторно и повторно распнуван, а во третите е повторно и повторно предаван и распнуван. Предавниците се секогаш фарисејското свештенство, распнувачите и убијците се секогаш световната држава, а Богочовекот Христос се Неговите верни (Црквата), кои правилно растат по степените на духовниот развој. Нема ништо ново во овој свет.

Затоа и постојано ви повторувам: во глобалниот театар на илузијата во којшто живееме многу страни немаме, или ќе бидеме со Христос или со другата страна – световната, во која, патем речено, разликуваме две еднакво опасни групи – онаа, свештеничко-фарисејската, којашто Го предаде на чело со Јуда, и онаа којашто Го осуди и распна. Нашата заблуда е што барајќи ја сигурноста во овој свет и „овоземното царство“, најчесто се определуваме за онаа група од првата опција, маскираната во побожен лик, која всушност, Го предаде; затоа што сме потполно

исти како нив – немајќи внатрешно духовно покритие: прво – за името христијанин, а второ – за свештеничките чинови што ги носиме. Атеистите најчесто за другата – којашто Го осуди и распна.

На која од овие две световни страни и да сме, со Христос не сме – да не се лажеме себеси! Бидете мудри како змии[1]; значи, изложете го целото тело на удар освен главата, односно, ако треба, изгубете сѐ – само и само да си ја сочувате верата, и затоа не влегувајте во световните шеми (партиски, национални, глобални) – каде што автоматски ја губите. Оваа проблематика еден ден ќе ја поврзам со одрекување од Богочовекот Христос, со покајание и исповед, и со повторно помазување со светото Миро како акт на враќање и присоединување кон Православната Црква. Кој има уши да чуе – нека чуе![2]

Не само мудри како змии, туку треба да бидеме и незлобливи како гулаби. На тој начин победило и се ширело христијанството во првите три века, затоа што никому не враќало со зло за зло. За ова ќе ви објаснам на Велик Четврток – со Господ напред!

На кој начин ја бараме сигурноста и безбедноста во овој свет и „овоземното царство“, а се одрекуваме од Царството Небесно и истовремено од Богочовекот Христос? Прво, кај нас – денешните христијани и нашето свештенство, постои едно суптилно тежнеење (свесно или неосвестено), внатре во нас, почнувајќи од себе и од нашето најтесно семејство, па сѐ до најшироката заедница, да создадеме некакво

[1] Види: Матеј 10, 16.
[2] Види: Матеј 25, 30.

„земно царство“, во кое ќе ги задоволиме сите наши страсти – за славољубие, среброљубие и сластољубие, не гледајќи дека со тоа се откажуваме од Царството Небесно; а тоа е толку очигледно. Со други зборови, сакаме да имаме личен мир, секогаш да се чувствуваме добро, сите наши потреби да се задоволени, а да не ни се случува никакво страдање или недостаток што сето тоа ќе го поремети.

И второ, кога нашата безбедност, односно задоволувањето на животните потреби ги темелиме на нешто што е надвор од Бог, а не на Него. На пример, кога нашата сигурност првенствено и суштински ја темелиме на државата, нацијата, партијата, на семејството или на некои други видови самочовечко, овосветско – најчесто бизнис групирање, како и кога се чувствуваме безбедни и задоволни само поради човечката власт, имотот и парите што ги поседуваме. Секое такво егоцентрично втемелување на нашата обезбеденост, како што и порано сум рекол, е одрекување од Крстот Христов, од Богочовекот Христос, а последователно, и од Царството Небесно.

Но, забораваме дека поради нашата душевна оболеност тоа не е можно, и дека секое зло што ни се случува е само последица на отсуство на благодатта Божја од која самите сме се одрекле. Многупати сум повторил дека е добро кога сме во прелест (лажна состојба на умот и емоциите) барем да знаеме дека сме во прелест, а не да мислиме дека пребиваме во вистината.

Зарем не забележуваме дека колку повеќе се трудиме да го оствариме, толку повеќе тоа „земно царство“ е сè подалеку и подалеку од нас, и толку

повеќе таквото тежнеење духовно нè разнебитува? Не можеме да им служиме на двајца господари, на Бог и на мамон[3] – на парите. Зарем не гледаме што се случува околу нас? Целиот свет е во криза на сите нивоа, почнувајќи од личното – од самите себе, па до пошироката заедница – државата, и на крај, завршувајќи со глобалното општество. Барајќи го „земното царство“, ние остануваме без благодатта на Небесното.

Време е да си признаеме дека од оваа суптилна страст, барање на „земното царство“ и сигурноста втемелена надвор од Бог, страдаме сите – кој помалку, кој повеќе, дека ги изневеривме сопственото предназначение и заветите од Светото Крштение, и дека си ги продадовме душите на како и да се нарече оваа световна врева околу нас – која просто нè вшмука, и на ѓаволот. Нашите лични фејсбук профили и профилите на разните христијански фејсбук групи и страници, последните две години, се полни со тежнеења кон „земното царство“ (тоа лесно се забележува) и заземање погрешна страна – световната. Затоа и вриштат од непокајание и меѓусебна поделба. Мала криза, и се случи неверојатно предавство на нашиот христијански идентитет. Што ли ќе биде при поголема – при директен прогон и маченишто? Ако и ние, христијаните, не сме веќе никаков пример за сведоштво на покајание, љубов и единство, тогаш кој? И, ако навистина го бараме Царството Небесно, зошто тогаш веќе го немаме откриено во нашето срце, преку умно-срдечната молитва, и по толку многу го-

[3] Види: Матеј 6, 24.

дини „христијански духовен живот“?

Единствено добро, од сето ова, е што самите се откривме – до проѕирност, и самите видовме кои сме и што сме – кој видел, де. Јас не се чудам зошто номиналните христијани и останатите го прават она што им е ним својствено, но многу ми е чудно кога оние што за себе тврдат и се прикажуваат како вистински христијани, теолози и свештеници – без оглед на рангот, го прават она што им е несвојствено, и покрај толкуте многу мои опомени. Вистината на гордите им звучи препотентно; исти се како и безбожниците на кои Христовите зборови им звучат, исто така, препотентно: *Јас сум патот, вистината и животот* (Јован 14, 6), или: *Јас сум светлина на светот, кој врви по Мене, нема да оди во темнина, а ќе има светлина во животот* (Јован 8, 12), или: *Јас сум воскресението и животот; кој верува во Мене, и да умре, ќе живее. И секој, што живее и верува во Мене, нема да умре довека* (Јован 11, 25–26).

Јасно ли е сега зошто истите луѓе што Го внесуваат и дочекуваат во слава Богочовекот Исус Христос во Ерусалим[4], по само неколку денови на најразлични начини Го предаваат и се одрекуваат од Него? Од истата причина како и ние денес – поради тежнеењето кон „земното царство“ и сигурноста надвор од Бог, со таа разлика што за нив има некакво оправдување – тие чекале овоземен цар, и затоа ќе добијат втора шанса, а за нас, православните христијани, нема никакво оправдување – ние треба да го очекуваме и да копнееме по доаѓањето на Царството

[4] Види: Јован 12, 12–18.

Небесно со воскреснатиот Богочовек Исус Христос, во слава. Запамтете добро, за нас, денешните псевдохристијани, без вистинско и длабоко покајание (преумување), втора шанса нема.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, помилуј нас!

## ЉУБОВЕН ОДГОВОР НА ЧОВЕЧКОТО ЗЛО

А *Симон Петар, кој имаше нож, го извади, го удри слугата на првосвештеникот и му го отсече десното уво. Името на слугата беше Малх. Но, Исус му рече на Петар: „Стави го ножот во ножницата. Зар да не ја испијам чашата што Ми ја даде Отецот?“* (Јован 18, 10–11). *Тогаш Исус му рече: „Врати го ножот на местото негово; зашто сите што се фаќаат за нож, од нож ќе загинат; или мислиш дека не можам да Го помолам сега Својот Отец да Ми прати повеќе од дванаесет легиони ангели? Но, како ќе се исполнат Писмата ако ова не стане?“* (Матеј 26, 52–54). *Па, кога се допре до увото негово, го излекува*[1].

Во овие евангелски исечоци Богочовекот Исус Христос ни сведочи дека ние, христијаните, должни сме сè да претрпиме, само и само да се исполни волјата Божја, а не нашата, дека Царството Негово и наше не е од овој свет, и дека на злото од страна на непријателот треба да вратиме со љубов. Ако ли не – секој што се фаќа за оружје, од оружје и ќе загине; и душевно.

Идејата за ширење на христијанството се те-

[1] Види: Лука 22, 50–51.

мели токму на заповедта Христова за љубов и кон непријателите, во невраќањето на злото со зло, туку со добро и со љубов; токму со маченииштвото (во крв или на совеста), односно со сведоштвото на Христовата љубов во овој свет. Немаме историско сведоштво за враќање на злото со зло во првите три века на Црквата Божја; напротив, мачениците, односно сведоците Христови, со љубов им враќале на своите мачители. Верата се ширела на тој начин што гледајќи ги големите Божји чуда, при мачењето на мачениците, какви што се: дисфункционалноста на природните закони, исцеленијата, ангелските гласови, појави и интервенции, пројавувањето на Божествената светлина и други, луѓето се преобраќале во христијани. Колку поголеми и построшни прогони измислувал демонот преку своите слуги – луѓето на власт, толку повеќе се ширело христијанството.

За да се оствари оваа заповед неопходно е христијаните да не се врзуваат и поистоветуваат, на никаков начин, со овој свет: ни преку самољубието, ни преку семејството, ни преку народот, или подоцна преку државата и нацијата на којашто ѝ припаѓаат, ни преку која било форма на овосветско, човечко организирање поради која би биле принудени да земат меч во рака и да вратат на злото со зло. Едно е поистоветување, а сосем друго пастирски пристап.

Запомнете сите: Светиња со меч не се брани! Без оглед на тоа кој така направил, кој така рекол, кој тоа теолошки го брани, кој тоа го пренесува и кој тоа го застапува – ако сакате да сте барем православни христијани. Зарем Богочовекот Христос не е нашата најголема Светиња? Зарем нема да ја пос-

лушаме Неговата заповед и зарем нема да го следиме Неговиот пример?

Но, како дошло до искривување на верата во пракса? Демонот видел дека преку отворен и груб прогон само придонесува за ширење на христијанската вера (иако низ историјата ја повторувал истата грешка) и смислил нов суптилен начин на прогон за уништување на Божјата Црква, и им овозможил и им понудил на христијаните најразлични начини или шеми на поврзување и поистоветување со овој свет – од лични гревовни до општествени. Во овој момент, поинтересни и понеопходни за објаснување се општествените.

Демонот, на христијаните, низ историјата, суптилно им понудил пад преку три главни искушенија: првото, нивното поистоветување со државата; второто, нивното поистоветување со народот на кој му припаѓаат; и третото, нивното поистоветување со партијата.

Да ги разгледаме најпрво последиците од тие поистоветувања на општествено-политички план.

Прво, додека во времето на прогонот на Црквата од страна на државата не гледаме отпор од страна на мачениците-христијани за да се заштитат себе и своите семејства (иако истовремено се убивани и над дваесет илјади луѓе), во времето на признавањето на Црквата од страна на државата одеднаш гледаме како номиналните христијани земаат меч во рака и убиваат со оправдание дека ги бранат христијанската држава и црква, себеси и своите семејства од иноверните. Секој непросветлен ум ќе го оправда гореспомнатото однесување и ретко кој тука ќе за-

бележи нешто лошо. Но, да видиме како злото се развива понатаму.

Второ, кога номиналните верници ќе се поистоветат со „нацијата“, одеднаш гледаме како православни браќа христијани (Срби, Бугари, Грци, Македонци итн.) почнуваат да се убиваат меѓу себе, и тоа со благослов на највисоките црковни власти. Зарем ова не е чудно за некој со и најмалку нормален разум?

И трето, најголем апсурд е кога номиналниот христијанин се поистоветува со партијата, и одеднаш, на пример, православен Македонец мрази и убива православен Македонец. Тука злото е толку очигледно дури и за атеистите, и нема што да се коментира.

Да го разгледаме истиов дух на однесување и на црковно-историски план. Во времето кога номиналните христијани ќе се поистоветат со државата, гледаме како Црквата, поделена на пет патријаршии во една држава, и често под нејзина контрола, покажува голема трпеливост дури и кон еретиците – грижејќи се како да го зачува своето единство (а преку неа и државата своето), толерирајќи многу еретички заедници и дури борејќи се да ја одржи евхаристиската заедница со нив. На пример, свети Мелетиј, човек со аријанско крштение и аријанска хиротонија, станува претседавач на Вториот Вселенски Собор.

Во времето кога номиналните христијани ќе се поистоветат и со „нацијата“, одеднаш гледаме дека (исто како и во меѓусебните убивања од тоа време) нема ни трага од толерирање на „другите“ – тие

коишто сакаат да си прогласат таканаречена национална црква веднаш се прогласувани за расколници и еретици, и веднаш се анатемисани – од истите такви кои свои национални цркви си прогласиле претходно. Историјата ни е добро позната; на наш грб. Значи, злото си расте сосем очигледно, а тоа се одразува и внатрешно, во меѓусебните поделби во една и иста национална црква, и во нејзините празни храмови.

Како овие падови или поистоветувања се одразуваат на личен психолошки план? При падот на првото искушение, т.н. номинални христијани се наоѓаат во стадиум на религиозна невроза – не ги контролираат своите мисли, чувства, зборови и постапки, и во таква состојба лесно го фаќаат оружјето во рака, односно враќаат на злото со зло. По падот во второто искушение, веќе се работи за религиозно растројство на личноста (т.н. психопати или социопати), кога гледаме како браќа по вера меѓу себе бесчувствително сакаат и физички и духовно да се елиминираат. Е, сега, ако некој од нив, а посебно оние што се на власт (пред сè, црковна), тоа намерно и свесно го прават, со свесна определба за злото, тогаш се работи за најопасен степен на психоза – демоноопседнатост. Падот во третото искушение е чисто зло.

Монасите се едни од ретките верни кои го зачувале маченичкиот етос во Црквата, а кои се појавиле веднаш по престанувањето на нејзиниот прогон. Никаде не се чуло и видело вистински монах да земе оружје во рака (освен мечот на вистината) за да го

одбрани својот ближен од лагата и од таткото на лагата[2]. Монасите со љубов ги дочекувале непријателите на верата во своите манастири и најчесто биле како јагниња колени. Тие многу добро сфатиле дека љубовта не се состои во тоа да ја положиме душата на непријателот заради својот ближен, туку во тоа што Богочовекот Христос го вели: *Нема поголема љубов од таа да си ја положиш душата своја за ближниот свој*[3], односно дека нема поголема љубов од тоа, преку сведоштво на Христовата љубов до маченииштво за Него, да го положиш и животот свој за спасение на сите оние кои и отпосле ќе се освестат и кои ќе посакаат да се спасат.

Христовото Воскресение, во суштина, е љубовен одговор на човечкото зло, исто такво е и нашето вистинско учество во Неговото Воскресение. И никакво поинакво. За сите, пак, оние кои себеси се нарекуваат христијани и се причестуваат со Светите Тајни, а не постапуваат согласно нивното име, се однесува Христовото прашање кон Јуда: *Со целив ли Го предаваш Синот Човечки?*[4]

Пресвета Богородице, просветли ја нашата темнина и спаси нè!

---

[2] Види: Јован 8, 44.
[3] Види: Јован 15, 13.
[4] Види: Лука 22, 48.

## ВО СУШТИНАТА НА НЕШТАТА

Благодатното учество во спасителните за нас настани од животот на Богочовекот Христос, кое Црквата литургиски ни го овозможува во својот годишен циклус на чествувања, не треба да се ограничи само на неговата надворешна пројава и традиционално значење, што многу кратко трае, туку треба да се открива и доживува и во неговата внатрешна суштина и димензија, која трае вечно.

Така, на пример, за да може вистински да учествуваме и да ги доживееме деновите од Страсната Седмица, посебно Великиот Петок, Великата Сабота и Воскресението Христово, односно за да може вистински да учествуваме и да ги доживееме Христовото Распнување, Христовото Погребение и Христовото Воскресение, потребно е и во својот личен православен духовен живот да ги поминуваме трите внатрешни духовни состојби: распнувањето на умот, погребението на умот и воскресението на умот.

Го истакнуваме умот како критериум за нашата духовна состојба затоа што и падот и исцелението на човекот започнуваат од него. Паднатиот ум е горд, расеан преку страстите по светот и затемнет. Таквиот ум придонесува мислите и чувствата да ни избегаат од контрола, пореметените мисли и чувства

да се одразат на нашите зборови и дела, а нашата севкупна душевна состојба да биде оценета, најблаго речено, како религиозна невроза. Исцелениот ум е смирен, собран преку молитвата во Бог, и просветлен.

Првата молитвена состојба на умот се случува кога човекот, во дух на покајание – поради својата оддалеченост и несличност со Христос, потпомогнат од своите волја и желба, го собира својот ум во зборовите на молитвата: „Господи Исусе Христе, помилуј ме (нѐ)“. Чистата молитва и големите внатрешни духовни страдања се предвесник на крајот од оваа молитвена состојба и премин во друга. Умот го приковуваме на крстот од зборовите на молитвата и не му даваме да скита и да се расејува, привлечен од светот и неговите страсти. Овој подвиг бара голем напор и ова е распнување, или Велик Петок за умот – карактеристичен за првиот степен од духовниот развој, *очистување на срцето од страстите*.

Втората молитвена состојба на умот се случува кога човекот, во дух на покајание, потпомогнат од своите волја и желба, го собира својот ум во зборовите на молитвата, но овојпат внатре во своето доволно очистено од страстите и затоа отворено срце, во кое се соединува со благодатта на Крштението, со Бог. Оваа молитва, која се нарекува и аскетска умно-срдечна молитва, е посебен дар Божји. Чистата молитва и надворешната беспричинска омраза, како и прогон од луѓето – демонските слуги, се предвесник на крајот и од оваа молитвена состојба и премин во друга. Умот, собран во зборовите на молитвата, го погребуваме во длабочините на нашето срце и тој станува мртов во однос на световните грижи и прив-

личности. Тоа е погребение, или Велика Сабота за умот. Човекот којшто ќе ја достигне оваа состојба, оттогаш па натаму, престојува во непоматена внатрешна радост и светлина. Оваа состојба се нарекува и просветлување на умот.

Третата? Ајде да почнеме како што е благословениот од Бог ред, од првата: кои се предусловите што ни овозможуваат нам, христијаните, да го распнуваме нашиот ум на Крстот Христов? Нема никакви други освен: чувањето на чистотата на Православната вера и целосрдечно послушание кон духовниот отец во исполнувањето на заповедите Христови, односно: восогласување на начинот на нашиот живот со нашата душевна состојба (религиозна невроза), како и со местото и улогата што моментално ги имаме во Црквата. На овој начин го запираме валкањето на енергијата на умот, го ставаме умот во процес на исцеление и во тој процес ја чистиме (преобразуваме) сè повеќе и повеќе неговата енергија, а со тоа и нашето срце – односно местото каде што се наоѓа суштината на умот. Затоа што, секој грев преку енергијата на умот влегува во нашето срце и го валка, исто како што и секое исполнување на Божјите заповеди, како благодат Божја, преку енергијата на умот влегува во нашето срце и го чисти (преобразува).

Степенот на нашиот духовен развој, односно дали се наоѓаме на ниво на очистување на нашето срце од страстите со усна или умствена молитва, на ниво на просветлување на нашиот ум со дарот на аскетската умно-срдечна молитва или на ниво на обожение со дарот на непрестајната или благодатната умно-

-срдечна молитва – како предуслов за „грабнување на умот“, се одредува од квалитетот на нашата молитва. Од квалитетот на нашата молитва зависи и доживувањето на воскресението на нашиот ум, како и доживувањето на Воскресението Христово во нашите души и срца на сите степени од духовниот развој. Суштински различно е доживувањето на Воскресението Христово во состојба на душевност.

Едно е кратката и празна еуфорија на религиозните невротичари; друго е тивката радост, утеха и надеж – пропратена со молитва, на оние кои се во послушание; а трето е воскресната светлина на просветлените.

Христос Воскресе!

## РАДУВАЈТЕ СЕ!

Според црковната логика на празнување, на непосредните учесници во главниот настан им се дава предимство во чествувањето, во деновите што следуваат. Така, по истата логика, попрво требаше да се слави Недела на Богородица и на жените мироносици отколку Недела на свети апостол Тома. Најнормално, Богочовекот Христос прво им се јавува на Својата Мајка и на жените мироносици[1]. Оние што најмногу сострадуваат со Него, најмногу и ќе се радуваат. Но Црквата, од свои педагошки причини, редот на чествувањето го променила. Како и јас сега.

Да се потсетиме: Богородица и Дева Марија – Христовата Мајка, и жените мироносици најврено, најпостојано, најнезабележително и најсмирено Му служат на Богочовекот Христос за време на Неговиот живот меѓу нас, луѓето. Оваа нивна љубовна посветеност доаѓа до израз и во самото Евангелие, дури при Христовото страдање и смрт, откако речиси сите Негови ученици Го предаваат и напуштаат. И, иако се први благовесници на Христовото Воскресение, смирено примаат сомнеж и неверие за своето сведоштво, додека Самиот Христос не ги потврди за вистински

[1] Види: Марко 15, 42–47; 16, 1–8.

сведоци – појавувајќи се истата вечер, по Воскресението, меѓу Апостолите.

Разликата во поздравот го потврдува кажаното: едно е некого да поздравиш со зборовите *радувајте се,* како Христос – Богородица и жените мироносици, а друго е да го поздравиш со зборовите *мир вам*, како Христос – Апостолите. Со *радувајте се* се поздравуваат утврдените, а со *мир вам* колебливите. Очигледно, Самиот Христос ги удостои со оваа чест, и тоа никој не може да им го одземе.

На што ме потсетува примерот на Богородица и жените мироносици?

Сите знаеме дека на почетокот од нашиот православен духовен живот Божјата благодат отворено и јасно нè поткрепува во подвигот, и тогаш секој подвиг ни изгледа лесен. И сите се здобивме со опитот дека таа потоа се сокрива од нас, односно скриено нè поткрепува во подвигот, а нам сè ни изгледа многу тешко. Слично нешто се случува и на степенот на просветлување. Благодатта знае толку силно да се пројави од срцето и толку силно да го привлече умот кон себе, така што без оглед на тоа што човек прави или што се случува околу него, молитвата однатре да тече. И, благодатта знае толку многу да се скрие, што тогаш многу важни стануваат и некои надворешни услови и помошни методи за остварување на аскетската умно-срдечна молитва.

Битно е за нас дека Господ ни ги дава овие периоди на сокривање на благодатта Божја за наше духовно растење и восовршување. Секојпат кога ќе го напуштиме подвигот во периодот кога благодатта се крие, ние постапуваме како наемници и трговци; и

паѓаме. И обратно, секојпат кога ќе го продолжиме подвигот во периодот кога благодатта се крие, ние постапуваме како чеда Божји и само тогаш духовно растеме. Овие периоди, на почетокот од подвигот на првите два степена од духовниот развој, се пократки и почести. Ви говорам за она сокривање на благодатта што се случува за наше растење, а не за напуштањето на благодатта што се случува поради нашите гревови.

За да го достигнеме континуитетот во нашиот подвиг најмногу ни помагаат нашите волја и упорност. Значи, треба да се принудиме преку нашата цврсто пројавена волја да продолжиме со соодветниот подвиг и во периодот кога благодатта скриено дејствува во нас, без оглед на тоа колку време ќе трае тоа.

Сакам уште нешто да ви кажам, како утеха. Континуитетот на подвигот во подолг и исклучиво тежок период на сокривање на благодатта е знак дека преминот од еден на друг степен од духовниот раст е многу блиску, исто како и соодветниот дар што им следува на децата Божји – на вистинските и законити наследници на Преданието на нивниот Небесен Отец. Богородица, заедно со жените мироносици, најмногу и докрај сострадуваа под Крстот, но затоа и први ја слушнаа веста за Христовото воскресение и први Го допреа Воскреснатиот Богочовек Христос.

Поуката што може да се извлече од напишаното е дека ни е потребна смирена и љубовна постојаност во подвигот на следење на Богочовекот Исус Христос, докрај – до „последното место“. „Последното место“ е почеток и крај на овоземниот православен духовен живот.

Кога ме прашуваат духовните чеда да им кажам каде е местото на срцето, им одговарам кратко: тоа е „последното место“. Седни на „последното место“ и срцето само се отвора за умно-срдечната молитва. Токму тоа „последно место“ е скриениот подвиг на Богородица и жените мироносици, тоа е тајната на есхатолошкото свештенство.

Пресвета Богородице, по молитвите на жените мироносици, спаси нѐ!

## ОПИТ

Објаснето е одамна дека барањето на светиот апостол Тома да ги допре раните на воскреснатиот Богочовек Исус Христос не е неверие, туку природно и спасоносно барање на човекот да Го познае Бог од опит, а не од прераскажување на другите[1]. Другите нека си прераскажуваат за Бог колку што сакаат, за нас е од суштинско, битијно значење да Го познаеме Бог од опит. Зашто, интелектуалното знаење за Бог не ни носи сигурно спасение, а камоли совршенство, туку може да донесе гордост, поделби и пропаст, додека пак, знаењето на умот (разумот) што произлегува од опит на заедницата со Бог, во нашето срце, ни носи смирение и единство, во Светата Евхаристија на Црквата.

Клучните поенти на евангелското четиво од Неделата на светиот апостол Тома се следните:

Прво, Евангелието не е напишано за да ја испитуваме верата на апостол Тома – тоа не е во наша власт, туку да ја испитаме и провериме нашата сопствена вера преку неговиот пример, и да се покаеме – што е во наша власт.

Второ, Христовите зборови: *и не биди неверен,*

[1] Види: Јован 20, 19–31.

*но верен!* (Јован 20, 27), може да се споредат со разликата меѓу аскетската и благодатната вера – во која Господ сите нè повикува. Аскетската вера се сведува на тоа да се принудуваме да веруваме дека Бог постои (*Верувам, Господи, помогни му на моето неверие* – Марко 9, 24), а благодатната вера е кога од опит на заедница со Него имаме знаење и познание за Него (*Господ мој и Бог мој!* – Јован 20, 28), како и препознавање и пророкување на идните случувања.

Трето, зборовите: *Тома, ти поверува, зашто Ме виде; блажени се оние кои не виделе, а поверувале!* (Јован 20, 29), значат, едноставно, дека оние што не Го виделе Бог од опит, а кои, сепак, ќе претрпат докрај – обидувајќи се да изградат синовски однос со Бог (оние со аскетска вера), ќе се спасат[2] – и затоа се блажени, а дека Апостол Тома е свет.

Кој е тој опит за кој постојано говориме и овде и порано, а кој го опишуваме како знаење на умот (разумот), што произлегува од опит на заедницата со Бог, во нашето срце? Тоа е опитот во умно-срдечната молитва. Без овој опит нема благодатна вера, нема просветлување на умот и нема постојано преобразување на човекот до обожение.

Основен копнеж на секоја христијанска душа треба да биде достигнувањето на дарот на умно-срдечната молитва. Тука не постои разлика меѓу мирјани и монаси. Без овој копнеж, потврден на дело, нема православен духовен живот.

Умно-срдечната молитва не е подвиг којшто е само добар, но кој не мора да го имаме. Подвигот

---

[2] Види: Матеј 10, 22.

во умно-срдечната молитва е подвиг-conditio sine qua non[3] (подвиг-услов без кој не се може). Подвиг, кој е основно сведоштво дека сме христијани, и подвиг преку кој, иако останува тајна за другите, ќе нѐ препознаат дека сме христијани. Подвиг во чија основа лежи љубовта и кон „непријателите“[4]. Не е возможен подвиг на умно-срдечната молитва без освестен подвиг на љубов и кон непријателите! Која било молитва, без љубов и кон непријателите, е прелест.

Затоа и свети Никифор Исихаст, заедно со многу Свети Отци на Црквата, инсистира на овој подвиг, велејќи:

„Ако, пак, брате, и по многу труд не успееш да навлезеш во пределот на срцето, како што ти кажав, направи вака, како што ќе ти кажам понатаму, и со Божја помош ќе го најдеш бараното. Ти знаеш дека внатрешното слово на секој човек се наоѓа во неговите гради. Зашто внатре во градите, кога молчат нашите усни, ние разговараме со себе и твориме молитва, и псалми пееме или друго кажуваме. Така, со внатрешното слово, изгонувајќи од него секаква помисла (зашто можеш, ако сакаш), кажувај си ја кратката молитва ’Господи Исусе Христе, Сине Божји, помилуј ме!‘ – и принуди се, наместо каква и да е помисла, само таа секогаш да плаче внатре. Ако продолжиш да го вршиш ваквото дело непопустливо и со сето внимание, со време ќе ти се отвори преку ова и влегувањето во срцето, за коешто ти пишував, без секакво сомнение, како што и ние самите од опит

---

[3] Латински правен термин.
[4] Види: Матеј 5, 44.

сме познале“[5].

Клучни се зборовите „и по многу труд“, како и „непопустливо и со сето внимание“. Под овие зборови, за нас денес, се подразбира континуиран труд, од најмалку два часа во нерасеан молитвен подвиг – време што може да се подели и во текот на денот. Ова време и овој подвиг се достапни за секој што сака. На пример, најмалку два-три часа дневно, со години наназад, сигурно поминуваме пред ТВ-екраните или на социјалните мрежи, од кои најчесто впиваме лаги. Зошто да ни е помила лагата од Вистината? Кој ни пречи да се откажеме од лагата, а молитвено да се присоединиме со Вистината?

Господи Исусе Христе, преку Богородица, помилуј нè!

[5] *За молитвата*, Табернакул, Скопје, 2001, стр. 57.

## НЕМАМ ЧОВЕК

Евангелското четиво од Неделата на раслабениот[1] е полно со симболика, симболика која во историјата и во Литургијата на Црквата се исполнува и преточува во реалност, а која, исто така, тежнее и кон својот крај – кој е веќе дојден и уште не е.

Постои симболика на Светото Крштение: бањата Витезда во која луѓето оздравувале од каква било болест и да боледувале, и колку и да била таа долготрајна и неизлечива. Постои симболика на возобновувањето на духовниот живот: *ангел Господов ја раздвижуваше водата*. Симболика на молитвениот однос на човекот кон Бог – што Го привлекува Бог: *Исус, кога го виде како лежи и штом узна дека од многу години боледува*, му одговара и го прашува дали сака да оздрави. Раслабениот човек нѐ симболизира сите нас, денес, кои сме духовно раслабени.

Најпотресна, за мене, е симболиката за исконскиот крик на човекот во потрага по урнек на вистински Човек и човечност, преточена во само двата збора на раслабениот: *немам човек!*, како и симболиката на вистинското послушание до рушење на преградите меѓу словото и Духот на словото – *А тој*

---

[1] Види: Јован 5, 1–15.

*ден беше сабота. Поради тоа Јудејците му рекоа на исцелениот: „Сабота е и не треба да ја земаш својата постелка!“ Но, тој им одговори: „Оној што ме излекува, ми рече: Земи ја постелката своја и оди!“* (Јован 5, 9–11). Итн.

Јас би се задржал, сега, на други две симболики, на симболиката на крајот на Стариот Завет и на симболиката на крајот на Новиот Завет. И двете симболики се сведуваат на само двата збора: *немам човек*.

За симболиката за крајот на Стариот Завет ни говори токму денешното евангелско четиво, каде што Синот Божји Исус Христос ни се појавува и како вистински Бог и како вистински Човек, како Богочовек – преку целиот Свој Домострој на нашето спасение. Овој свет Го отфрли и распна Христос, и со тоа самиот себе се осуди на Апокалипса. Но, да не заборавиме дека Богочовекот не можеше да се појави сѐ додека не се појави и Божјата Мајка – Богородица, како вистински обожен човек.

За симболиката на крајот на Новиот Завет и за близината на остварувањето на вистината на Царството Небесно, преку Апокалипсата, ни говори светиот Апостол Павле: во последните денови ќе настанат времиња тешки. Зашто луѓето ќе станат среброљупци, горди, хулители, неблагодарни, неправедни, непомирливи, клеветници, невоздржливи, непослушни, предавници, повеќе сластољупци отколку богољупци, наизглед побожни, а од силата на Бог се одрекле. И од нив одвратувај се![2]

---

[2] Види: 2 Тим. 3, 1–5.

Истото го потврдува и Богочовекот Христос во Своето Евангелие кога учениците Негови Го прашуваат: *Кажи ни, кога ќе биде тоа, и каков ќе биде знакот за Твоето доаѓање и за свршетокот на светот?* Он им вели: *Ќе слушате боеви и гласови за војни. Гледајте да не се уплашите, оти сето тоа треба да биде; ама тоа уште не е крајот. Зашто ќе се дигне народ против народ, и царство против царство; и на места ќе има глад, помор и потреси; а сето тоа е почеток на болките. Тогаш ќе ве предадат на маки и ќе ве убијат; и ќе бидете мразени од сите народи, заради Моето име. Тогаш мнозина ќе се соблазнат и еден со друг ќе се предаваат, и еден со друг ќе се мразат; многу лажни пророци ќе се појават и ќе прелажат мнозина; и бидејќи беззаконијата ќе се умножат, кај мнозина љубовта ќе се олади*[3].

Зборовите *оладувањето на љубовта* се еднозначни со зборовите *немам човек*. Тоа ќе биде главна карактеристика на последните времиња, чии знаци и денес ги гледаме. Сепак, човек сè уште може да се најде.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, помилуј нè!

[3] Види: Матеј 24, 3–12.

# ПОКЛОНУВАЊЕ
# ВО ДУХ И ВО ВИСТИНА

*Кога би го знаела дарот Божји и Кој е Оној што ти вели: „Дај Ми да пијам“ – ти самата би побарала од Него и Он би ти дал вода жива... Секој што пие од оваа вода* [обичната, природната], *пак ќе ожедни; а кој пие од водата што ќе му ја дадам Јас, нема никогаш да ожедни; таа во него ќе стане извор на вода што ќе тече во живот вечен* (Јован 4, 10; 13–14).

Водата што Богочовекот Христос ни ја дава, и која имајќи ја никогаш нема да ожедниме, е благодатта на Светиот Дух во нашето срце, која ја добиваме при Светото Крштение. Срцето најнапред треба доволно да се очисти од нечистотијата на страстите, од наслагите на гревот и од влијанието на демонот, па потоа благодатта протекува од него. Протекувањето на благодатта, односно добивањето и пронаоѓањето на *вода жива*, се пројавува како умно-срдечна молитва и е дар Божји – *водата што ќе му ја дадам Јас*. Потоа не ни треба духовен раководител, благодатта сама ќе нè води – *вода што ќе тече во живот вечен.*

*Иде време и дошло веќе, кога вистинските поклоници ќе Му се поклонуваат на Отецот во дух и во вистина, зашто Отецот сака такви да бидат*

*оние шшо Му се йоклонуваай. Бог е Дух, и оние шшо Му се йоклонуваай шреба да се йоклонуваай во дух и во висшина* (Јован 4, 23–24).

Вистинските поклоници ќе Му се поклонуваат на Отецот во благодатта на Светиот Дух и во исповедањето на вистинската вера. Поклонувањето во дух и во вистина е едно и исто поклонување, едно и исто дејство, една и иста благодат. И, најнапред се случува на едно и исто место – во срцето, а потоа се сведочи и надвор од него. Без првото, не е возможно ни второто.

Во библиско-антрополошка смисла, поклонувањето во дух и во вистина значи поклонување со исцелен ум. Исцелен ум има човек кој енергијата на својот ум молитвено ја соединил со суштината на својот ум – која се наоѓа во неговото срце. Бидејќи ова соединување е дејство на благодатта Божја и најнапред времено и аскетски се случува внатре во срцето, исцелениот ум прво се појавува како просветлен ум. Доколку ова соединување во срцето е постојано благодатно, а не времено и аскетско, тогаш исцелен ум е исто што и обожен ум. Обожениот ум е ум од Духот воведен во сета вистина[1].

Исповедањето на вистинската вера има и свој теоретски – догматски, и свој практичен – подвижнички дел. Тие се неразделни. Неопходно е да веруваме и да исповедаме вистинска, православна вера за да можеме да живееме согласно правилото на верата – начинот на својот живот и подвиг да го восогласиме со нивото на нашата духовна возраст.

---

[1] Види: Јован 16, 13.

И обратно, животот и подвигот согласно правилото на верата водат кон познание на Бог и исповедање на вистинската вера. *Сега веќе не веруваме од твоето* [или нечие] *кажување, оти сами чувме и знаеме* [лично од Него] *дека е Он Спасителот на светот, Христос* (Јован 4, 42) – ѝ велат луѓето од селото на жената Самарјанка.

Должни сме да го очистиме срцето од гревот и да ја активираме благодатта на Крштението внатре во него. Самата благодат Божја, потоа, ќе го раководи нашето преобразување. Плачот и солзите се знак за правилноста на подвигот на сите нивоа од духовниот развој.

Господи Исусе Христе, ни даде сува земја, преку Богородица, дај ни и водни извори![2]

---

[2] Види: Суд. 1, 15.

## ПРВОТО ПРОГЛЕДУВАЊЕ

Ова евангелско четиво[1] опишува само уште еден школски пример, од многуте во Новиот Завет, за судирот меѓу оние што се држат до словото на Законот – кое убива, и оние кои Го почитуваат Духот на Законот – Кој оживува; меѓу оние кои на сè што не одговара на нивното самољубие му се спротивставуваат со празни зборови и оние кои на празните зборови им одговараат со дела; помеѓу оние што се служат со лични дисквалификации и оние кои се личности; помеѓу оние што самодоволно престојуваат во темнината на својот ум и оние кои постојано го просветлуваат својот ум; помеѓу оние што се кријат зад авторитетот на институцијата и оние кои се носители на харизмата, на дарот на Светиот Дух.

Гледајте колку празните зборови и личните дисквалификации се немоќни пред добрите дела: *„Прослави Го Бог; ние знаеме дека Оној Човек е грешен". А тој одговори и рече: „Дали е грешен, не знам; но знам дека бев слеп, а сега гледам"* (Јован 9, 24–25). И што да одговорат на проверениот и потврден факт дека човекот беше слеп, а сега гледа? Со која човечка мудрост и домисла би му се спротивставиле на овој факт, на

[1] Види: Јован 9, 1–38.

сите познат? Со кои зборови би му се спротивставиле на кое било добро по Бог дело, а камоли на лично Божјото...

Но, дали по ова следи покајание или уште едно промашување? Фарисеите се обидуваат да го дознаат рецептот за успехот, како да е тоа некое тајно знаење што може само со разумот лесно да се достигне и научи, како да е тоа некоја независна безлична моќ, како да е тоа нешто што се продава и купува: *Што ти направи? Како ти ги отвори очите?* (Јован 9, 26). Кога не би знаеле дека човекот, односно Господ преку него, најдобронамерно ги потсетува на растењето во личниот однос со Него како пат до таа моќ, би си помислиле дека човекот се шегува со нив: *Јас ви реков веќе и не чувте, што сакате пак да чуете? Да не сакате можеби и вие да Му станете ученици?* (Јован 9, 27).

Но, дали и по ова следи покајание на фарисеите или уште едно промашување? Еве како луѓето без авторитет се кријат зад авторитетот на институцијата што ја претставуваат, а со која очигледно немаат никаква врска: *Ти си Негов ученик, а ние сме Мојсееви ученици. Ние знаеме дека со Мојсеј говорел Бог; а Овој не знаеме од каде е* (Јован 9, 28–29). Кога не би знаеле дека човекот, односно Господ преку него, најдобронамерно ги потсетува на духовниот закон на послушанието, повторно би си помислиле дека човекот се шегува со нив: *Тоа и е за чудење, што вие не знаете од каде е, а мене, сепак, ми ги отвори очите. Знаеме дека Бог не слуша грешници: но оној што Го почитува Бог и ја исполнува Неговата волја, него го слуша. Откако е веков, не се чуло некој да му отворил*

*очи на слепороден. И ако Он не беше од Бог, не можеше да направи ништо* (Јован 9, 30–33).

Но, дали и по ова следи покајание на фарисеите или уште едно промашување? Просудете сами: *Сиот си во гревови роден, па зар ти нас ќе нè учиш?* (Јован 9, 34). И како што во продолжение вели евангелието: тие *го испадија надвор*. Тоа е сведоштво на немоќта, немоќта за покајание. Ова евангелско четиво многу потсетува на односот на СПЦ кон МПЦ – ОА.

Но, кога фарисеите ќе ве отфрлат од себе, не плашете се, туку радувајте се: тоа е само сведоштво дека Самиот Христос ве пронашол и ве прифатил, и дека Самиот Христос ве води и ве внесува во сета Вистина. *Исус чу дека го истерале, па како го најде, му рече: „Веруваш ли ти во Синот Божји?“ Тој одговори и рече: „А Кој е, Господи, па да поверувам во Него?“ Исус му рече: „И си Го видел, и Кој зборува со тебе, Он е“. А тој рече: „Верувам, Господи!“ И Му се поклони* (Јован 9, 35–38).

А кога Богочовекот Христос нè води, тогаш телесниот подвиг преминува во аскетска љубов кон непријателите, па и во мачеништво заради Него; умната молитва тогаш преминува во умно-срдечна, па и во непрестајна; тогаш гледањето на првата светлина преминува во просветленост, па и во гледање на несоздадената светлина Божја; тогаш верата преминува во знаење, па и во предзнаење. Од умно-срдечната молитва не можеме да побегнеме; таа е првото прогледување, затоа што е просветлување.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, отвори ни ги очите на сите!

# ВОЗНЕСЕНИЕ
# ИЛИ
# ПРЕВОЗНЕСУВАЊЕ?

Што во пракса би значело – почеток на нашето лично вознесение? Познато е дека првичната цел на нашиот православен духовен живот е да преминеме од противприроден начин на живот во природен, а токму тоа (и ништо друго) е почетокот и на нашето лично вознесување во Христос. Со други зборови, штом го ставиме нашиот ум, преку послушание, во процес на исцеление од страста на гордоста – со цел да достигнеме негово просветлување и сеопшто лично обожение, истовремено почнува и нашето вознесение.

Без овој премин (вознес) – од противприроден во природен начин на живот, не е возможно ниту нашето свесно учество во Малиот вход (во Светата Литургија) на Црквата – како вознесение пред престолот Божји, ниту личното вознесение кон обожение, ниту вистинско славење и сведоштво на Христовото Вознесение.

Главна карактеристика на почетокот на нашето вознесение, во смисла на спомнатото преминување од противприроден во природен начин на жи-

вот, е восогласувањето на начинот на нашиот живот со степенот од духовниот развој на кој се наоѓаме. Тоа, исто така, значи и восогласување на начинот на нашиот живот со местото и улогата што ги имаме во Црквата.

Проблемот е што, најчесто современите, т.н. православни христијани не го следат патот предаден од Светите Отци и денес, кај многумина од нив, наместо знаците на вознесението, ние ги гледаме знаците на превознесувањето, на прелеста. Посебно тоа го гледаме кај оние што имаат некакви позиции во Црквата. Карактеристично за сите нив е душевното самораководство – тие го немаат дарот на умно-срдечната молитва, а истовремено немаат ни свој духовен отец.

Штом видиме дека некој со влегувањето во Црквата го носи со себе и стариот човек, односно не го отфрла и стариот човек – преку восогласувањето на начинот на својот живот со степенот од духовниот развој на кој се наоѓа, со сигурност можеме да тврдиме дека кај него, наместо лично-соборно вознесение, се случува процес на индивидуално превознесување.

Восогласувањето на начинот на нашиот живот со степенот од духовниот развој на кој се наоѓаме, на почетокот на нашиот духовен развој, се состои токму во ставањето на умот во процес на исцеление преку послушанието кон духовниот отец – сè до добивањето на дарот на умно-срдечната молитва, но не и потоа. Но, и при овој подвиг треба да бидеме внимателни.

Постојат две главни искривувања (прелест) при подвигот на послушанието кон духовниот отец. Едното искривување е едно полумагиско послушание во она што нам ни одговара, а другото искривување е душевно и идолопоклоничко поврзување со духовниот отец – во комбинација со неговото незнаење духовното чедо да го раководи правилно. Јасно е дека духовниот отец не треба да го насочува духовното чедо кон себе, туку кон љубов и послушание на Епископот на локалната Црква и кон Богочовекот Исус Христос.

Првиот случај е најчест и се препознава во општата млакост и по падни-стани живеењето на современите христијани, а другиот начин се препознава во секташкото однесување. Членовите што душевно се приврзуваат кон духовниот отец, а не само кон неговото слово – како што е правилно, го превидуваат епископот како центар на единството на Црквата, го величаат својот „духовник“ како безгрешен, ги омаловажуваат другите духовни отци и нивните духовни чеда, и накратко: ги пројавуваат сите карактеристики на псевдоелитизам, затвореност и исклучивост за другите – коишто не се согласуваат со нивниот начин на однос со „духовникот“ и неговата „вера“, или со неговото политичко поистоветување (модерно е да се спомне) – што е трагично.

Време е да одлучиме: ќе се вознесуваме, преку правилно послушание, во Богочовекот Христос, или ќе се превознесуваме, од прелест во прелест, заедно со демонот? Патот на смирението е Вознесение. Патот на гордоста е превознесување: *Ќе се искачам на не-*

*бото, ќе го издигнам престолот свој погоре од Божјите ѕвезди и ќе седнам на гората во соборот на боговите, на крајот од северот; ќе се искачам до височините на облаците, ќе бидам сличен на Севишниот*[1].

Пресвета Богородице, спаси нè!

[1] Види: Иса. 14, 12–15.

# СВЕТИОТ ОТЕЦ ГАВРИЛ

Отец Гаврил од Лесновскиот манастир беше голема утеха за малобројните вистински христијански заедници (христијани со свој духовен отец, со правило за духовен подвиг, кои редовно се исповедаа и се причестуваа), кои во негово време (1971 – 1990), во Р. Македонија беа распрснати како мали оази на спас во пустината на атеизмот и христијанскиот номинализам. Гледајќи од денешна перспектива – по четврт век од неговото блажено упокојување, ако продолжиме да живееме како во последно време – политички и национално поделени, а без покајание, истото нѐ чека сите заедно и во иднина, само во друга околина. Фала Му на Бог за сѐ!

Бог во секое време им испраќа на Своите луѓе утеха, како што и нам ни беше отец Гаврил во тоа време. Секое време си носи свои тешкотии при исполнувањето на Христовите заповеди и при ширењето на словото на вистината, но и свои олеснувања. Не би навлегувал во споредба на тогашните и сегашните услови, но едно е сигурно – Преданието на вистинската вера и на вистинските дела е едно и исто, и тогаш и сега. Ова двоедно Предание, на лично-соборно ниво, се сведува на умно-срдечната молитва – „Господи Исусе Христе, помилуј ме“, а на со-

борно-лично ниво се сведува на живо учество во Евхаристијата на Црквата.

Вистински носител и сведок на ова Предание беше и отец Гаврил. Нас, сигурно, посебно нѐ интересира неговото учење за умно-срдечната молитва – клучот на вратата за суштински влез во севкупното Предание на Црквата. Тој го сведочеше и пренесуваше својот подвиг на молитвата во срцето, и на дело и со збор.

Ако случајно го сретнев на улица во Скопје, на пример, кога доаѓаше за сеноќните бденија што ги организиравме еднаш месечно во црквата „Света Петка", морав да му пријдам и да му се обратам по име, затоа што одеше со наведната глава и никого не забележуваше по патот – посветен на молитвата. Од него првпат дознав за умно-срдечната молитва („Господи Исусе Христе, помилуј ме"). При првата посета на Лесновскиот манастир, ми рече: „Постојано кажувај си ја во себе или наглас молитвата 'Господи Исусе Христе, помилуј ме', и ништо друго не мисли". Овие зборови може да ги слушнеме само од човек со опит, затоа што според логиката на овој свет не е возможно човек постојано да се моли, а притоа на ништо друго да не мисли.

Денес и ние, според своите сили, го пренесуваме истото Божјо Предание – Богочовекот Исус Христос. Им објаснуваме на нашите монаси дека местото на срцето во коешто умот се симнува да ја твори молитвата е, всушност, „последното место" од Светото Евангелие – да им бидеме слуги на сите. Дека за разлика од епископот на Црквата, кој треба да им биде слуга на многу луѓе, за нив е доволно да им станат

слуги само на братството или сестринството на манастирот, што не е многубројно. И дека штом им станеме слуга на сите во манастирот, односно штом седнеме на „последното место", тогаш срцето само се отвора за умно-срдечната молитва и нам засекогаш ни станува познато местото на срцето. Потоа, молитвениот подвиг зависи само од нас.

Светиот отец наш Гаврил истовремено ни беше и пример и поттик. Тој е и благовесникот на возобновувањето на монаштвото во нашата Црква, МПЦ – ОА. Впрочем, тоа го покажува неговото име, добиено според Ангелот благовесник.

Ако сакаме и се потрудиме, Црквата Божја и денес може да донесе светителски плодови како светиот отец наш Гаврил Велички; и фала Му на Бог, уште носи. Нашата Црква денес го обзнанува отец Гаврил како светител. Нашите храмови уште од пред седумнаесет години се украсени со неговите фрески и икони. Неговото житие, и црковна служба се напишани. Ние што го познававме, уште во тоа време го почитувавме како светител; и никакви додатни докази и потврди од никој друг за тој факт не ни се потребни.

Преподобен отец Гаврил, моли Го Бог за нас!

## ПЕДЕСЕТНИЦА –
## ЛИТУРГИЈА И НАДВОР ОД ЛИТУРГИЈАТА

Богочовекот Христос, пред Своето Вознесение, ги теши учениците дека Он треба да оди, а дека ќе им Го прати Светиот Дух, Духот на Вистината, Кој ќе ги воведе во сета вистина[1]. Доаѓањето на Светиот Дух се случило по десет денови.

Токму Светиот Дух на Црквата ни овозможува на секоја Литургија да учествуваме во целиот Христов Домострој на спасението, па и во самата света Педесетница. Богочовекот Христос во Евангелието вели: „Секогаш кога ќе се соберете да јадете од овој Леб и да пиете од оваа Чаша, Мојата смрт ќе ја сведочите и Моето воскресение“[2]. Со други зборови: секогаш кога ќе се соберете на Светата Литургија околу својот Епископ и ќе се причестите со Светите Тајни на Телото и Крвта Христови, го овозможувате и учествувате во целиот Домострој на спасението на светот. Но, подеднакво е важно да сте и сведоци на овој Домострој, и надвор пред сите луѓе, после завршувањето на Литургијата.

Се надевам дека сите ме разбирате: ако на-

[1] Види: Јован 14, 16; 16, 13.
[2] Види: 1 Кор. 11, 26; Божествена Литургија на свети Василиј Велики.

шиот живот надвор од оваа Литургија не е Литургија, ниту ќе можеме во Литургијата на Црквата да учествуваме; а ако во неа не учествуваме и вистински не се причестиме со Телото и Крвта Христови, ниту ќе може надвор од неа нашиот живот да биде Литургија. Сѐ е меѓусебно поврзано во Светиот Дух Господ.

Свети Никола Кавасила вели дека треба редовно да се причестуваме – затоа што ние сме како некој мек и слаб сосад на кој печатот Христов не останува долго време така јасен, и ако почесто не се причестуваме со Христос, тој полека се губи[3]. Толку се битни црковните литургиски собранија, што во каноните на Црквата Отците одредиле дека никој не може да се смета за жив член на Црквата ако неоправдано, три недели по ред, не учествува во Литургијата на Црквата[4].

Едно сведоштво од Евангелието постојано ми дарува покајание и љубов кон Бог и кон секој човек, а тоа е фактот дека Он нас прв нѐ возљуби, а не ние Него[5]. Бог ни подари, со симнувањето на Светиот Дух во Црквата, нашиот живот да биде Света Литургија и по Светата Литургија.

Затоа, трудете се вашиот живот да биде Литургија и по Литургијата, бидејќи тоа само од нас зависи и само така има смисла и нашето собрание, овде. Христос вели: *Јас не дојдов да му судам на светот, туку дојдов да го спасам светот* (Јован 12, 47). Значи, ние мораме да учествуваме во спасението на

---

[3] Види: Nicolaus Cabasila, *De Vita in Christo* (Migne PG, 596D).
[4] Види: 80 канон од Петтошестиот (Трулски) Вселенски Собор.
[5] Види: 1 Јов. 4, 10.

светот со наша конкретна љубов, а не да му судиме, и на тој начин да Го сведочиме Христос како Оној што го љуби светот, а не како Оној што му суди на светот. Предуслов за тоа е и ние, кои ја претставуваме Црквата, да имаме љубов меѓу себе: *По тоа сите ќе познаат дека сте Мои ученици – ако имате љубов меѓу себе!* (Јован 13, 35).

Еден од условите нашиот живот суштински да биде Света Литургија и надвор од Литургијата на Црквата е дарот на умно-срдечната молитва, каде што нашиот ум молитвено престојува пред олтарот на нашето срце и смирено Го моли Бог за спасение на целиот свет. Овој дар се надоместува само со целосрдечно послушание кон духовен отец на првиот степен од духовниот развој.

„Цару Небесен, Утешителу, Духу на Вистината, Кој си насекаде и сѐ исполнуваш, Ризницо на добрата и на Животот Подателу, пријди и всели се во нас, и очисти нѐ од секоја нечистотија и спаси ги, Благи, нашите души!“

# НЕДЕЛА НА СИТЕ СВЕТИИ

*Итака, секој што ќе Ме признае Мене пред луѓето, ќе го признаам и Јас него пред Мојот Отец Небесен. А кој ќе се одрече од Мене пред луѓето, и Јас ќе се одречам од него пред Мојот Отец Небесен* (Матеј 10, 32–33).

Секој што ќе врати на злото со зло е оној што се откажува од Богочовекот Христос. Поистоветувањето со световните шеми на поделба: егоцентричност, партии, нации (држави) е извор на злото во христијанинот.

*Кој милува татко или мајка повеќе од Мене, не е достоен за Мене; и кој милува син или ќерка повеќе од Мене, не е достоен за Мене* (Матеј 10, 37).

Тоа е за оние што се обидуваат да ги љубат своите блиски без Христос. Човечката љубов е селективна и се сведува на себељубие. Божествената љубов ја преобразува човечката љубов и таа станува богоподобна – неселективна.

*И кој не го земе крстот свој и не оди по Мене, не е достоен за Мене* (Матеј 10, 38).

Оној што не прима сè што му се случува – па макар и лошо, како дар Божји, оној што не благо-

дари за тоа што му се случило, оној што ги осудува другите за тоа што му се случило, оној што покажува надворешно што му се случило и на кој случените не му станува извор на молитва е тој што не го зема крстот свој и не оди по Христос.

*Тогаш Петар одговори и Му рече: „Ете, ние оставивме сè и по Тебе одиме: што ќе стане, пак, со нас?“ А Исус им рече: „Вистина ви велам, дека вие што врвите по Мене, при повторното раѓање, кога Синот Човечки ќе седне на престолот на славата Своја, ќе седнете и вие на дванаесет престоли и ќе судите над дванаесетте Израилеви колена“* (Матеј 19, 27–30).

Нема да осудат никого, освен оние што самите себе ќе се осудат. Нема да судат никому. Ќе бидат само урнек кој, оние што самите себе се осудиле, го промашиле.

*И секој што остави куќа, или брат, или сестра, или татко, или мајка, или жена, или деца, или ниви, заради Моето име ќе наследи стопати повеќе и ќе добие живот вечен* (Матеј 19, 29).

Ова е напишано за оние што се чудат како вистинските монаси имаат сè, како и сè што ќе посакаат; и тоа не можам да го објаснувам, затоа што е необјасниво за нив.

*И мнозина први ќе бидат последни, а последните први* (Матеј 19, 30).

Оној што нема да седне на „последното место“, односно оној што нема да им стане слуга на своите ближни, е тој што никогаш нема да влезе молитвено во своето срце, во овој свет и век. Јас, откако станав

епископ, не сум седнал на „последното место“, затоа што немам внатрешно духовно покритие за чинот што го носам, последователно – ни соодветни дела. Господ нека ми прости.

Пресвета Богородице, спаси нè!

## „ЛОВЕЦ НА ЛУЃЕ“

Ловец на луѓе може да се нарече само човек со просветлен ум, човек со слово што молитвено извира од неговото очистено срце и кое допира до длабочината на срцето (и умот) на ближниот – човек со присуство во сила. Во негово присуство страстите се парализираат, демонот бега далеку, а неговото слово внесува светлина, сила и надеж во срцето на ближниот.

Луѓето кои се добронамерни, но кои за себе велат дека не веруваат – знаеме најчесто зошто, многу интересно се однесуваат во присуство на „ловецот“. Тие се чувствуваат убаво со него и повторно бараат причина да бидат со него, но не им е познат изворот на убавината што ја чувствуваат. Имаат потреба и некако телесно да ги изразат своите чувства, па бидејќи немаат навика да бакнуваат рака, тие сакаат да го гушнат „ловецот“.

Исто така, имаат желба и на кој било друг начин да му помогнат на „ловецот“, најчесто на материјален или финансиски план. „Ловецот“ никогаш, ама никогаш не бара материјална или финансиска помош од луѓето, ниту губи нечија душа заради пари. Но, ако од педагошки причини и прими материјална

или финансиска помош од нив – на нивно настојување, тој ја користи за пастирската мисија на Црквата, а не за себе. На „ловецот“ ништо не му треба.

На луѓето од Црквата, исто така, им се случуваат чудни моменти во присуство на „ловецот“. На пример, тие најчесто тргнуваат со мисла да се посоветуваат со него за своите недоумици, но во моментот кога ќе го видат, како тие недоумици воопшто и да не постоеле, или самите по себе се разрешуваат – без некаков конкретен совет од „ловецот“. Некогаш е доволен и само еден негов збор и искушението да исчезне. Често се случува „ловецот“, преку своите текстови, да даде одговор на проблемите на луѓето и пред тие да го побараат или видат.

Понекогаш, пак, е многу важно „ловецот“ предвреме да ги знае плановите – не мора во детали, на оние што ја бараат неговата помош. Кога „ловецот“ знае, и Бог знае; кога „ловецот“ не знае, и Бог „не знае“. Да не повторуваме колку е тоа битно при самата исповед, бидејќи само „ловецот“ има власт да одврзе и да врзе, на земјата и на небото[1].

Но, и кога човек ќе се оддалечи од „ловецот“ и кога страста повторно ќе живне, и кога демонот повторно ќе се врати, тој не е оставен сам. „Ловецот“, преку молитвата во своето срце ги одржува светлината, силата и надежта, односно Христовиот печат, како и семето на словото што го посеал во срцето на својот ближен; семето, кое во содејство со слободната волја на оној во кој е посеано и со помош на

[1] Види: Матеј 16, 19.

благодатта на Светиот Дух може да изрти, да порасне и да донесе плод – ослободување на срцето од страстите и нова личност во Христос.

Карактеристика на „ловецот“ е неговата подготвеност и душата своја да ја положи за својот ближен („Боже, јас наместо тие“); на пример: кога е во прашање молитва за смртно болни. Затоа, тие и често биваат излекувани поради неговите молитви – поради сличноста, во намера, на неговата молитва со Христовото дело. „Ловецот“ не е роб на никакви форми при неговото појавување или однесување; тој едноставно се прилагодува кон условите на „ловот“, и затоа е успешен. Тој многу добро ја знае црвената линија која, ако се помине, човекот го прави улов на демонот. „Ловецот“ постојано лови, дури и кога изгледа дека мирува, тој преку срдечната молитва ги полни „стапиците“ што веќе ги поставил.

Не треба да врвиме по Христос затоа што ни ветува дека ќе нè направи „ловци на луѓе“[2], туку затоа што Он прв нè возљуби[3]. Должни сме да оставиме сè, пред сè, својата гордост, и да тргнеме по Него без никакво ветување и без оглед колку ќе нè чини тоа: *А оттаму замина понатаму и виде други двајца браќа, Јаков Заведеев и брат му Јован, во кораб со Заведеј, татко им, кои си ги крпеа мрежите свои, и ги повика. И тие наеднаш го оставија коработ и татко си и тргнаа по Него* (Матеј 4, 21–22). Веднаш, без премислување и прашање.

Денес, „ловците“ се реткост. Повеќе Божјата

---

[2] Види: Матеј 4, 18–22.

[3] Види: 1 Јов. 4, 10.

благодат ги носи луѓето што Го бараат Бог кон духовниците на Црквата, отколку што се тие самите „ловци на луѓе“. Поинаквото мислење е прелест.

Пресвета Богородице, спаси нè!

## ДУХОВЕН РАЗУМ

*Светило за телото е окото. И така, ако твоето око биде чисто, и целото твое тело ќе биде светло; ако, пак, твоето око биде лошо, целото тело ќе ти биде темно. И така, ако светлината што е во тебе е темнина, тогаш каква ли ќе е темнината?* (Матеј 6, 22–33).

Знаете од Светите Отци дека умот се нарекува и око на душата. Ако суштината на умот, во срцето, е чиста, што значи просветлена, тогаш и нашата душа и нашето тело ќе бидат светли; а, ако пак, суштината на умот е извалкана и затемнета, од прифатените и на дело спроведени гревовни помисли, тогаш и нашата душа и нашето тело ќе бидат темни. И телото е учесник во несоздадената светлина на преображението или не е – зависи од нас самите.

Наша прва христијанска цел е да стекнеме духовен разум, односно прво да ја преобразиме енергијата на умот преку нејзината примарна функција – молитвено единство со Бог, односно со Неговата несоздадена енергија, така што еднаш веќе преобразената енергија преобразено да се однесува и во својата секундарна функција – комуникацијата со овој свет.

А, ако раз-умот во нас стане темнина, односно ако знаењето добиено од првото очистување на енер-

гијата на умот го користиме за забележување и осудување на туѓите гревови, а не за исправање на своите, тогаш каква ли ќе е темнината од зависта, паранојата и омразата кон личноста и успесите на нашиот ближен?

Значи, преку задоволувањето на страстите, од една страна, демонот ги прави луѓето поклоници на идолите – демоните, а од друга, им го затемнува умот (а со тоа и разумот) и целото нивно битие. Затоа Богочовекот Христос нè опоменува дека не е возможно истовремено да им служиме на двајца господари, на Бог и на мамон[1].

Треба да правиме разлика помеѓу Оној Кој секогаш е Господар, и во вечноста и во времето, и оној кој е господар само кога некој му служи, и тоа само времено. Нашиот Бог – Света Троица – Отецот и Синот и Светиот Дух, Е секогаш Господар, Творец на небото и на земјата, и на сè видливо и невидливо. Бог е и наш Творец и наш Отец, односно Устроител на нашето спасение во Богочовекот Христос, преку Светиот Дух. Бог е Господар без оглед на тоа дали ние Нему Му служиме или не. Ѓаволот (демонот) е господар само на оние што му служат, инаку е немоќен и пресмешен.

Никој од нас не сака свесно да му служи на демонот, и сите ние се сметаме себеси за слуги Божји. Но, секојдневниот живот нè демантира. Секогаш кога ќе се поведеме по нашите страсти и ќе ги задоволиме, секогаш, велам, ќе му послужиме, повеќе или помалку, на демонот поврзан со нив. И, секогаш кога

---

[1] Види: Матеј 6, 24.

на злото ќе вратиме со зло, му служиме на демонот. А, срцето останува извалкано и затворено за молитвата во него.

Најлошо е кога мислиме дека на Бог Му служиме, а во суштина му служиме на демонот. Тоа се нарекува прелест. Тоа се случува кога начинот на нашиот живот не е восогласен со степенот на духовниот раст на кој се наоѓаме. Оттука произлегува и нашето острастено поистоветување (за разлика од пастирскиот пристап) со овосветските шеми на организирање надвор од Црквата: државата, нацијата, партијата. Затоа, најмногу треба да нè загрижи прашањето: дали сме на правиот пат или не? Интересно е што и кога ќе слушнеме како треба, не сакаме или не собираме сила да се покаеме.

Нашиот пастирски пристап кон државата, нацијата и партијата – нив ги преобразува и зајакнува, додека пак, нас нè осветува, а поистоветувањето со нив – нас нè заслепува, а нив ги уништува. Кој ни е крив потоа!?

Време е да престанеме да му служиме на оној што не е наш господар. Сигурно не сакаме свесно да станеме пасачи на свињи (страсти) при нивниот газда (демонот), страдни да го наполниме својот стомак со нивната храна (задоволување на страстите) и повторно да останеме гладни, кога знаеме дека многу наемници при нашиот Отец Небесен имаат леб (насушен) во изобилие[2]. Што ли имаат тек чедата Божји?

Пресвета Богородице, спаси нè!

---

[2] Види: Лука 15, 15–17.

# ЉУБОВТА КОН ДУХОВНИОТ ОТЕЦ

*А кога влезе Исус во Капернаум, се приближи до Него еден стотник и Го молеше говорејќи: „Господи, слугата мој лежи дома фатен и многу страда“. Исус му рече: „Ќе дојдам и ќе го излекувам“. А стотникот одговори и рече: „Господи, не сум достоен да влезеш под мојот покрив; но кажи само збор и слугата мој ќе оздрави; зашто и јас сум човек подвластен, а имам и потчинети војници; па кога ќе му речам на еден од нив: ’Оди!‘ и тој оди; на другиот: ’Дојди!‘ и тој доаѓа; и на слугата: ’Направи тоа!‘ и тој прави“. Кога го чу тоа, Исус се зачуди и им рече на оние што врвеа по Него: „Вистина ви велам: ни во Израилот не најдов толку голема вера...“ И му рече Исус на стотникот: „Оди си и, како што си поверувал, нека ти биде!“ И слугата негов во истиот час оздраве* (Матеј 8, 5–13).

Римскиот стотник е извонреден пример како треба да го заштитуваме нашиот духовен отец од дополнителен напор и како да му оставиме време да им помогне и на другите што страдаат. Човек треба да си го каже својот проблем, но исто така, ако веќе верува во Бог, во силата на благословот на духовниот отец – кој е на место Христово за нас, треба тоа

да го покаже и преку заштитата на својот духовен отец, и преку можноста што ја остава за пристап до него за другите што страдаат и имаат потреба.

Гледате сите, овие елементи се препознаваат кај римскиот стотник. Ем има проблем што треба да си го каже, ем не Го оптоварува дополнително својот Господ – со што Му овозможува време да им помогне и на другите. Иако Богочовекот Христос го знае одговорот однапред, сепак му вели на стотникот: *Ќе дојдам*, а стотникот вели: [Не мора,] *кажи само збор*. Ова е напишано за наш пример, и за поука.

Римскиот стотник вели и *не сум достоен*. Неговото смирение го препознаваме во овие зборови, но тоа не му е главната поента – да не Го повика во својот дом; поентата му е да не Го заморува, да Го заштити. Поентата е во љубовта. Знае дека Он оди, проповеда, исцелува од болести, зафатен е и затоа едноставно стотникот вели: *кажи само збор*. Гледате колку едноставна благовест!? Ќе си рече човек којзнае што сѐ има тука да се зборува, објаснува и толкува, а сѐ е едноставно и просто: ја гледаме љубовта на духовното чедо кон духовниот отец и неговата грижа за него – да го заштити и поштеди, и покрај тоа што мора да си ги каже маките што ги има.

Дека има вистинска вера и љубов во стотникот, препознаваме не само од љубовта кон Богочовекот Исус Христос, туку и од љубовта што ја покажува кон својот ближен – тој не моли за себе, туку за својот слуга. И, не Го бара Христос само за себе, туку им овозможува пристап до Него и на другите што страдаат.

Секој што на овој начин го заштитува својот духовен отец, и својот ближен, ќе биде прославен од Самиот Христос: *Вистина ви велам: ни во Израилот не најдов толку голема вера.*

Пресвета Богородице, спаси нѐ!

# ПАСТИРСКИ ПРИСТАП
# ИЛИ
# ПОИСТОВЕТУВАЊЕ?

*Во она време, кога дојде Исус во земјата Гергесинска, Го сретнаа двајца бесни, излегле од гробиштата; беа толку лоши што не смееше никој да мине по тој пат. И ете, извикаа и рекоа: „Што имаш со нас Ти, Исусе, Сине Божји? Зарем си дошол тука предвреме да нѐ мачиш?“ А далеку од нив пасеше голем број свињи. И, бесовите Го молеа и говореа: „Ако нѐ изгониш, позволи ни да отидеме во свињите!“ И, Он им рече: „Отидете!“ И, тие излегоа и отидоа во свињите. И, одеднаш сите свињи се сурнаа низ стрмнината во морето и се издавија во водата*[1].

Кога симболиката на оваа беседа би ја преточиле во толкување на политичката сцена на нашата земја во последниве дваесет и пет години – а се работи за верен опис, тоа би било многу тврда храна за мнозина што би читале. Затоа, ќе се воздржиме од таков остар зафат и ќе приложиме на педагошката трпеза мека храна, погодна за болните и духовно немоќните – за да можат да се исцелат и да зајакнат. Секако, тие ќе бидат нахранети со вис-

[1] Матеј 8, 28–32.

тинска храна-лек, а лекот, сепак, малку горчи.

Се сеќавате што ви објаснував пред две-три недели: „Најлошо е кога мислиме дека на Бог Му служиме, а во суштина му служиме на демонот. Тоа се нарекува прелест. Тоа се случува затоа што начинот на нашиот живот не е восогласен со степенот на духовниот раст на кој се наоѓаме. Оттука произлегува и нашето острастено поистоветување (за разлика од пастирскиот пристап) со овосветските шеми на организирање надвор од Црквата: државата, нацијата и партијата.

Нашиот пастирски пристап кон државата, нацијата и партијата – нив ги преобразува и зајакнува, додека пак, нас нè осветува, а поистоветувањето со нив – нас нè заслепува, а нив ги уништува. Кој ќе ни биде крив потоа!?“[2]

Што е пастирски пристап, а што поистоветување, еве, на пример, кога е во прашање партијата? Накратко: пастирски пристап е кога црковните, духовните, Богочовечките вредности ги пренесуваме во партијата, а поистоветување е спротивно од претходното – кога партиските вредности (вредностите на лидерот на партијата) безрасудно и безрезервно ги прифаќаме како свои. Истото важи и за државата и за нацијата.

Прашањето што се поставува сега е многу едноставно. Што ќе ни е Богочовекот Христос и целиот Божји Домострој на нашето спасение во Светиот Дух Господ, ако некоја партија или партиски лидер нам треба да ни ги одредува вредностите и критериумите

---

[2] Види: стр. 127

според кои ќе мислиме и ќе живееме? Нели е малку малоумно да се поистоветуваме со овосветските вредности, кои на крајот, сепак, се сведуваат на задоволување на гревовните страсти за човечка слава и власт, за пари и имот, за телесни наслади, а истовремено да се нарекуваме христијани?

Јасно ни е на сите дека двете работи не одат заедно. Затоа, бидејќи отсега па натаму, вие што ќе прочитате, ќе знаете што е правилно, а што не е, отворено ви кажувам дека ако продолжите да се поистоветувате со овосветските шеми на организирање надвор од Црквата, не можете и да се причестувате со Светите Тајни на Телото и Крвта Христови.

За да можеме да имаме пастирски пристап кон луѓето, треба и самите да се наоѓаме на степен на просветлување на умот со дарот на умно-срдечната молитва или барем да сме во подвиг на очистување на срцето од страстите преку послушание – најдобро кај вистински духовен отец, кој, меѓу другото, го препознаваме и по тоа што нема самиот да ни кажува за која партија да гласаме.

Пресвета Богородице, просветли ја нашата темнина и спаси нè!

# АПОСТОЛСКО ПРЕЕМСТВО, ИЛИ СТАРОЗАВЕТНО?

*Синот Човечки, кога ќе дојде, ќе најде ли вера на земјата?* (Лука 18, 8). Зошто Богочовекот Христос ги изговара овие зборови, кои се од спасително значење и за нас денес?

Денешниот благден е многу погоден да ги разјасниме овие Христови зборови, затоа што денес е ден на светите Апостоли, а посебно на светите Апостоли Петар и Павле, а ние сите се фалиме со тоа дека сме наследници на нивното, односно апостолското преемство, кое во суштина е Христово Предание. Дали навистина сме? Ајде да провериме со едноставна споредба.

Светите Апостоли не носеле никакви посебни одежди за служење на Светата Литургија. Ние, денес, носиме посебни, скапи одежди, па и царски круни ставаме на главите.

Светите Апостоли не служеле во велелепни храмови, туку во обични домови[1]. Ние, денес, се натпреваруваме кој поголем храм ќе изгради, и покрај тоа што многу луѓе живеат во сиромаштија.

Светите Апостоли не служеле во посебни свети

[1] Види: Дела 2, 46; Рим. 16, 34; 1 Кор. 16, 19; Кол. 4, 15.

сосади, туку во сосади што им се наоѓале при рака. Ние, денес, ако тие не се од сребро и не се осветени, не сакаме ни да ги погледнеме.

Светите Апостоли, по начинот на кој се облекувале, не се разликувале од останатите современици. Ние се разликуваме; дури и посебни ознаки на нас носиме за да нѐ препознаат.

Светите Апостоли за своите потреби заработувале со своите сопствени раце[2]. Ние, денес, ги наплаќаме нашите „услуги“, иако од Господ ни е заповедано: бесплатно добивте – бесплатно давајте![3]

Светите Апостоли на сите им станувале сѐ, само некого за Христос да придобијат[4]. Ние, денес, се поистоветуваме со овосветските шеми на човечко организирање надвор од Црквата – држава, нација, партија, и му помагаме на демонот во погубување на душите на сите оние што не се прилагодуваат кон нашите шеми на поистоветување – затоа што ги отфрламе.

Светите Апостоли имале авторитет, т.е. внатрешно духовно покритие за чинот што го носеле. Ние, денес, немаме. Немаме просветлен ум и умно-срдечна молитва, не сме обожени.

Светите Апостоли ги пишувале правилата (светите канони) според коишто и самите живееле[5]. Ние, денес, ги нарушуваме или ги злоупотребуваме како оружје против својот ближен.

---

[2] Види: Дела 20, 33–34.
[3] Види: Матеј 10, 8.
[4] Види: 1 Кор. 9, 22.
[5] *Didascalia et Constitutiones Apostolorum*, edidit Franciscus Xaverius Funk, Paderbornae, 1906.

Светите Апостоли маченички пострадале заради Христос. Ние, денес, уживаме во разни задоволства. Светите Апостоли живееле во единство и љубов, а ние денес – не. Итн.

Не велам дека некои од погоренаведените нешта се лоши или непотребни, како црковните канони, храмови, сосади, одеждите итн. – напротив, но велам, заедно со Светите Отци[6], дека нема ништо посвето од човекот и дека тие се само педагошки средства за верните да растат *до мерата на полната возраст на Христовото совршенство* (Ефес. 4, 13), а не идоли, кои верните треба да ги држат во духовно ропство, а кои нам ни овозможуваат да го црпиме својот надворешен авторитет над верниот народ. При доаѓањето на антихристот сето погоре наведено природно ќе отпадне.

Очигледно, споредбата нè прави сосем неподобни на Апостолите (најпрво мене), а многу слични на старозаветното свештенство – кое Го отфрли Богочовекот Христос[7]. Јасни ли се, сега, зборовите на Богочовекот Христос: *Синот Човечки, кога ќе дојде, ќе најде ли вера на земјата?*

Пресвета Богородице, просветли ја нашата темнина и спаси нè!

---

[6] Види: Macarius Magnus, *Homilia XLV* (Migne PG, 789C); Basilius Magnus, *De generatione luminarium* (Migne PG, 117D); Saint Gregory Palamas, *The Homilies*, Mount Thabor Publishing, Dalton, PA, 2014, стр. 135; Архимандрит Др Јустин Поповић, *Догматика Православне Цркве III*, Манастир Св. Ћелије код Ваљева, Београд, 1978, стр. 12.

[7] Види: Јован 7, 32–49; 8; 9, 1–38.

## ФАТЕНИ ОД ГРЕВОТ

*Во она време влезе Исус во еден кораб, се врати и пристигна во Својот град. И ете, донесоа при Него еден фатен, положен на постела. Па кога ја виде Исус нивната вера, на фатениот му рече: „Не плаши се, чедо! Ти се проштуваат гревовите твои!“ Тогаш некои од книжниците рекоа во себе: „Овој богохулствува“. А Исус, штом ги разбра мислите нивни, рече: „Зошто мислите лошо во срцата ваши? Или, што е полесно? Да кажам: ’Ти се проштуваат гревовите твои!‘ или да кажам: ’Стани и оди!?‘ Но, за да знаете дека Синот Човечки има власт на земјата да проштува гревови“. Тогаш му рече на фатениот: „Стани, земи си ја постелата и оди си дома!“ И тој стана, ја зеде постелата своја и си отиде дома* (Матеј 9, 1–7).

Во ова евангелско четиво најнапред се истакнува верата на фатениот и на оние што го носат. Пред сè, верата на фатениот...

Еднаш веќе ви зборував дека и верата, или верувањето, многу зависи и се разликува од тоа на кој степен од духовниот развој се наоѓа човекот. Она во што уште верува (аскетска вера) и кон што се стреми оној што се наоѓа на степенот на чистење на срцето од страстите, веќе е знаење и опит за оној што е на вториот степен, а не прашање на вера. Она

во што уште верува (благодатна вера) и кон што се стреми оној што се наоѓа на степенот на просветлување на умот, веќе е знаење и опит за оној што е обожен, а не прашање на вера.

Друго нешто што е истакнато во денешното евангелие е и вистината дека Господ Бог е единствениот Кој има власт да ги простува гревовите, ако со вера и покајание, односно со смирение и благодарност пристапиме кон Него; и дека Богочовекот Исус Христос е вистински Бог. Вистинско покајание значи неповторување на гревот. Вистинското простување на гревовите, исто така, се препознава од неповторувањето на гревот. Оној што има вистинско покајание ќе добие и вистинско простување на гревот од Самиот Господ, што значи и исцелување од последиците на гревот, а тоа се душевните и телесните болести. Вистинското простување на гревот и исцелувањето на неговите последици не е ништо друго, туку возобновување на нашата заедница со Бог, во Богочовекот Исус Христос, во Црквата на Светиот Дух.

Токму овој момент, простувањето на гревот, е причина за помислите на книжниците. Тие знаат од Книгите на Законот дека единствено Бог има власт да простува гревови. Затоа, немаше ништо да помислат ако Христос само го исцелеше фатениот, зашто тоа ќе беше само уште едно исцеление од многуте кои во тоа време Он ги правеше; но објавата на простувањето ги соблазнува. Заради нивно обраќање и спасение, Богочовекот Исус Христос постапува по редот по кој следуваат настаните: прво, ем љубовно им ги открива помислите на нивните срца, ем им ја projавува Божјата сила и власт од Себе – со исцеле-

ние на фатениот. Со други зборови, јавно простува – за да ги предизвика вниманието и заинтересираноста на нивниот ум, односно за да им ги подотвори срцата, па потоа и јавно исцелува – за веќе отворените срца и умови да можат да го примат Божјото чудо.

Знак дека нашите гревови ни се простени е добивањето на дарот на умно-срдечната молитва. Тоа е ослободување од робувањето на страстите, од гревот, од демонот и од смртта. Тоа е показател за неприпадност на овој свет и за восиновување од Бог.

Уште една умилителна благовест гледаме на почетокот од евангелскиот отсечок, откако фатениот и неговите пријатели во пракса ја покажаа својата аскетска вера, а тоа се Христовите зборови: *Не плаши се, чедо!* Ова се зборови со исто значење како и зборовите Христови: *Не бој се, мало стадо! Зашто волјата на вашиот Отец е вам да ви го даде царството* (Лука 12, 32). Наше е само преку аскетската вера да влеземе во послушание на волјата на нашиот Отец Небесен. Со други зборови: сакаш да бидеш душевно и телесно здрав? Па, биди! Едноставно.

Пресвета Богородице, просветли ја нашата темнина и спаси нè!

# ПРОГЛЕДУВАЊЕ НА ДУХОВНО СЛЕПИТЕ

Во денешното евангелие[1] опишани се две состојби, кои едноставно нѐ наведуваат на аскетско-исихастичко толкување. Дури и мислам дека ова четиво е едно од поиндикативните во Светото Писмо за степените на духовниот развој, кои се препознаваат по видот на молитвата.

Првата состојба е кога слепите повикуваат по Богочовекот Исус Христос: *Помилуј нѐ, Исусе, Сине Давидов!* (Матеј 9, 27). Оваа состојба го покажува првиот степен од духовниот раст – *чистење на срцето од страстите*. За овој степен знаете дека се карактеристични усната молитва и очистувањето на енергијата на умот, односно првото гледање на несоздадената светлина, но исто така, и сѐ уште присутната затвореност на срцето за молитвата и непросветленоста на умот, т.е. духовното слепило. Кај слепите ја забележуваме не само упорноста во усната молитва, туку и свеста дека се слепи и дека треба да се ослободат од тоа слепило. Слепите веруваат дека Христос може да ги исцели.

Истото важи и за нас. Треба да знаеме дека

[1] Види: Матеј 9, 27–35.

духовно сме слепи (немаме умно-срдечна молитва и просветлен ум), треба да веруваме дека Христос може да нè исцели и треба оваа наша вера да ја докажеме со што почесто призивање на името Исусово, без да дозволиме некој или нешто да нè попречува. Кога постепено, преку молитвениот подвиг ќе почнеме да ја чистиме енергијата на умот, тоа ќе ни овозможи да согледаме каде се наоѓаме, да видиме дека сме слепи, дека сме паднати во однос на Христовиот идеал и уште посилно да повикаме кон Него. Но, ако знаењето што останува од првото очистување на енергијата на умот го употребиме за да ги гледаме и судиме туѓата грешност и слепило, тогаш го одбираме погрешниот пат, кој нè враќа многу назад.

Во ова евангелие гледаме и колку точно слепите ја изговараат формулата на Исусовата молитва – *Помилуј нè, Исусе, Сине Давидов!* Богочовекот Исус Христос ги прашува: *Верувате ли дека можам да го направам тоа?* Тие му одговараат: *Да, Господи! Тогаш Тој се допре до очите нивни и им рече: „Нека ви биде според вашата вера!“* Откако очите им се отворија, Исус строго им заповеда: *„Гледајте никој да не узнае!“ А тие, штом излегоа, разгласија за Него по целата таа земја* (Матеј 9, 28–31). Просветлените имаат слобода да проповедаат.

Втората состојба што може да се издвои во денешното евангелие е кога Христос направи слепите да прогледаат. Оваа состојба го покажува вториот степен од духовниот раст, а тоа е *просветлувањето на умот*. Всушност, самото прогледување го означува просветлувањето. Просветлувањето, од една страна, претполага доволно очистена суштина на ср-

цето од страстите, а од друга, тоа е Божји дар. Таа чистота на срцето ја овозможува пројавата на благодатта на Крштението во него, како и симнувањето на умот во местото од каде што таа се пројавува. Бидејќи умот веќе го знае местото на срцето, тој ја напушта усната молитва и продолжува да се моли внатре во срцето. Таму внатре, соединет молитвено со Божјата благодат, тој се просветлува.

Добро е и ова да го знаете: оние што се наоѓаат на степенот на просветленост, исто така, се чувствуваат како слепи во однос на оние што со своите преобразени телесни очи ја гледаат несоздадената божествена светлина, дури и повеќе отколку што своето слепило го чувствуваат вистински духовно слепите од степенот на чистење на срцето од страстите. (Ако воопшто и ја чувствуваат...) Затоа и свети Григориј Палама во тој период од својот духовен развој молитвено повикувал: „Господи, просветли ја мојата темнина!“

Пресвета Богородице, просветли ја нашата темнина и спаси нè!

## ДАВАЊЕ И КОГА СЕ НЕМА ДОВОЛНО ЗА СЕБЕ – ОСНОВА ЗА БОЖЈО ЧУДО

*И кога излезе Исус, виде многу свет; и се смили над нив и ги излекува нивните болни. А на стемнување се приближија до Него учениците Негови и рекоа: „Овде е местово пусто, а и доцна е веќе; пушти го народот да отиде по селата и да си купи храна“. Но Исус им рече: „Нема потреба да одат; дајте им вие да јадат!“ А тие Му рекоа: „Ние имаме само пет лебови и две риби“. Он им рече: „Донесете Ми ги тука!“ И како му заповеда на народот да седне по тревата, ги зеде петте лебови и двете риби, погледна кон небото, ги благослови и како ги прекрши, им ги даде лебовите на учениците, а учениците – на народот. И јадеа сите и се наситија; и кренаа дванаесет кошеви полни со останати парчиња. А оние што јадеа, беа околу пет илјади души, освен жените и децата. И веднаш ги покани Исус учениците Свои да влезат во кораб и да минат на другата страна пред Него, дури да го распушти народот* (Матеј 14, 14–22).

Навидум евангелска случка за која нема ништо да се каже, освен да се прославува Богочовекот Исус Христос и за ова Негово чудо, направено за нас и нашето спасение. Но, дали? Сепак, да се обидеме да

го пронајдеме нејзиното подлабоко значење:

Важно е да се има волја за добро дело и послушност, останатото е Божја работа. Апостолите ја гледаат потребата на народот, сакаат да помогнат, но свесни се дека се немоќни и се обраќаат кон Господ, подготвени да го послушаат Неговото слово.

Давање и кога се нема; тогаш се случува Божјото чудо – и сите добиваат колку што треба и нам ни останува (добиваме) повеќе отколку што сме дале. Гледаме дека Апостолите ја предлагаат за помош сопствената храна, што и за нив самите не е доволна. Ова е клучниот момент – давање и кога се нема доволно ни за себе.

Хиерархиски ред и поредок. Учениците ги забележуваат потребите на народот и се обраќаат кон Господ, подготвени да послушаат – тоа е битно, иако користат и нудат своја логика за решавање на проблемот. Господ му заповеда на народот да седне – зашто сите ќе дојдат на ред да добијат, и народот Го слуша. Господ го прави чудото, а потребите на народот ги задоволува преку Своите ученици.

Забележуваме совршен литургиски поредок при ова чудо и совршена икона на Светата Литургија, како и на Светата Црква. Истите зборови се користат и денес на Светата Литургија во канонот на Евхаристијата (Благодарењето). „И откако го зеде лебот... благодари, го благослови, го освети, го прекрши, им го даде на Своите свети ученици и апостоли..."

И да се потсетиме, нема храм, нема посебни сосади, нема посебни одежди, нема црпење авторитет однадвор, нема грижа дали некоја трошка паднала на

земја – затоа што сè е храм и сè е свето; има само љубов за ближниот, има несомнена вера, има послушание до посветеност и има Божји благослов. Едноставно, има Бог и има луѓе во слободна и љубовна, лично-соборна заедница и со Него и меѓусебно – има сè. Има Црква.

И ги излекува нивните болни – почетокот е и крај. Вистинско исцеление ни носи само учеството во Светата Литургија на Црквата и причестувањето со нејзините Свети Тајни.

Истото се случува и со оние – духовно сиромашните (како мене), кои се обидуваат да го толкуваат Евангелието: ја гледаат потребата на народот, гледаат дека се немоќни да му помогнат, се обраќаат кон Господ, и со надеж дека ќе бидат помогнати, почнуваат невешто да ги запишуваат првите зборови на толкувањето. И потоа, одеднаш сè станува лесно – мислите се редат една по друга, текстот се појавува во својата почетна верзија, така што и самите се чудат што се случува. Сфаќаат дека нема ништо нивно, освен волјата за добро дело и послушноста кон Господ, и кон делото што им е дадено од Него – па ни тоа.

Пресвета Богородице, просветли ја нашата темнина и спаси нè!

# РАЗЛИКА ПОМЕЃУ БОЖЈО И ДЕМОНСКО ЧУДО

*На четвртата стража, преку ноќта, дојде Исус при нив, одејќи по морето. А учениците, штом Го видоа како оди по морето, се уплашија и рекоа: „Тоа е привидение“, и од страв извикаа. Но, Исус веднаш почна да зборува со нив и им рече: „Не бојте се! Јас сум, не плашете се!“ А Петар, одговарајќи Му, рече: „Господи, ако си Ти, позволи да дојдам при Тебе во водата!“ И Исус му рече: „Дојди!“ Па штом излезе од коработ, Петар тргна по водата за да оди при Исус; но, кога го виде силниот ветар, се уплаши, почна да потонува и извика: „Господи, спаси ме!“ Исус веднаш му подаде рака, го фати и му рече: „Маловернику, зошто се посомнева?“ И кога влегоа во коработ, ветрот престана. А оние што беа во коработ, се приближија до Него, Му се поклонија и рекоа: „Навистина, Ти си Син Божји!“* (Матеј 14, 25–33). ...По стоти пат.

Ова случување од животот на Богочовекот Исус Христос веќе е толкувано и ако добро се сеќавам, објаснувањето се сведува на тоа дека бродот ја симболизира Светата Црква, дека бурата ги симболизира искушенијата низ кои Црквата поминува во текот на историјата и дека Христос ги допушта тие искушенија поради нашите гревови – за да се освестиме, по-

каеме и вистински да Го побараме да дојде и да нè спаси од нив. Што се однесува до Апостолот Петар, за него се објаснува околу неговата вера и маловерие, од кои зависат неговото одење и пропаѓање во водата.

Во минатата беседа објаснив дека Бог прави чуда таму каде што има основа за чудо, односно таму каде што нема друго решение; кога заради Него и Неговата љубов даваме и од она што не е доволно ни за нас – е, тогаш нема друго решение освен чудо. Убав пример се светите Маченици, кои го даваат и својот живот заради сведоштво на Христос; тогаш гледаме многу чуда и за време на нивното сведоштво преку маченииштвото и по нивното упокојување. Исто така, убав пример се вистинските монаси – и тие преку целосрдечното послушание го предаваат целиот свој живот во Божји раце, но затоа најмногу кај нив може да се забележат Божјите дарови на умно-срдечната и чудотворна молитва, поради која светот уште постои. Минатиот пат ви го објаснив чудото на тоа кога даваме од своите материјални блага и тогаш кога немаме доволно ни за самите себе.

Прашањето што се поставува сега е: дали имаше основа за чудо и во случајов на Апостол Петар? Дали тој дава нешто што не е достаточно и за самиот него или бара нешто што не е својствено за паднатата човечка природа? Дали тоа што го бара само за себе пред публика е заради Христос и заради Неговата љубов, или заради нешто друго? И, дали Христовото *дојди* беше благослов или изнуден благослов? Тешко дека ќе можеме позитивно да одговориме на овие прашања – затоа Петар и пропадна во водата. Верата не е непотребна егзибиција: *Ако си Син Божји,*

*фрли се одовде долу! Зашто е напишано: „На ангелите Свои ќе им заповеда за Тебе, да Те запазат“* (Лука 4, 9–10). И каков одговор доби ѓаволот? Знаеме: *Не искушувај Го Господ, својот Бог* (Лука 4, 12).

Е па, тоа е таа разлика меѓу Божјите чуда и демонските чуда. Едните се случуваат кога даваме иако немаме доволно ни за себе, во крајна нужда и безизлезна ситуација, заради сведоштво Божјо, заради Бог и заради Неговата љубов, што автоматски подразбира и заради спасение на сите луѓе; другите се случуваат заради барање, гордост, човечка и демонска слава, и заради држење на луѓето во страв и ропство. Со вториве чуда ќе се случи и доаѓањето на глупавиот антихрист. И така луѓето отсекогаш повеќе барале чуда, отколку што Го барале Бог.

Чуден лик е Апостол Петар, впрочем, како и сите ние. Во неговото, како и во нашето житие, забележуваме доста падови, и тоа тешки, како и повторни станувања, но неговото житие завршува свето – со мачeничко сведоштво на својот Учител, Богочовекот Исус Христос, а нашето допрва ќе видиме... Тој е вистински духовен воин – ниту еден пораз не го поколеба да ја заврши духовната војна докрај.

Пресвета Богородице, по молитвите на светиот Апостол Петар, помогни ни и ние духовната војна да ја завршиме со победа – Божјо чудо! Оти, пак, нема како.

## ОВОЈ РОД СЕ ИСТЕРУВА... САМО СО БЛАГОДАТ БОЖЈА

Едно е аскетска вера и доверба во Господ, а друго е благодатна вера. Едно е аскетска молитва, а друго е благодатна молитва. Едно е аскетска љубов кон нашите ближни, а друго е благодатна љубов. Истото важи и за подвигот во сите други добродетели.

На првиот степен од духовниот развој, кој се нарекува *чистење на срцето од страстите*, подвигот на секој човек во која било добродетел е повеќе аскетски отколку благодатен. Тоа значи дека срцето на овој степен сè уште е подложно на страстите и заробено од нив, така што демонот релативно лесно, преку помислите и сетилата, однатре, го наведува човекот на грев. Колку што човекот слободно му се приклонува на гревот, толку Божјата благодат отстапува од него.

Затоа и подвигот на првиот степен (посебно по намерното сокривање на првата благодат) изгледа многу тежок, а некојпат дури и безнадежен. Треба да се вложат многу напор и труд во моменти кога ни се чини дека нема помош од никаде. Треба да ги исполнуваме заповедите Божји и кога за тоа воопшто немаме желба и волја, и не го чувствуваме тоа како потреба во нас. Присилувањето на самите себе е клуч-

ниот момент поради кој подвигот се нарекува аскетски. На човек му останува само да се присили себеси во творење добро, во согласност со своето послушание, верувајќи дека Бог ќе му помогне. Затоа и таткото на демонизираното момче низ солзи вели: *Верувам, Господи, помогни му на моето неверие!*[1]

Духовниот развој (преминот кон просветлување на умот со умно-срдечната молитва) ни е овозможен само во моментите кога Божјата благодат останува скриена, а ние продолжуваме да се трудиме во исполнувањето на добродетелите. Секогаш кога паѓаме и не успеваме да ја исполниме добродетелта, во тие моменти на криење на благодатта, ние не сме го поминале испитот и повторно ќе треба да го полагаме сѐ додека не успееме. Светите Отци велат дека во моменти кога благодатта се крие треба да постапуваме – иако тоа воопшто не го чувствуваме така, како да е таа присутна.

Христос нѐ поучува дека демонскиот род може да се истера само со молитва и пост. Тоа значи дека со страстите, од коишто луѓето се заробени, се поврзани демоните; и сѐ додека човек не се ослободи, очисти од своите страсти, сѐ дотогаш не ќе може да се ослободи и од демонот поврзан со нив, и од неговото негативно влијание во нашето духовно срце. Знак дека срцето е доволно очистено од страстите е појавата на благодатта на Крштението од него и добивањето на дарот на умно-срдечната молитва; тогаш демонот отстапува однатре, а неговата борба против нас мора да ја организира надворешно – преку своите

[1] Види: Марко 9, 17–29.

луѓе, негови слуги.

Духовниот отец, кој преку духовното раководство ќе му помогне на своето духовно чедо да се очисти од страстите и да се ослободи од демонот, истовремено му помага и да не го повторува истиот грев, а само тоа значи и вистинско простување на гревот. Без учество во благодатта на Светите Тајни на Црквата, бесплодно е подвизувањето со пост и молитва. Демонот се истерува од нас само во содејство со благодатта на Светиот Дух Господ.

Демонот, пред сѐ, треба да го истераме од себе, потоа истерувањето од другите што сакаат е многу лесна работа. Обратниот обид може само да привлече и други демони во нас. Тоа е.

Пресвета Богородице, спаси нѐ!

# ЦАРСТВОТО НЕБЕСНО ПРИЛЕГА НА... ПРОСТУВАЊЕ

Честопати и мене ме прашуваат зошто примам или им помагам на луѓе за кои мнозина од искуство тврдат дека мамат и дека нема што да губам време со нив. Иако често и јас ја имам истата проценка, им одговарам дека човекот досега мене лично не ме излажал и дека должен сум да му дадам шанса, можеби по односот со мене ќе се промени. И така, ако ме излаже, нема да има никаков проблем со мене, туку – за среќа, директно со Бог. Кога на кантар ќе се стави малата штета што би можел да ја претрпам и можноста за спасение на една душа, секогаш преовладува второто – личниот однос. Посебно што доброто што сум му го направил е семе посеано во неговото срце, кое има голема шанса еден ден, сепак, да донесе плод – ако на злото му враќам со љубов.

Така е со нас, луѓето, кои и немаме многу време и средства за губење, а човекот, откако еднаш ќе нѐ излаже, обично долго не се појавува во нашиот живот, туку само во нашите молитви. Бог, Кој дејствува од перспектива на вечноста, му дава на човекот многу повеќе од една шанса да се покае сѐ додека со своето однесување си штети само на себе, но ако наштетува на поголем број луѓе што ги при-

фаќаат своите страдања како дар Божји, тогаш шансите за зло дејствување драстично му се намалуваат. Ако, пак, оштетените не ги примаат страдањата како дар Божји и понатаму хулат на Бог, тогаш страдањата продолжуваат сѐ додека истите не се покајат и не побараат помош од Бог.

Има многу варијанти на темава – општи и лични, а една од нив е и варијантата на лично ниво што ја слушнавме во денешното евангелско четиво[1]. Царот, односно Бог, му го простува големиот долг на својот слуга, простување што е, всушност, милост поради невозможноста за наплата на долгот. Ненадоместлива е разликата помеѓу создаденото и Несоздадениот, односно како ќе Му се оддолжи човекот, кој на дар ги добил своето постоење и живот, како и можноста да биде бог по благодат, на Бог, Кој го создал? Не може. Може само да воспостави личносен однос заснован на благодарност и простување од љубов.

Простувањето е милост. Тоа го потврдува и Самиот Бог: *Лукав слуго, јас ти го простив целиот долг, зашто ми се молеше; не требаше ли и ти да се смилиш над својот другар, како што се смилив и јас над тебе?* (Матеј 18, 32–33). Милоста можеме слободно да ја наречеме и љубов, особено кога се говори за Бог. Оти, и простувањето, и милоста, и љубовта, како и сите други добра што од Него ги добиваме се само Негова несоздадена енергија или енергии – во зависност од нејзиното пројавување, преку која Бог стапува во личносен однос со нас и нѐ спасува.

---

[1] Види: Матеј 18, 23–35.

Несоздадената енергија Божја ја добиваме во сета своја полнота сите ние што сме крстени во Црквата. Таа енергија почива во нашето духовно срце. Целта на христијанскиот живот е, преку очистувањето на срцето од страстите, да ја активираме и актуализираме несоздадената Божествена енергија, која кога ќе се пројави од нашето доволно очистено срце, ни го покажува и местото на срцето, а нашиот ум го добива дарот на умно-срдечната молитва. Оваа молитва, носена на крилјата на љубовта и кон непријателите, сè посовршено нè соединува и ја овозможува нашата личносна заедница со Бог, со Отецот и Синот и Светиот Дух; а го обожува и нашето тело.

Затоа велиме дека не толку Богочовекот Исус Христос нешто се преобрази пред Своите ученици, колку што нивните очи, преобразени од несоздадената енергија (благодат) Божја, ја видоа Неговата вистинска слава – колку што во тој момент можеа[2].

Пресвета Богородице, Ти Која единствена ни ја даруваш умно-срдечната молитва, спаси нè!

---

[2] Види: Матеј 17, 1–9.

## СЕТО ТОА... НЕ СУМ ГО ЗАПАЗИЛ ОД МЛАДИНИ

Во денешното евангелско четиво[1] можеме да видиме како се одвива актот на самооправдување и какви се последиците од него.

Слободно можеме да заклучиме дека Христос последното барање му го постави на младичот (*Ако сакаш да бидеш совршен, оди и раздели г̄о својот̄ имот̄ на сиромаси, п̄а дојди и врви п̄о Мене!* – Матеј 19, 21) не толку поради тоа што навистина очекуваше од него да го исполни повикот за совршенство, туку само за да му покаже дека ги нема исполнето ниту претходните заповеди што тој тврдеше дека ги запазил, како и да му покаже од кои точно страсти боледува.

Дека младичот навистина не ги исполнил заповедите што Богочовекот Христос му ги посочи и дека не го поминал патот на очистување од страстите и просветлување на умот – кој го поминуваме преку исполнување на заповедите – покажува и фактот што тој не Го препозна Него како Господ, ниту на почетокот од разговорот, ниту потоа. Доколку навистина ги имаше исполнето заповедите, младичот ќе го беше поминал патот на очистување, ќе беше просветлен и,

---

[1] Види: Матеј 19, 16–26.

како и во многубројни други примери во Евангелието, ќе Го препознаеше Господ во учителот (како што тој Го нарече) Исус, и ќе тргнеше по Него.

Страста што Самиот Господ ја посочува како пречка за очистување и отворање на срцето на младичот е среброљубието: *Ако сакаш да бидеш совршен, оди, продај го имотот свој, раздели го на сиромаси и ќе имаш сокровиште на небото, па дојди и врви по Мене!* Но, како што знаеме, младичот си отиде нажален, затоа што беше многу богат, затоа што беше заробен и затемнет од страста среброљубие.

Затоа, неговите зборови *што ми е уште потребно за да имам живот вечен* (Матеј 19, 16) не се ништо друго освен потврда на самооправдувањето и показател на високото мислење за самиот себе, пример за мнение. Тоа мнение и му попречи на младичот да ги забележи прекорот и опомената (со Кого разговара), упатени кон него уште на почетокот од разговорот, што се кријат во, по малку, грубите Христови зборови: *Зошто Ме нарекуваш благ? Никој не е благ освен единиот Бог* (Матеј 19, 17). Поради таа прелест на мнение и поради страста среброљубие младичот и си оди нажален, мислејќи дека сè направил како што треба, а ете – останува неразбран, незабележан и непризнат.

Вакво нешто се случува и со нас секогаш кога на некој прекор од нашиот духовен отец реагираме со истиот грев на самооправдување како младичот – односно секогаш кога се противиме на прекорот од нашиот духовен отец и наместо да го изговориме зборот „прости“, се самооправдуваме, кажувајќи ја причината поради која нештото се случило. А сè што

се бара од нас во тој момент, без разлика дали тоа што духовниот отец го вели нам ни изгледа или навистина е неточно, е да одговориме со послушание, со зборот „прости“ – со смирено прифаќање на неговиот прекор, а со тоа и на Божјата очистувачка несоздадена енергија.

Суштината на подвигот на очистување на срцето од страстите се состои во зборот „прости“, во смиреното прифаќање на словото на духовниот отец упатено кон нас, што значи – во послушанието, за да се покори нашиот горд ум, во барање на Божјата, а не на човечката правда. Секогаш кога нема да одговориме со зборот „прости“, треба да знаеме дека ако ништо друго, робови сме на страста славољубие, на високото мислење за самите себе, на мнението.

Пресвета Богородице, просветли ја нашата темнина и спаси нѐ!

## ПОСЛЕДНА НАДЕЖ ЗА СПАСЕНИЕ

Она нè научи Кој Е смислата на нашиот живот. Она нè научи Кој Е вистинска љубов. Она нè научи Кој Е апсолутна слобода. Она нè научи Кој Е одрекување од овој свет. Она нè научи Кој Е небесно смирение. Она нè научи Кој Е непрелестно кружно движење на умот во Бог, односно благодатна умно-срдечна молитва. Она нè научи Кој Е совршена заедница со Бог. Она е новиот, личносен однос со Бог.

Она е совршен сад на Божјото Предание. Она дозволи да се воплоти Единородниот Син Божји во Неа – од Светиот Дух. Она Го роди нашиот Господ, Богочовекот Исус Христос. Она пострада, а и сега страда, под Крстот Христов, како никој од човечкиот род – кога било. Она, од сите нас, прва воскресна. Она е граница меѓу несоздаденото и создаденото. Преку Неа го добиваме секој дар Божји. Секој наш дар на Бог, Он преку Неа го добива. Она е Црквородица[1]. Она е нашата Мајка, а ние сме Нејзини деца – по благодат. Она е нашата последна надеж за спасение.

Она не е божица! Она е нешто попрекрасно

---

[1] Види: Архимандрит Др Јустин Поповић, *Догматика Православне Цркве III*, Манастир Св. Ћелије код Ваљева, Београд, 1978, стр. 645.

и позначајно за нас – Она е Богородица! А јас, ништиот, како да ти објаснам поподробно за Неа, драг читателе, кога тие зборови ги нема.

Подобро да го оставиме свети Григориј Палама да ни говори за Марија и за Нејзиниот живот и молитвен подвиг: „Испитувајќи што му е најпотребно на молитвеникот за да беседи со Бог, по кој пат доаѓа молитвата, Богородица го пронаоѓа свештеното тихување... оддалеченост од светот, заборав на сè земно и стремење кон божествените откровенија, избор на ʼподобриот делʻ. Открива дека ако умот не се расејува кон земните работи, би можел да се оддаде на подобро и повозвишено дејствување, што значи да се сврти кон самиот себе: единственото дејствување преку кое тој би можел да се соедини со Бог“[2].

Пресветата Дева, престојувајќи во храмот, „со внимание и во непрестајна божествена молитва, целата Своја стана... и воспостави нов и неискажлив пат кон Небото, кој јас ќе го наречам ʼмолчание на умотʻ. И, предавајќи го Својот ум на ова молчание, ја наткрили сета твар, и подобро од Мојсеј ја виде славата Божја, и беше посветена во божествената благодат, која никако не е подложна на силата на чувствата, туку претставува прекрасно и свештено созерцание – својствено за непорочните души и умови.

Бидејќи причесна на ова [бого]созерцание, Пречистата – како што пеат црковните химни – стана светлоносен облак на навистина Живата вода, зора на таинствениот ден и огнена кочија на Логосот. (...)

---

[2] Saint Gregory Palamas, *The Homilies*, Mount Thabor Publishing, Dalton, PA, 2014, стр. 437–438.

Токму затоа – не знаејќи за маж – Таа и ја стекна благодатта да Го роди Богочовекот Христос“[3].

Верувам дека сега во потполност го сфативте она што го реков во една моја беседа: учењето за умно-срдечната молитва не е едноставно еден дел од севкупното Свето Предание, тоа е самата срж на Светото Предание на Православната Црква. Без умно-срдечната молитва нема ни Предание.

Пресвета Богородице, просветли ја нашата темнина и спаси нѐ!

[3] Истото, стр. 441–443.

# ЛАЖНИТЕ ЛОЗАРИ

Пораката од денешното евангелие[1] најдиректно се однесува на денешните лозари, односно на новозаветното свештенство: епископите, презвитерите и ѓаконите; како и на денешното лозје – новозаветниот народ Божји, Црквата.

Толкувањето, пак, на ова евангелско четиво од аскетско-исихастички аспект ни ги открива причините поради кои се убивани испратените слуги – пророците, и Синот, Христос. Во врска со тоа се наметнуваат две прашања: прво, кој или каков плод требаше да Му принесат лозарите (свештенството) на Бог? И второ, каков плод тие, всушност, произведуваат сакајќи истиот да го задржат за себе, откако веќе го присвоиле лозјето?

Согласно светиот апостол Павле, плодот на Духот што лозарите (свештенството) требаше да Му го принесат на Бог од Неговото лозје (верниот народ Божји) се добродетелите: *љубовта, радоста, мирот, долготрпеливоста, добротата, милосрдноста, верата, кротоста, воздржливоста* (Гал. 5, 22–23).

За да се постигне оваа црковна цел, свештеникот Божји (епископот, презвитерот) најнапред треба

[1] Види: Матеј 21, 33–42.

самиот да се очисти од страстите на срцето, да го просветли умот и ако може, да се обожи, а потоа и доверениот народ Божји да го поведе по тој пат на чистење од страстите, просветлување и обожение. Самиот смирено да се вгради во единството на Црквата, а потоа и со своите духовни чеда да го надградува тоа единство.

Страстите се главната причина поради која се нарушуваат, прво, внатрешниот мир и духовниот развој на самите членови на Црквата, а потоа и љубовта и мирот меѓу нив, односно црковното единство. Еве како светиот апостол Јаков ја опишува борбата што во нас и меѓу нас настанува поради страстите: *Од каде се војните и расправиите меѓу вас? Не оттаму ли – од вашите страсти, кои се борат во органите ваши? Пожелувате и немате; убивате и завидувате, и не можете да добиете; се препирате и војувате, а немате, бидејќи не молите. Просите, а не добивате, оти зло барате, за да го трошите во вашите страсти* (Јак. 4, 1–3).

Така, на оние лозари (свештеници) што се обземени од самољубието не им одговара лозјето (народот Божји) да принесува плодови што Му се угодни на Бог, туку главно плодови што ќе ги хранат нивните страсти. А многу е очигледно дека сè започнува од страстите славољубие, среброљубие и сластољубие на лозарите: *Овој е Наследникот! Ајде да Го убиеме и наследството ќе биде наше* (Марко 12, 7). Денес, во пракса, повторно можеме да ги забележиме истите три подгрупи на главната страст самољубие, што се пројавуваат кај лозарите, т.е. свештенството:

Славољубието ги принудува луѓето да се борат меѓу себе за власт и слава, па дури и на штета на црковното единство и на штета на севкупното сведоштво Христово што Црквата треба да го покаже во овој свет, за негово спасение: *По тоа ќе ве познаат сите дека сте Мои ученици, ако имате љубов меѓу себе* (Јован 13, 35). Денес, сите сме сведоци дека наместо љубов и црковно единство, во свештенството се случува борба за црковна превласт, за човечка слава и пофалби, од локално ниво, па до ниво на цела православна екумена. *Ако живееме со Дух, по Духот сме должни и да постапуваме. Да не бараме лажна слава, еден друг да не предизвикуваме, еден на друг да не завидуваме* (Гал. 5, 25–26).

Среброљубие – оваа страст ја задоволуваат така што му даваат предност на она служење во Црквата од коешто финансиски се богатат, а служењето што финансиски не ги задоволува, се запоставува. Сведоци сме сите дека денес се запоставува Светата Тајна Евхаристија, причестувањето со Телото и Крвта Христови, како и Светата Тајна Покајание, исповедувањето на гревовите и духовното раководство – за кои, фала Му на Бог, не се наплатува.

Сластољубието ги принудува луѓето да ги задоволуваат своите телесни страсти, било да е тоа насладување со храна или насладување со блуд. Оваа страст се пројавува, на пример, и во тврдењето на некои од свештенството дека секогаш можат да се причестат и без да постат, додека истовремено верниот народ го условуваат и принудуваат да пости и повеќе од она што Светата Црква водена од Светиот Дух го определила.

Можеби сето ова што го говорам не е многу популарно да се каже, но зошто да го премолчуваме она што Светото Евангелие толку јасно ни го предочува? Говорејќи го ова, не се изземам себеси од оние што сè уште се борат со своите страсти, да не си помисли некој. Говорам заради оние што немаат ни поим што им се случува, иако тоа е толку очигледно. Сепак, да се молиме за нашето свештенство, а не да го озборуваме и осудуваме... На тој начин, Божјиот благослов ќе остане со сите нас!

Пресвета Богородице, спаси нè!

## СВАДБЕНА ОБЛЕКА

Свадбата – тоа е Царството Небесно, чиј предвкус се даруван во Црквата Христова за оние што ќе ја прифатат поканата, за оние што се подготвени, за оние што имаат свадбена облека. При аскетско-исихастичкото толкување на денешното евангелие[1] се издвојуваат неколку моменти:

Прво, однесувањето на повиканите согласно нивните страсти.

Едните од нив го одбиваат повикот затоа што одат на нива. Тие се олицетворение на страста сластољубие. Ним им е поважно тоа со коешто времено ќе ги наполнат своите стомаци, отколку грижата и љубовта што Бог ги покажува кон нив, канејќи ги на непропадливата трпеза на свадбата на Својот Син во Царството Небесно. Другите што не се одзиваат на повикот се оние што одат по трговија. Очигледно, таквите Го одбиваат Бог заробени од среброљубието и претставуваат олицетворение на таа страст. Нивниот бог се материјалното богатство и парите. А, третите од оние што биле повикани ги исмеале и ги убиле слугите на Царот. Таквите се олицетворение на страста славољубие. Како што знаеме од Евангелието,

[1] Види: Матеј 22, 1–14.

тоа се старозаветните свештеници, книжниците и фарисеите што Го предаваат Господ Исус Христос на смрт (но и новозаветните – кои Го убиваат Христос во душите на луѓето), плашејќи се за својата човечка слава, која со Неговото присуство била крајно засенета. (*Еше, цел народ шргна йо Него...*[2])

Како и во минатото евангелие[3] што го слушнавме така и во ова, преку евангелските случувања пред нас се пројавуваат трите главни вида страсти, а тоа се: сластољубие (безобразна борба за задоволување на најниските телесни нагони), среброљубие (безобразна борба за пари и имот) и славољубие (безобразна борба за човечка слава и власт). Според Светите Отци на Црквата, тие ги претставуваат и возглавуваат трите главни подгрупи на страсти, кои извираат од главната човекова страст – самољубие. Бог нè создаде ни од што претходно постоечко, според Својот образ и подобие, како богољубиви и човекољубиви, а не како самољубиви, безобразни и бесперспективни.

Втор момент што се нагласува во оваа парабола е тоа што не сите што одговориле на поканата и дошле имале свадбена облека.

Што е тоа *свадбена облека*? Тоа е подвигот на очистување на срцето од страстите. Без овој подвиг никој не може да се нарече христијанин. За монасите и свештенството *свадбена облека* е нешто повеќе од тоа. За нив, тоа е дарот на умно-срдечната молитва и просветленоста на умот; за нив, тоа е и внатрешно

[2] Види: Јован 12, 19.
[3] Види: Матеј 21, 33–42.

духовно покритие за чиновите што ги носат. Инаку, како духовно ќе го водат народот Божји? Тоа се гледа и оттаму што во Евангелието се нагласува дека свадбената облека е чиста, бела и светла. Чиста и бела значи доволно очистено срце од страстите (и отворено за молитвата на умот во срцето), а облеката е светла затоа што луѓето со очистено и отворено срце имаат ум преобразен и просветлен од божествената благодат, која по Светото Крштение престојува во срцето. Кај Светиите, умот, душата и целото тело се толку многу преобразени и обожени што со своите очи ја гледаат и несоздадената Божја светлина.

И третиот момент што се нагласува е молкот на оној што бил запрашан зошто нема свадбена облека.

Господ никого не остава без можност за спасение, дури и до последниот момент. Кога Господ веќе му се обраќа на необлечениот во свадбена облека со зборот *пријателе* и кога со таа постапка веќе му дава можност за комуникација и заедница со Него, редно беше, пред сè, да одговори, а спасително ќе беше да каже едно „прости“. Но, оној што нема направено ништо за да се здобие со свадбена облека, односно што нема направено ништо за да изгради лична заедница со Господ, тешко ќе научи како, всушност, се постапува во тој клучен момент. И што да одговори кога наместо да го води народот кон Царството Небесно, тој го заведува со овосветските шеми на самочовечко организирање надвор од Црквата?

Пресвета Богородице, спаси нè!

# НЕРАЗДЕЛНА ЉУБОВ

Во денешното евангелско четиво[1] постојат два навидум посебни дела. Првиот дел е оној во кој Христос говори за двете најголеми заповеди: првата – *возљуби Го Господ, својот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа, и со сиот свој разум*; и втората – *возљуби го својот ближен како себеси.*

Битно е да запаметиме дека: колку повеќе преку исполнување на заповедите Го познаваме Бог, а главната од нив е љубовта кон ближниот, толку попрецизно и посилно преку молитвата ја насочуваме енергијата на нашиот ум кон Бог. И обратно: колку повеќе ја преобразуваме енергијата на нашиот ум преку заедница со несоздадената Божествена енергија, толку повеќе ќе имаме сила да ги исполнуваме заповедите Божји за љубов – во пракса, и толку повеќе ќе бидеме ослободени од гревовното влијание на светот врз нас. Едната без другата заповед е невозможно да се исполни.

Во вториот дел од ова евангелско четиво, Христос ги запрашува фарисеите како може ако Исус Христос е само Син Давидов, како што и тие самите

---

[1] Види: Матеј 22, 35–46.

тврдат, Давид да Го нарекува и Господ? Со ова Самиот Христос им укажува дека Синот Божји истовремено е и Син Човечки, односно дека се воплотил и станал Богочовек, и дека како Таков ги исполнил и двете заповеди, па од тој момент тие две најголеми заповеди веќе не се слични, туку се еден и ист подвиг.

Освен тоа што ги исполнил овие заповеди, Он уште и рекол: *Доколку сте го направиле тоа на еден од овие Мои најмали браќа, Мене сте Ми го направиле* (Матеј 25, 40), со што уште еднаш покажува и потврдува дека – да се љуби ближниот како себеси е исто што и да се љуби Бог со сето срце, душа и разум.

Заповедта за љубов кон ближните не ги исклучува ни непријателите; напротив, љубовта кон непријателите е единствената прецизна мерка и критериум за љубовта кон Бог и кон секој човек[2]. Со други зборови, колку благодат Божја имаме да го љубиме и оној што ни прави зло, толку благодат Божја имаме да ги љубиме и Бог и својот ближен – ни помалку, ни повеќе.

Да не се лажеме себеси... Оној што ја има љубовта како дар на благодатта на Светиот Дух не може истовремено и да мрази. Сè друго се само обични човечки чувства, односно душевност, а не духовност, каде што некого сакаме, а некого мразиме.

Затоа и ви велам, целта на демонот е во ближниот да гледаме непријател, да вратиме на злото со зло и да останеме без благодатта на Светиот Дух; а

[2] Види: Матеј 5, 44.

притоа, уште да мислиме и дека сме побожни и дека на Бог Му принесуваме жртва. Тогаш веќе комплетно ќе нè има во своите раце.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, помилуј нè!

## ЗА ОНОЈ ШТО „НЕМА“

Оној што „нема“ и кому ќе му се одземе и она што (мисли дека) го има, е оној што не Му благодари на Бог за сѐ што Он му дал – дури и смета дека не му е доволно дадено[1]. Чувството дека нема и дека сѐ нешто му недостасува е клучно. Да не навлегуваме во ситуации кога му се случува и нешто „лошо“, тогаш таквиот потполно се губи и хули на Бог уште повеќе.

Оној што „нема“ и кому ќе му се одземе и тоа што мисли дека го има, е оној што живее во согласност со своите страсти – славољубие, среброљубие и сластољубие. Страстите за власт, пари и телесни наслади се тие што прават човекот, нивниот заробеник, сето она што го ужива и поседува да го користи само за свои потреби (самољубие), а не да му помогне на оној што страда, и кои прават сѐ во што ужива и поседува да му изгледа малку.

Таква е самата природа на страстите: тие постојано бараат ново и поголемо задоволување, а по секое задоволување оставаат уште поголема потреба и уште поголема празнина во душата на човекот што ги задоволува.

---

[1] Види: Матеј 25, 14–30.

Целиот живот на самољубивиот човек се претвора, од една страна, во мрачна параноја (страв) – дека некој ќе му ги одземе човечката власт и слава, и стекнатиот имот, како и парите (ама кој да му каже дека Бог е тој што одзема, а не човек), а од друга страна, ја демне и најмалата можност за да се дограби до уште поголема човечка власт и слава, како и до поголем имот и финансиска сигурност – без оглед на начинот на кој тоа ќе го постигне.

Тоа е човек без вистински пријатели: во својата параноја и сомничавост да не изгуби нешто, природно, не верува никому, а со својата преголема алчност, амбициозност и склоност кон завери и борба за власт го плаши и го одбива од себе секој нормален што од некакви причини се потпрел или побарал помош од него. Никогаш нема мир за душата со таква расцепеност на разумот.

Нормално, некогаш паранојата му ги потиснува амбициозноста и алчноста, а некогаш, кога не е исплашен, му се зголемуваат алчноста и амбициозноста, со уште поголема жар. Страстите во него само се потиснуваат една со друга – не се преобразуваат. Како и да е, проекцијата, односно препознавањето на своите страсти во другиот, во „непријателот“ и „пријателот“, е карактеристика на неговиот однос кон луѓето и затоа не е способен да создаде личносен однос со ближниот свој, туку само однос заснован на интереси – кој трае сè додека траат и самите интереси.

Чудна е леснотијата со која таквиот човек ги изневерува своите „пријатели“ кога веќе нема да му бидат потребни или кога ќе западнат во неволји, кои

и самиот него го оптоваруваат. И, чудна е леснотијата со која тој ги уништува своите „непријатели“, кога над нив има реална власт.

Таквиот човек никако не успева да препознае кои му се вистински пријатели. Неговите пријатели изнаоѓаат најразлични начини нежно да му ја пренесат пораката, која е, нормално, спротивна на неговите големи идеи за самиот себе и на неговата амбициозност, и затоа често се отфрлени, па дури и сметани за непријатели.

Но, и блиските негови не му се веќе пријатели ако јасно не му укажат на таквиот дека греши, кога веќе ги поминува сите граници на нормалното. Исто така, не се пријатели ако не ја оставаат својата рака испружена и отворена за помош секогаш кога ќе му затреба.

Секако, Господ секому од нас му остава време за покајание (*грч.* μετάνοια – преумување), и потоа сè се одзема, а на крајот и самото време дарувано за покајание.

Пресвета Богородице, спаси нè!

# ДЕЛОТВОРНА ВЕРА

Прашање на духовен живот и духовна смрт за нас, христијаните, е нашата согласност и нашето содејство со Божјата промисла за нас, со Божјата волја за нас, со Божјото слово за нас, со Божјото дело за нас. За ова и порано сме говореле, дека од моментот кога жената Хананејка смирено и со благодарност, што значи со вистинско послушание ги прифати промислата, волјата, словото и делото Христови, таа во истиот момент ги доби и ги прими благодатта Божја и Самиот Христос[1]. Од тој момент нејзината молитва имаше друга вредност пред Господ: *И во тој час оздраве ќерката нејзина* (Матеј 15, 28). Како што велат Светите Отци, на оној што ја исполнува Божјата волја и Бог му ја исполнува неговата. Но, она на коешто во денешната беседа сакам да ви посочам внимание и од коешто треба да извлечеме поука е друго:

Прво, иако некои работи што неволно се случуваат во нашиот живот ни изгледаат лошо, ние како христијани треба да имаме вера и знаење дека секогаш кога ќе ги прифатиме смирено и со благодарност кон Бог, на крајот Бог ќе ги смени и ќе ги

[1] Види: Матеј 15, 21–28.

приведе за наше добро и наше спасение во Него. Се сеќавате на многустрадалниот и праведен Јов, што рече по сите несреќи што му се случија? *Гол излегов од утробата на мајка ми, гол и ќе се вратам. Господ даде, Господ зеде; како што Му е угодно на Господ, така и станува. Нека е благословено Името Господово!* (Јов 1, 21). И, што ѝ одговори на својата жена по страшната болест што го снајде, кога таа му рече: *„Зарем уште си цврст во добротата своја, похули на Бог и умри!“ – „Говориш како безумна. Зарем доброто го примаме од Бог, а злото да не го поднесуваме?“ Во сето тоа Јов не згреши со устата своја* (Јов 2, 9–10).

Второ, ние во Црквата не влегуваме заради здравје, заради успех во работата или заради власт и пари, па дури ни заради спасение, туку – заради Него. Затоа што секогаш кога во Црквата одиме заради нешто, а не заради Него, и секогаш кога во Црквата бараме нешто (па макар и спасение), а не Него – ние всушност, градиме со Бог наемнички, а не слободен, љубовен и синовски (личносен) однос. Болеста и здравјето, животот и смртта, со еднаква благодарност ги примаме од Бог.

Трето, имајќи токму ваква делотворна вера и знаење од опит, и имајќи токму ваква безусловна љубов, жената Хананејка не го наруши својот синовски однос кон Бог поради моменталното несовпаѓање на Христовиот однос кон неа со нејзините очекувања, туку напротив, очигледно тој однос се разви и военоврши.

Секако, сето ова не значи и не подразбира наша пасивност, туку активна борба против злото

(злиот) – ама, пред сè, во нас, а потоа надвор од нас... Кој ќе се обиде да се соочи со злото надвор од себе без претходно да го победи злиот внатре во себе – или пред да Го всели Добриот во себе, таквиот неминовно против злото од надвор ќе се бори со злото што ќе излегува од него (зашто ниту може, ниту знае на друг начин) и, според Светите Отци, ќе стане слуга на злиот.

Но, како да се бориме, во меѓувреме, со злото надвор од себе? Пред да добиеме умно-срдечна молитва – само со апсолутно послушание кон духовниот отец! Друг пат Отците не ни оставиле! Нека е благословено Името Господово!

Пресвета Богородице, спаси нè!

## „ВРВЕТЕ ПО МЕНЕ...“

Зошто, деца, Богочовекот вели „ловци на луѓе“[1], а не, на пример, учители или водачи, или нешто слично? Ве прашувам, зашто ловците вообичаено ловат бесловесни животни, а за вистински лов на луѓе овде не може да стане збор. Господ Исус Христос, сепак, токму терминот „ловци“ го користи. Ајде да видиме зошто.

Да не одиме толку далеку – од падот на прародителот Адам и фактот дека сме наследници на последиците од неговиот пад – тоа горе-долу теоретски на сите ни е познато. Да тргнеме веднаш од она што ни е многу добро познато и што секојдневно го живееме.

Да се запрашаме самите себе: дали сме носители на дарот на умно-срдечната молитва, односно дали нашиот ум може молитвено да престојува во нашето срце онолку колку што сакаме? Очигледно, не. Што е причината? Заробеноста на нашето срце од бесловесните страсти. И знаеме убаво дека, пред сѐ, тоа е бесловесната страст на славољубието, на високото мислење за самите себе; или, во најмала рака, фактот дека нашиот ум и разум го поставуваме за

[1] Види: Матеј 4, 18–23.

критериум на сè – она што, од наше ниво на душевна состојба и со знаењето на разумот што го имаме, ќе заклучиме дека е така, тоа е за нас така и никако поинаку. Арно ама, ако не е така, не се запрашуваме за последиците од погрешниот заклучок по нашиот духовен развој. Во најдобар случај, еден ден ќе ги освестиме тие последици како затвореност на срцето за молитвата на умот внатре во него, и како физичка болест.

Лекот го знаеме, а не го користиме. Тоа е апсолутно, слепо и целосрдечно послушание. Тоа е ставањето на нашиот ум преку послушанието во процес на исцеление.

Ако ли, пак, за учениците Христови ова важи, тогаш што да речеме за оние што уште не поверувале? Односно, ако ние, кои сме свесни дека сме заробени од бесловесната страст и се бориме против неа, уште не можеме да се ослободиме, тогаш што ли се случува со оние што ниту се свесни дека се заробени од бесловесните страсти, ниту се свесни дека се водени од нив во пропаст? Ова, особено кога знаеме дека водач, пак, на секоја бесловесна страст е злословесниот демон. Дали сега ви е јасно, деца, зошто Богочовекот Христос им вели на светите апостоли Петар и Андреј дека ќе ги направи „ловци на луѓе"? Верувам дека ви е јасно.

Но, никој не се раѓа како „ловец на луѓе". „Ловец на луѓе" се станува. А, се станува преку личен подвиг во Црквата и преку благодатта на Светиот Дух. Затоа и Христос вели: *Врвеше йо Мене, и Јас ќе ве найравам „ловци на луѓе"!* (Матеј 4, 19). Би сакал само уште малку да се задржиме на прашањето кои се карактеристи-

ките на „ловецот на луѓе“, затоа што патот до тоа како се станува таков го знаете: со восогласување на нашиот живот и подвиг со нивото на духовниот развој на кое се наоѓаме.

Како што бесловесното животно бега од ловецот така и луѓето заведени од бесловесните страсти демонот ги води далеку од Црквата и од духовните отци. И, како што обичниот ловец треба да биде искусен за да го фати својот плен така и „ловецот на луѓе“, односно духовниот отец треба да биде опитен за да ги приведе луѓето кон спасение. Духовниот отец треба најпрво своето срце да го очисти од страстите, да го добие дарот на умно-срдечната молитва и најмалку да достигне барем просветленост на умот, за да може оние што Светиот Дух ќе ги привлече кон Богочовекот Христос и Неговата Црква да ги води по патот на очистување на срцето и просветлување на умот. Оние кај кои ќе успее верата да им ја претвори во опит и во знаење, никогаш повеќе нема да ги изгуби.

Пресвета Богородице, спаси нѐ!

# ЗЛОТО ВО НАС,
# САМИТЕ НАС НЀ РАЗГРАДУВА

Што има поедноставно од оваа заповед: *Како што сакате да постапуваат луѓето со вас, така постапувајте и вие со нив?* (Лука 6, 31). Зарем сакате некој да ви мисли лошо? Тогаш немојте ни вие да прифаќате лоши мисли за никого, внатре во вашето срце! Зарем сакате некој да зборува лошо за вас, да ве нарече лажговци или крадци, или застрането неморални или теолошки неписмени? Тогаш немојте ни вие да ги озборувате, судите и осудувате своите ближни! Немојте ни за вистински случувања, а камоли за она што не се случило!!! Зарем сакате некој да ви направи нешто лошо? Тогаш немојте ни вие да правите, никому, ништо лошо.

Што има теоретски поедноставно од ова? Секако, во практика треба да вложиме голем напор за да ги исконтролираме своите мисли, зборови и дела; но, постепено и со помош на Божјата благодат ќе успееме. Никој не станал одеднаш светител, преподобен, туку со континуиран и долгогодишен напор во внимание над самиот себе при исполнувањето на заповедта за љубов кон своите ближни.

Но, Господ нѐ опоменува во ова евангелие[1] да

[1] Види: Лука 6, 31–36.

не се залажуваме самите себе со „љубов од интерес“: *Ако ги милувате оние што вас ве љубат, каква ви е наградата? Зашто и грешниците ги милуваат оние што ги сакаат нив!* (Лука 6, 32). Со ваква „љубов“ христијаните не можат квалитетно да се разликуваат од овој свет и да бидат подобни на својот Господ.

Она што нè прави вистински христијани, она што нè дели од овој свет, кој лежи во зло, и она што нè ослободува од гревот, ѓаволот и смртта е исполнувањето на заповедта Христова: *љубете ги непријателите ваши и чинете добро и на заем давајте – без да очекувате ништо* (Лука 6, 35).

Во практика ова значи да не одговараме на злото со зло. Ваквиот одговор би значел умножување на злото во нашиот живот и во светот. А демонот токму тоа го чека: да пронајде некое зло во нас за да нè извалка и за да го стави нашиот живот под негова контрола.

Значи, злото внатре во нас самите нас нè разградува, а не оној против кого е насочено. Ако на злото што ни го прават одговориме со добро, тогаш и себеси се заштитуваме од демонското влијание, а и на нашиот непријател му оставаме време, можност, па дури и сила за покајание... Да внимаваме кому му служиме! Не можеме истовремено да бидеме и слуги Божји и слуги демонски...[2]

Пресвета Богородице, спаси нè!

[2] Види: Матеј 6, 24.

## „МАЈКА ЦРКВА“

Пред некое време лебдеше во воздух темата за „мајка Црква“. За да ни биде полесно да го сфатиме овој поим, убаво е да го прочитаме следниот библиски текст:

*Тогаш дојдоа при царот две жени блудници и се исправија пред него. И едната жена рече: „О, господаре мој! Јас и оваа жена живееме во една куќа, и родив при неа во таа куќа; а на третиот ден, откако родив, роди и таа жена. Преку ноќ умре синот на оваа жена, зашто беше легнала врз него; а таа преку ноќ станала, го зела мојот син од мене, кога јас, твојата слугинка, сум спиела, и го ставила до градите свои, а својот мртов син го ставила до моите гради. Утредента станав да го надојам синот свој, и ете, тој беше мртов; а кога на виделина се загледав во него, тоа не беше мојот син, што го бев родила“. Другата жена рече: „Не, мојот син е живиот, а твојот син е умрениот“. А таа ѝ велеше: „Не, твојот син е умрениот, а мојот е живиот“. И се препираа така пред царот. Царот тогаш рече: „Оваа говори: ’Мојот син е живиот, а твојот е умрениот‘; а онаа говори: ’Не, твојот син е умрениот, а мојот син е живиот‘“. Потоа царот рече: „Дајте ми меч!“ И му донесоа меч. И тогаш царот рече: „Пресечете го живото дете на*

*две половини и дајте ја едната половина на едната, а другата половина на другата“. И му одговори на царот онаа жена, чиј беше живиот син, зашто целата нејзина утроба се беше растреперила од жал спрема нејзиниот син: „О, господаре мој! Дајте ѝ го тоа дете живо и не го убивајте“. А онаа другата рече: „Нека биде ни мое, ни твое, сечете го!“ И царот прозбори и рече: „Дајте ѝ го живото дете на првата, и не го убивајте: таа е неговата мајка“* (3 Цар. 3, 16–27).

Мудриот Соломон вистинската мајка ја препозна во онаа што сакаше да го сочува животот на детето и што беше подготвена да се жртвува за него, а не во онаа што преку измама се обиде да го присвои, а откако не успеа, бесчувствително побара детето да биде пресечено на половина. И, не во секој случај е мајка дури и таа што ќе те роди – затоа што се случува да не те признава за свое чедо; туку може да е и онаа што како отфрлен ќе те прифати и ќе ти помогне. „Мајка“, пред сè, значи љубовен и личносен однос.

Православната духовност, во пракса, пред сè, се темели на љубовен и личносен однос, а не на свети Канони и историја. Акцентот е на љубовниот однос, а не на некаков закон или некоја историја. Има ли љубовен однос – има и канонска и историска врска, нема ли љубовен однос – нема ништо. И православната теологија се препознава по Духот на законот што оживува, а не по словото на законот што убива. Но, за да нè води Духот што оживува ни треба просветленост на умот, која произлегува од Божјиот дар на умно-срдечната молитва.

Јасно ни е на сите дека „мајка Црква“ може да

ни биде само онаа Црква што прва и безусловно ќе ја прифати и признае автокефалноста на МПЦ – ОА, односно автокефалноста на Охридската Архиепископија во лицето на Македонската Православна Црква. „Мајка Црква“ е, всушност, онаа Црква што прва ќе го признае нашиот посебен црковен идентитет (а не дека претходно не сме постоеле, па сега некој нѐ раѓа), односно тоа е Црква што прва ќе ја увиди и признае оправданоста на нашето посебно автокефално пастирско делување во рамките на нашата црковна јурисдикција, во државните граници на Република Македонија. Затоа, „мајка Црква“ е само поетски израз на огромна и незаборавна благодарност за Црквата што би нѐ заштитувала, застапувала и претставувала пред другите помесни Православни Цркви, за нејзиниот љубовен и личносен однос кон нас.

Секоја Црква, историски, во моментот на нејзиното признавање имала своја „мајка Црква“ или, поточно, Црква заштитничка. Откако „мајката Црква“ ја признава суштински, преку заедничко сослужување на Светата Евхаристија, автокефалноста на дотогаш непризнаената Црква, од тој момент двете Цркви стануваат „сестрински Цркви“, што означува дека тука нема место за никаква ерархиска потчинетост или некаква административна зависност на едната од другата Црква. Единствената „зависност“ што постои меѓу нив е љубовта во Светата Евхаристија.

На крај, за формалната автокефалност на одредена Црква, според обичајот на Православната Црква, по барање на „мајката Црква“, треба да се изјасни Вселенскиот Патријарх и Вселенската Патријаршија (во случај кога таа не се појавува како „мајка

Црква“), а, по можност, и другите Православни Цркви. Томосот (одлуката) за нејзината автокефалност го издава и потпишува Вселенскиот Патријарх, а на томосот, по можност, се потпишуваат и Поглаварите на останатите помесни Православни Цркви. Во праксата на дваесеттиот век (ниту пред тоа) ова не се случило, туку Томосот најчесто го потпишувал само Вселенскиот Патријарх – што е најнормално, поради неможноста сите да се согласат или да се соберат на исто место.

Согласно погоренапишаното, на сите ни е сега јасно кој не може, а кој може да биде наша „мајка Црква“, односно Црква застапничка; и што точно тоа значи. Битно е дека ние не отстапуваме од името и од статусот на нашата Црква: Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија, Автокефална.

Пресвета Богородице, спаси нас!

# ПЕДАГОШКИ ОДНОС

Светите Отци на Црквата забележале и опишале три вида односи што човек може да ги има со Бог: робовски, наемнички и синовски.

Стравот е основен двигател на робовскиот однос. Човекот се плаши да не биде казнет со болест, со некоја несреќа или со смрт, поради неисполнување на одредени религиозни обврски. Што е најлошо, се плаши дека ќе биде казнет од Самиот Бог.

Интересот е основниот двигател на наемничкиот, односно трговскиот однос. Човекот смета дека со исполнувањето на одредени религиозни обврски за возврат ќе добие од Бог здравје, успех во животот и материјални блага, а на крај, после заситувањето од животот, и спасение во Рајот.

Љубовта е единствената причина за подвигот на градење синовски однос со Бог. Децата Божји Го бараат Него, својот Небесен Отец, и ништо друго. Добивањето на некои од даровите Божји, без разлика дали се небесни или земни, го оставаат на Неговата света Промисла за нивно спасение; и толку. Ставот на децата Божји кон нивниот Небесен Отец е став на благодарност, на давање и на себепринесување, без притоа да очекуваат нешто за возврат. Тие, барајќи Го само Него, уште во овој живот ја живеат тај-

ната на она: *сè Мое е твое...* (Лука 15, 31).

Како што сум ви рекол и другпат, ние во Црквата не учествуваме заради здравје, заради успех во работата или заради власт и пари, па дури ни заради спасение – туку заради Него. Зашто секогаш кога во црковниот храм одиме заради нешто (па било да е тоа и спасение), а не заради Него, и секогаш кога во Црквата бараме нешто (па макар и спасение), а не Него – ние, всушност, градиме со Бог наемнички, а не слободен, љубовен и синовски (личносен) однос.

Зборот ми е друг.

Духовниот отец треба да го процени видот на односот што човекот го негува или има кон Бог, и со соодветен „јазик“ и однесување кон него да му помогне во неговото духовно растење од роб, преку наемник до чедо Божјо. Без оглед на соодветниот „јазик“ и однесување, духовниот отец мора да ја сочува својата љубов кон човекот.

Што точно значи ова? Значи дека наемникот и робот не го разбираат односот на љубов кон нив, туку таквиот човек го третираат како наивен и нетокму, и гледаат што можат повеќе да искористат од него – посебно наемниците. Со други зборови, односот на љубов нема да придонесе за нивно духовно растење, напротив – ќе ги утврди во нивната прелест.

Со наемник, духовниот отец треба да се однесува како со наемник. Треба да му вети нешто што ќе придонесе за неговото духовно растење – како одговор на барањето на наемникот или како своја понуда. И, ветеното да го исполни или не – во зависност од однесувањето на наемникот. Ако наемникот не го разбере или не сака да го разбере тој „јазик“,

тогаш и кон него треба да се симне нивото на однесување – од наемничко кон робовско.

Со робот, духовниот отец треба да се однесува како со роб. Робот го разбира само „јазикот“ на стравот. На робот треба да му се предочи заканата што може да се оствари, ако не ги исполнува Божјите заповеди, односно советите на духовниот отец согласно Божјите заповеди. Заканата се исполнува или не, во зависност од однесувањето на робот.

Како што веднаш спомнав, двигател на соодветното педагошко однесување на духовниот отец секогаш треба да биде внатрешната љубов, затоа што само таа му дава можност на духовното чедо, еден ден, да ги сфати постапките на духовниот отец и да профункционира како чедо Божјо. Ако ја сфати можноста што му е дадена...

Ако не – еве што е напишано: *Во името на нашиот Господ Исус Христос, кога ќе се соберете вие и мојот дух, со силата на нашиот Господ Исус Христос, да го предадете на сатаната, за мачење на неговото тело, та духот негов да биде спасен во денот на нашиот Господ Исус Христос* (1 Кор. 5, 4–5).

Пресвета Богородице, просветли ја нашата темнина!

## ПОСЛУШАНИЕТО Е ПРЕМИН ОД ПРОТИВПРИРОДЕН ВО ПРИРОДЕН НАЧИН НА ЖИВОТ

Светото Евангелие не им се обраќа само на децата Божји, туку и на оние со робовски и наемнички менталитет, како и на неверниците, само за да се спасат што е можно повеќе луѓе; а може на некои и ќе им текне дека најсоодветен одговор на љубовта Божја е да се стане дете Божјо. Затоа во него може да се прочитаат и поуки како денешната[1].

Гледаме дека богатиот нема име, а сиромавиот има – Лазар, односно гледаме дека првиот нема личносен однос со Бог, а вториот има. Гледаме дека преку себичните уживања од овој свет се стигнува до пеколот, а дека преку трпењето на страдањата со благодарност се стигнува до Рајот. Гледаме дека пеколот е место на големо и осамено страдање, а дека Рајот е место на голема утеха и заедница. И гледаме дека нема премин од пеколот кон рајот, и обратно. Додуша, ни разговор нема – ни во самиот пекол, ама ова е доволна педагошка порака, како материјал за размислување и мотивација за неверните, робовите и за наемниците.

[1] Види: Лука 16, 19–31.

Што е битно за оние што сакаат да станат деца Божји од денешното евангелско четиво? Објаснувањето на овој дел: *Авраам му рече: „Штом Мојсеј и Пророците не ги слушаат, тогаш и да воскресне некој од мртвите, тие нема да му поверуваат“* (Лука 16, 31).

Чујте го објаснувањето: Како прво, добивањето статус на дете Божјо не е магиски чин, туку тоа е процес на растење и созревање. Овој заклучок произлегува од завршниот разговор помеѓу Авраам и богатиот. Богатиот му вели на Авраам: *ако некој од мртвите отиде при нив, тогаш ќе се покајат* (Лука 16, 30). А Авраам му одговара: *и да воскресне некој од мртвите, тие нема да му поверуваат.* Сведоци сме дека и Самиот Богочовек Воскресна, па ретко кој во тоа вистински верува.

Второ, самиот Авраам ни го открива восиновувањето како процес на растење и созревање преку послушание – дека треба да се слушаат Мојсеј и Пророците: *штом Мојсеј и Пророците не ги слушаат, тогаш и да воскресне некој од мртвите, тие нема да му поверуваат.* Што конкретно значи тоа да се слушаат Пророците? И кои се тие Пророци денес?

Денешните Пророци се нашите духовни отци во Црквата, кои слободно и љубовно ги одбираме за преку нив да ја чуеме Божјата волја, кои и кога поради своите човечки слабости би дале и погрешен совет, Бог – поради нашата доверба во Него преку нив – сè на крајот ќе исправи во наша духовна полза.

Послушанието е подвиг на ставање на умот во процес на исцеление, без којшто никој не може да го очисти своето срце – и да Го види Бог. Послуша-

нието е премин од противприроден во природен начин на живот. Послушанието е восогласување на начинот на нашиот живот со степенот од духовниот раст на кој се наоѓаме, како и со местото и улогата што ги имаме во Црквата и во општествениот живот. Послушанието е процес на исцеление од невроза и од растројство на личноста, и превенција од религиозна невроза и од религиозно растројство на личноста.

Послушанието е активирање на примарната функција на умот – соединување на нашата создадена енергија со несоздадената Божја енергија преку молитвата, како и пренасочување на неговата секундарна функција кон исполнување на Божјите заповеди. Послушанието е прием на вистинското Предание на Светите Отци. Послушанието е останување во рамките на соборноста на Православната Црква – без оглед на тоа кој што си мисли. Послушанието е процес на Божествено преобразување, растење и созревање до достоинството на дете Божјо. Послушанието е сè во Црквата Божја. Послушанието е возможно само во Црквата Божја.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, дај ни што повистинско послушание и помилуј!

# СКРИЕНА ДЕМОНИЗИРАНОСТ

Бесомачениот што Христос го исцели побара да оди по Него, а локалните жители останаа без Него затоа што не Го примија, или поточно, побараа да си оди од нивниот крај. Ова евангелско четиво[1] покажува дека бесомачените можат полесно да бидат исцелени, бидејќи тие, потполно обземени од демонот, остануваат без можност слободно да одлучуваат за своето спасение; а оние што мислат дека се свесни и здрави – многу потешко, бидејќи според слободната волја, која Бог не ја нарушува, ако останат робови на страстите – посебно на високото мислење за самите себе, остануваат неисцелени.

Слободната волја е како меч со две острици, бидејќи можеме да ја исползуваме за да го достигнеме подобието Божјо, а злоупотребувајќи ја можеме и да отпаднеме од Бог, како и од самата човечност. А Бог ја почитува нашата слобода, зашто ако се наруши слободата, се нарушува и Неговиот лик во нас, според кој сме создадени.

Значи, зошто не Го примаме Христос? Поради задоволувањето на нашите страсти, кои излегува дека

[1] Види: Лука 8, 26–39.

ни се поважни од Него. Примерот со луѓето од земјата Гадаринска ни покажува дека ним им беа поважни свињите (т.е. имотот), поради страстите среброљубие и сластољубие, отколку Христос. А тие страсти се оние што се нарекуваат погруби и преку кои демонот најнапред напаѓа. Што ли да речеме за посуптилната страст на умот, како што е високото мислење за самите себе, односно суетата, преку која демонот нè држи заробени и преку која сериозно, дури на крај, нè напаѓа, односно која е последна на ред да се преобрази пред да се премине од еден степен на духовен раст на друг? Само поради славољубието нашето срце останува затворено за умно-срдечната молитва, а умот непросветлен.

Според Преданието на Светите Отци и учењето на Црквата, демонот го зазема центарот на нашето срце пред Крштението. Но, кога човекот на Крштението ја прима благодатта Божја во центарот на срцето, тогаш демонот се изгонува надвор од центарот и се сместува во околината на срцето. Сè додека срцето е заробено од страстите и сè додека доволно не се очисти, односно додека човекот не дојде до вториот степен на духовниот раст – молитвата на умот во срцето и просветленоста, демонот останува во околината на нашето срце, го држи заробено преку страстите и затворено за умот. Затвореноста на срцето е блага форма на демонизираност и затоа е многу потешко забележлива и алармантна за самиот човек отколку видливата демонизираност. Видливата болест секој сака да ја исцели, но при невидливата најчесто е и доцна за исцеление. Особено кога некој мисли дека е духовно здрав.

Треба да знаеме дека вообичаено сè се случува според правилата на духовниот закон. Најпрвин демонот нè напаѓа преку погрубите страсти – сластољубие, среброљубие, а на крајот преку најсуптилната – славољубието. Демонот се бори секогаш да си ги врати загубените позиции, па дури и да се врати во центарот на нашето срце.

И свињите и свињарите побегнаа од Христос, само што првите (иако бесловесни) се издавија не можејќи да ги трпат демоните во себе, а другите – не препознавајќи ги демоните во себе, обземени од внатрешниот демонски страв – и за да се оправдаат за загубениот имот, ги уплашија со Богочовекот Исус Христос и другите жители слични на нив.

Оној за кој јавно се знае дека бил болен (психички или физички), а за кого се знае дека Богочовекот Христос (преку Црквата) го исцелил, најдобро Го сведочи Бог во својот роден крај.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, откриј ни ја нашата скриена демонизираност и спаси нè!

# КАКО ДА ЈА ЗАЧУВАМЕ БОЖЈАТА БЛАГОДАТ ВО НАС

За денешното евангелско четиво[1] битно е да се запамети следново:

Како што крвта е потребна за животот на телото, така и благодатта Божја е потребна за вистинскиот живот на душата. И како што телото умира ако крвта истече, така и душата се умртвува ако благодатта Божја отстапи од неа.

На првиот степен од нашиот духовен развој, *чистење на срцето од страстите*, ние сме во постојана борба да го сопреме тоа истекување и губење на благодатта од нас. На првиот степен, нашиот духовен живот е непостојан и често се случува духовно да паѓаме и да стануваме, но во тој процес ние учиме и како да ја задржиме благодатта во нас. Уште учиме како, и кога благодатта се крие од нас, да живееме исто како кога е таа присутна и кога нескриено ни помага. Во овој подвиг, во ова аскетско принудување на самите себе се состои тајната на нашето духовно растење. Расеаноста на нашиот горд и затемнет ум е главната причина за губење на благодатта. Ете зошто свети Никола Кавасила вели дека затоа се причесту-

[1] Види: Лука 8, 41–56.

ваме на секоја неделна Литургија, односно така често, за да го обновиме Христовиот печат во нашата нестабилна природа[2].

Дури на вториот степен, *просветлување на умот*, откако ќе го познаеме местото на срцето и ќе го добиеме дарот на умно-срдечната молитва, ние внатре во нас го запознаваме непресушниот извор на Божјата благодат. И, бидејќи имаме вистински допир до Христос, престанува процесот на постојано губење на благодатта, исто како што кај крвоточивата жена престанало течењето на крвта. Ги добиваме онаа постојана радост и светлина.

Значи, треба да го најдеме вистинскиот начин за допир до Христос, затоа што многу од луѓето се туркаа до Него и Го допираа, но Он само крвоточивата жена ја посочи како некој што вистински се допрел до Него. На првиот степен од духовниот раст, вистинско допирање до Христос е очистувањето на срцето од страстите преку исполнувањето на Неговите заповеди, но само во рамките на целосрдечно послушание кон духовниот отец. На вториот степен, вистинско допирање до Христос е повеќечасовното молитвено пребивање на умот во срцето и љубовта кон непријателите.

Вистинскиот допир до Христос ни ја открива тајната на Царството Небесно внатре во нас, во нашето срце, и ни ги открива силата на преобразувањето и радоста на Христовото Воскресение. Тајната на Христовото Воскресение ќе остане недостапна и неоткриена за сите оние што не го прифаќаат и што

[2] Види: Nicolaus Cabasila, *De Vita in Christo* (Migne PG, 596D).

го негираат начинот на вистински допир до Христос на секој од степените на духовниот развој; и ним, како на такви што се потсмеваат и не веруваат, ќе им биде забранет влезот и ќе пропуштат да го видат воскресението на душата и телото уште во овој свет и век, исто како што им се случи на оние што не го видоа воскресението на Јаировата ќерка.

Пресвета Богородице, спаси нè!

## „КОГА ЌЕ СЕ ВРАТАМ...“

*Во она време, еден законик пристапи кон Исус и, искушувајќи Го, рече: „Учителе, што да направам за да добијам живот вечен?“ А Он му рече: „Што е напишано во Законот? Како читаш?“ Тој одговори и рече: „Возљуби Го Господ, твојот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа, со сета своја сила и со сите свои помисли; и својот ближен како себеси!“ Му кажа, пак: „Добро одговори; тоа прави го и ќе бидеш жив“. Но тој, сакајќи да се оправда, Му рече на Исус: „А кој е мојот ближен?“*

*Исус му одговори и рече: „Еден човек слегуваше од Ерусалим во Ерихон, и сретна разбојници, кои го соблекоа и му направија рани, и си отидоа, оставајќи го полумртов. Во тоа време слегуваше по тој пат еден свештеник и, кога го виде, си замина. Исто така и еден левит, кога дојде на тоа место, се приближи, погледна и си отиде. Еден, пак, Самарјанин, кој патуваше, кога дојде до него, го виде и се сожали. И кога се приближи, му ги преврза раните, полевајќи ги со елеј и со вино; па, откако го качи на добитокот свој, го однесе во гостилница и се погрижи за него. А утредента, на кинисување, извади два динарија, му ги даде на гостилничарот и му рече: 'Пригази го; а ако потроши нешто повеќе, кога ќе се вратам, ќе*

*ти платам‘.*

*Кој, пак, од тие тројца ти се чини дека му беше ближен на оној што падна во рацете на разбојниците?“ А тој одговори: „Оној што му направи милост“. Исус му рече: „Оди и ти прави така!“* (Лука 10, 25–37).

Сите ние сме гости на овој свет, кои повеќе, кои помалку повредени од демоните – разбојниците, сместени од милостивиот Самарјанин – Христос, на лекување во гостилницата – Црквата. Гостилничар е Епископот (или свештеникот). Милостивиот Самарјанин – Христос му остава сè што му е потребно на гостилничарот за да ги догледа и излекува сите оние чии срца и души, па и тела, се повредени од демонскиот напад.

Богочовекот Христос му остави на свештенството и личен пример, и толку неисцрпна благодат што повредениот гостин никогаш не може да потроши повеќе од тоа. Ветувањето за доплата се однесува само за малодушните гостилничари. Затоа на гостилничарот му останува само совесно и смирено да ја изврши работата за којашто му е однапред преплатено.

А ако ја заврши работата како дете Божјо – а не како наемник – трошејќи се себеси и „повеќе од она што му е платено“, блазе си му на таквиот гостилничар кој Бог ќе Го направи свој „должник“. Него Бог ќе го направи син Свој по благодат, а каква било друга доплата веќе не е воопшто важна...

Пресвета Богородице, спаси нè!

## БОГАТЕЊЕ ВО БОГ

Целиот наш живот е дар Божји. И сиромаштвото е дар Божји, кога сиромавиот со смирение и трпение Му благодари на Бог за него, и го препознава овој дар. И богатството е дар Божји, кога богатиот со смирение и трпение им служи на сиромасите со своето богатство и на тој начин Му благодари на Бог за него, и го препознава овој дар. Кога луѓето би ги препознавале даровите Божји и нивната цел, и кога со смирение и благодарност би се однесувале кон нив, даровите Божји би служеле како средство за надградување и остварување на нашата заедница во Богочовекот Христос – која е нашиот најголем дар Божји – и би служеле како средство за наше спасение.

Со други зборови, само на тој начин можеме да Му благодариме на Бог, кога Неговите дарови повторно Нему Му ги принесуваме: „Твои дарови од Твоите, Тебе Ти ги принесуваме за сите и за сè“[1]. Делотворниот однос на благодарењето од севкупниот наш живот соборно се исполнува со нашето учество во Светата Евхаристија (Благодарење) на Црквата Божја.

Но, како богатиот конкретно „успева да со-

[1] *Божествена Литургија на свети Јован Златоуст*, возглас од Литургијата на верните.

бира“ добра само за себе, а не се богати во Бог, поинаку речено, како тој своето богатство како дар Божји не Му го принесува конкретно на Бог? За да го објасниме овој негативен пример, ќе се послужиме со друг негативен пример од случувањето на Страшниот суд:

*Тоīаш ќе им каже и на оние коишѿо се од леваѿа сѿрана: „Одеѿе од Мене, ѿроклеѿи, во вечен оīан, ѿриīоѿвен за ѓаволоѿ и неīовиѿе анīели. Зашѿо īладен бев и не Ми дадовѿе да јадам; жеден бев и не Ме найоивѿе; сѿранец бев и не Ме ѿрибравѿе; необлечен бев и не Ме облековѿе; болен и во заѿвор бев и не Ме ѿосеѿивѿе“.*

*Тоīаш и ѿие ќе Му одīовораѿ и речаѿ: „Госѿоди, коīа Те видовме īладен, или жеден, или сѿранец, или необлечен, или болен, или во заѿвор и не Ти ѿослуживме?“ Тоīаш ќе им одīовори и рече: „Доколку не сѿе му īо наѿравиле ѿоа на еден од овие најмали браќа, и Мене не сѿе Ми īо наѿравиле“* (Матеј 25, 41–45).

Гледаме дека Господ се поистоветува (дури и најмногу) со секој еден страдалник. Затоа, секогаш кога со своето богатство ќе му помогнеме на еден од овие најмали Христови браќа што страдаат, ние не собираме за себе, туку се богатиме во Бог.

Сето ова погоре напишано начелно важи, најнапред и најмногу, за луѓето што живеат и работат во светот. За монахот – како оној што е мртов за овој свет – начелно важи друго правило. Монахот е должен да Го нахрани, напои, прибере, облече, посети и да Му послужи на Христос во своето срце. Секако, за да го оствари тоа, најнапред треба да го очисти своето срце од страстите, да го осознае местото на срцето,

да го открие Царството Небесно внатре во себе и да застане пред Царот на славата, распнат заради нас и нашето спасение.

Пресвета Богородице, спаси нè!

# АКТИВЕН ИЛИ ПАСИВЕН ОДНОС КОН ХРИСТОС

*Во она време поучуваше Исус во една од синагогите во сабота. И ете, дојде една жена која беше опседната од дух на немоќта осумнаесет години; таа беше згрбавена и никако не можеше да се исправи; штом ја виде Исус, ја повика и ѝ рече: „Жено, се ослободуваш од болеста своја“. И ги стави рацете Свои врз неа; и таа веднаш стана и Го славеше Бог. А старешината на синагогата, негодувајќи зашто ја излекува Исус во сабота, одговори и му рече на народот: „Има шест дена во кои треба да се работи; тогаш доаѓајте и лекувајте се, а не во саботен ден!“ Но Господ му одговори и рече: „Лицемере, не го одврзува ли секој од вас својот вол, или осле, од јаслите во сабота и не го води ли да го напои? А оваа ќерка Авраамова, што ја врзал сатаната еве веќе осумнаесет години, не требаше ли да се ослободи од тие врски во саботен ден?“ И кога го зборуваше ова, сите што беа против Него се засрамија; а целиот народ се радуваше за сите славни дела, извршени од Него* (Лука 13, 10–17).

Демонските помисли на сомнеж и колебливост, што произлегуваат од самољубието и маловерието, како и стравот, несигурноста и безволноста што ги

следат таквите помисли – го ослабуваат и изнемоштуваат духот во човекот, и го држат, врзан преку страстите, за овоземното и свиен, односно насочен кон него – како кон веќе „посигурна“ потпора.

Нема понедостоен начин за човекот како икона Божја, повикан кон боговподобување, да ја изгуби својата боголикост (во секој поглед) и да ја промаши целта за која е предназначен, од насоченоста и сигурноста во минливото и пропадливото. Од оваа и ваква состојба само Богочовекот Исус Христос може да нè исцели.

Главната разлика помеѓу крвоточивата жена[1] и жената од денешното евангелско четиво е во нивниот однос кон Богочовекот. Првата има активен однос кон Христос, со сите сили се труди да се допре на вистински начин до Него, и покрај сите внатрешни и надворешни пречки; додека втората е пасивна во однос на Христос, иако нема надворешна пречка да дојде и да побара помош од Него, кога би имала вера.

Значи, едно е да одиме во Црква редовно и само пасивно или формално и бесплодно да учествуваме во нејзиниот преобразителен живот – иако познати на сите; а друго е да одиме во Црква и активно, ама незабележливо за другите, да се обидеме вистински да се допреме до Богочовекот Христос, така што Он да почувствува како сила, што исцелува и преобразува, излегува од Него.

Едно е активно, со сила да го добиеме Царството Небесно и Господ да нè прослави пред сите –

[1] Види: Лука 8, 43–48.

иако тоа не сме го барале, а друго е Господ, поради крајно бедната состојба во која сме западнале, да се смилува, да нè повика и на очиглед на сите да нè исцели, и да ја покаже Својата сила и чудотворна моќ.

# КОЛЕКТИВНИ НЕСВЕСНИ ГРЕВОВНИ ШЕМИ

Карактеристика на непросветлениот ум е да се врзува за овоземни шеми за да си ја обезбеди својата овоземна сигурност, па дури и својата небесна иднина. Непросветлениот ум има потреба од сигурност за себе. Просветлениот ум молитвено и срдечно копнее да се спасат сите. Десеттемина лепрозни се одлична слика на денешното христијанство[1].

Десеттемина лепрозни Го молат Христос и бараат исцеление (очистување), а Он им вели: *Отидете и покажете им се на свештениците!* (Лука 17, 14). Христос на сите им го покажува патот на послушанието. Тие тргнуваат и одејќи се очистуваат – ја очистуваат енергијата на својот ум. Арно ама, послушанието не е цел самото по себе, ниту пак, само чистењето на енергијата на нашиот ум. Ја чистиме енергијата на својот ум во содејство со очистителната Божја благодат, но за да ги согледаме своите гревови, а не туѓите и да осудуваме. И, денес, мнозина би сакале да го имаат и дарот на умно-срдечната молитва, но не можат да го добијат. Но, затоа овој дар го гледаме кај Самарјанинот – икона на вистинскиот послушник – послу-

[1] Види: Лука 17, 11–19.

шува и оди, му се случува очистување и на енергијата на умот и се враќа при Христос. Самарјанинот е во послушание сѐ до добивањето на дарот, но очигледно не и потоа – не продолжува да оди да им се покаже на свештениците, не продолжува по вообичаената црковна институционализација – како што му рече Христос, туку прво се враќа при Христос и Му благодари. И Богочовекот го оправда: *„Како не се најдоа да се вратат и другите и да Му заблагодарат на Бог, туку само овој туѓинец?“ И му рече: „Стани, оди си! Твојата вера те спаси!“* (Лука 17, 18–19). Со други зборови, немаш повеќе потреба и од духовно раководство, затоа што го доби од Мене и дарот на умно-срдечната молитва.

Гледате колку е тешко кога ќе се влезе во одредена шема и во одреден начин на размислување, како што биле навикнати тогашните Јудејци, кои само формално се држеле до Законот, исто како и сегашното свештенство (посебно епископите) на Православната Црква, обучено само во богословските школи, но не и од и во едната Литургија на Црквата и од личниот долгогодишен аскетски подвиг. Влегуваат во една шема, одреден начин на мислење и размислување, и веќе не знаат ниту дали постои друг начин на размислување и доживување на духовниот живот, ниту како да излезат од досегашната мисловна шема во која влегле, ниту знаат да им го покажат патот на другите. А за Самарјанинот од Евангелието е лесно да ја прифати Вистината, бидејќи не е влезен во никаква претходна мисловна шема. И гледате, целата Православна Црква е сѐ уште жива само поради луѓе што не се од таа мисловна шема – произлезена само

од едукативниот процес, туку од луѓе воспитани и образовани во едната Литургија (Евхаристија) на Црквата и во личниот подвиг.

Деветтемина лепрозни одат според некоја позната мисловна шема, по некоја навика – што е бесплодно, а Самарјанинот тргнува од вистинско, целосрдечно послушание. Христос му вели да оди кај свештениците и тој оди, иако е Самарјанин, т.е. нема врска ниту со старозаветните свештеници, ниту со нивната вера. Не оди по некаква однапред определена мисловна шема, туку според патот што Христос му го покажува. А другите девет лепрозни одат по позната и вообичаена за нив мисловна шема. И по шема одејќи, иако им се случува нешто ново – сите го добиваат дарот на очистување на енергијата на умот, како ние денес, кога почнуваме да одиме во Црква, но никој не добива ништо повеќе од тоа. А целта што се промашува е Самиот Христос. Додека Самарјанинот, кој не беше роб на никаква мисловна шема и беше отворен кон новото, не продолжи да ја следи покажаната шема, туку се врати и прво Му се заблагодари на Богочовекот Христос. Направи нешто нормално – отиде и се заблагодари, нешто што секој нормален човек го прави.

Повеќето од луѓето, на почетокот од духовниот живот, ја чистат енергијата на својот ум, но не профункционируваат, туку си продолжуваат по старо (со затворени срца за Бог и ближните, со стар начин на гревовно размислување), не преминуваат од противприроден во природен начин на живот. А вистинските послушници се очистуваат и профункционируваат, преминуваат во природен начин на живот –

давање, и ја активираат или актуализираат благодатта на Крштението[2]. Зошто им се случува ова? Бидејќи, пред да го добијат дарот на умно-срдечната молитва, односно дарот на просветлување, ним некој во главата и во срцето им всадува одредена мисловна шема која, додека не се ослободат од неа, засекогаш ќе го блокира пристапот на нивниот ум до нивното срце.

Покрај гревовните шеми на задоволување на своите страсти (посебно за човечка власт и слава), кои се лични гревовни шеми што ни ги всадува моделот на живот што овој свет ни го наметнува, во Православната Црква постојат и колективни несвесни гревовни шеми, односно ерес, што еден верник не смее да ги прифати. Главната мисловна шема што на верниците по црквите им се всадува во срцата е шемата на поистоветување со овоземните форми на човечко организирање, односно поистоветување со државата и нацијата, и нивните цели и интереси. На пример, кога еден верник ќе ја прифати таа мисловна шема, односно ерес, потоа лесно можеш да му всадиш и една уште полоша – духовно самоубиствена, на пример: дека МПЦ – ОА е расколничка организација. Прифаќањето на оваа мисловна шема во срцето конечно го блокира патот за умот, на оној што ја прифатил, да влезе во своето срце.

Бидејќи свештенството на Православната Црква (чест на исклучоците) влегло во една овоземна шема од која не знае или не сака да излезе, затоа и црквите како институции влегле во шема на поис-

---

[2] Види: Gregorius Sinaita, *De quiete et oratione* (Migne PG, 1303D–1312C).

товетување со овоземните човечки форми на организирање и интереси – државата и нацијата, во шемата на т.н. канонски национални цркви надвор од евхаристискиот начин на живеење и размислување, односно во ерес на етнофилетизмот. И тие не може да излезат од таа мисловна шема. Ти му велиш: „Човеку, не се бориш на свој терен! Литургијата е твој терен! Зошто седнуваш и преговараш на обична маса!? Ти си повикан на друга маса – во заедница на Света Трпеза. Човеку, си ја промашил масата!“ Брате, точно е дека и таа маса е поставена во храмот, но за идиотска трговија и овоземни интереси, а знаеш што направи Христос со така поставените маси во Божјиот дом, домот на Неговиот Отец[3].

Христијанството не требаше да се поврзува со никакви облици на општествено уредување од овој свет, односно да влегува во овоземни шеми. Единствено што треба е пастирски да се поврзе, но никако и суштински. Пастирски се поврзува колку да може да дејствува во овој свет – да постои, да евангелизира во одредена држава или нација каква што се формирала, но не и да се поистовети со нив. Канонските национални цркви што се поистоветуваат со овоземните форми на општествено организирање и кои тежнеат – исто како и нив, кон овоземна централизација на власта се, исто така, овоземна шема и ерес, но исто така, и одлична шема за доаѓање на антихристот. Таканаречените канонски цркви, што функционираат како една од овоземните шеми се, исто така, и лоша основа преку која заблудените

[3] Види: Матеј 21, 12–13.

умови на нивните верници најчесто си ја прават својата сотириолошка – но многу демонска математика: дека само тие ќе се спасат, а цел свет ќе отиде во пеколот – посебно расколниците.

Милите тие, што ли само си замислуваат дека прават кога застануваат пред Оној Кој ги рашири Своите раце за да ги прегрне и спаси сите луѓе и сè создадено? Дали несвесно уште Му ги држат рацете приковани така, раширени на Крстот, за да се обезбедат дека прегратката никогаш нема да се затвори и за нив?

# ЕКСТРЕМНО ОДРЕКУВАЊЕ ОД СВЕТОТ ЗАРАДИ ХРИСТОС

Маченииштвото, монаштвото, и јуродивството заради Христос се трите најекстремни начини на одрекување од овој свет и затоа – начини на живот што најбрзо и најблиску го соединуваат човекот со Бог. Затоа, најчесто кај овие подвижници, како што вели и светиот Јован Лествичник, можеме да ги забележиме изобилно излеани сите дарови Божји на обожението: и непрестајната умно-срдечна молитва, и гледањето на несоздадената светлина, и грабнувањето на умот, и телото духовно, и дарот на чудотворство, и љубовта и кон непријателите[1].

Овие три начини на христијански живот заемно се проземаат и во суштина се неразделни. Маченикот е речиси секогаш монах (сам) и јуродив. Вистинскиот монах е речиси секогаш јуродив и маченик. Јуродивиот е речиси секогаш маченик и монах. Дали Светиот Дух – Кој го поттикнува и му дава сила на човекот, од љубов кон Христос, екстремно да се одрече од овој свет – ќе ја преточи таа негова љубов во маченички, јуродив или монашки подвиг, зависи

[1] Види: Свети Јован Лествичник, *Лествица*, Београд, 1963, стр. 25–26.

од историските потреби и околности во коишто се наоѓа Црквата и од човековиот слободен избор. Зборувам за суштината на појавите, а не за нивната форма.

И житијата на сите свети маченици во основа се само незамолчливи сведоштва на екстремното одрекување од овој свет, кои постојано ја будат заспаната христијанска совест низ вековите: маченикот, при полна и здрава свест, се одрекува од самиот себе и од сè свое, претпочитајќи ја дури и телесната смрт, само за да не се одрече од својот Господ Христос и за да не Го изгуби: *Кој се одрече од Мене пред луѓето, ќе се одречам и Јас од него пред Мојот Отец Небесен* (Матеј 10, 33).

А што видовме ние во денешното евангелско четиво?[2] Видовме луѓе заробени од своите страсти. Видовме луѓе кои заради задоволување на своите страсти се одрекоа од Богочовекот Христос и од Неговата „голема вечера“ – иако некои од нив се обидоа некако да се оправдаат и да се извинат. А забележавме и дека оној што се ожени толку се заслепи, што заборави дури и на елементарната култура, та не се ни извини. Зарем не се случува истото одрекување од Христос и денес, насекаде околу нас? Зарем не ја забележуваме истата млака и непостојана борба со страстите и внатре во нас? Господи, помилуј...!

Во најголема мера ваквата одвратна духовна состојба се должи на она што ви го пишував минатиот пат, прифаќањето на колективните несвесни гре-

---

[2] Види: Лука 14, 16–24.

вовни шеми, односно поистоветувањето со државата, нацијата и партијата, наместо пастирскиот пристап кон истите.

Да не ме сфатите погрешно, не ви зборувам против задоволувањето на основните потреби за живот, ниту против законското стекнување имот, ниту против бракот, туку ви зборувам против претворањето на даровите Божји во цел самите по себе. Богочовекот Христос е целта на христијанскиот живот, а даровите Божји се само средства преку кои се остварува таа цел.

Значи, зошто ги потенциравме погоренаведените крајно спротивставени примери на одрекување од Христос заради светот, од една страна, и на екстремно одрекување од светот заради Христос, од друга? За да можеме внатре во тие гранични состојби полесно да се пронајдеме себеси, да се покаеме и навреме да ја избегнеме страшната осуда: *Ги знам делата твои: ти не си ни студен ни жежок; о, да беше студен или жежок! Така, бидејќи си млак, а не жежок ниту студен, ќе те изблујам од устата Своја* (Откр. 3, 15–16).

Пресвета Богородице, спаси нѐ!

## НИЕ НЕ СМЕ ПОСЕБНИ,
## НИЕ СМЕ ПОСЛЕДНИ

Да не си помисли некој, бидејќи сме се собрале оваа ноќ на бдение на Црквата Божја – наместо заедно со сите други луѓе да го прославуваме административниот почеток на новата година, дека сме нешто посебни, подобри. Не, ние не сме посебни, ние сме само последни. Последни, непотребни и бескорисни. Слуги Божји, не се ни осмелувам да помислам.

Зошто? Па нели ние требаше да сме квасецот на овој свет, нели требаше да сме сведоци на Богочовекот Христос во овој свет, нели требаше преку нас да влезе Божјата благодат, што го преобразува овој свет и нели требаше да бидеме слуги на луѓето од овој свет – за нивно спасение? Нели истото ова го вели и Светото Евангелие Божјо и житијата на сите Свети?

Е, па, токму тоа – што ние сме овде собрани, а светот во моментот го прави тоа што го прави, е еден неспорен доказ дека ние комплетно сме потфрлиле во нашата мисија. Знам дека истиот овој свет на големите празници ќе го видиме и во црква, но токму оваа ноќ и посебно оваа ноќ – во предвечерието на подготовките за учество во Христовото Раѓање, е показателот дека овој свет нема суштинска

врска со Црквата, а за тоа ние сме виновни.

Ете зошто ние сме непотребни и бескорисни, и треба самите себе да се сметаме за последни од сите луѓе, а не да негуваме демонска помисла во нас дека сме нешто посебни и подобри. Наместо високото мислење за самите себе, ајде да се смириме, да ја привлечеме Божјата благодат на нас и оваа ноќ нека нѐ потсетува дека вистинското покајание е плач за целиот Адам.

Господи Исусе Христе, заради Богородица и Секогашдева Марија, прости.

# Содржина


| | |
|---|---|
| Предговор<br>*ӣроф. д-р Диана Белевска* | 7 |
| *Пошсешник* | 15 |
| *Рождесшво Хрисшово* | 19 |
| *Манасширски разговор за молишваша на срцешо* | 22 |
| *Хрисшијансшво на дело* | 30 |
| *Пошсешник за Богојавление* | 33 |
| *Должносшише на монасише* | 36 |
| *Цело и дел* | 39 |
| *Лага* | 42 |
| *Различносши* | 45 |
| *Црквата е должна да има мислење за сѐ шшо е ӣоврзано со земјаша и народош?* | 48 |
| *За еӣискоӣише* | 53 |
| *Недела на Православиешо* | 57 |
| *Едносшавни совеши за умно-срдечнаша молишва* | 60 |

*Недела на свети Јован Лествичник* 64

*Недела на света Марија Египетска* 68

*Благовести* 71

*Цветници* 75

*Љубовен одговор на човечкото зло* 81

*Во суштината на нештата* 87

*Радувајте се!* 91

*Опит* 95

*Немам човек* 99

*Поклонување во дух и во вистина* 102

*Првото прогледување* 105

*Вознесение или превознесување?* 108

*Светиот отец Гаврил* 112

*Педесетница – Литургија и надвор од Литургијата* 115

*Недела на сите Светии* 118

*„Ловец на луѓе“* 121

*Духовен разум* 125

*Љубовта кон духовниот отец* 128

| | |
|---|---|
| *Пастирски пристап или поистоветување?* | 131 |
| *Апостолско преемство, или старозаветно?* | 134 |
| *Фатени од гревот* | 137 |
| *Прогледување на духовно слепите* | 140 |
| *Давање и кога се нема доволно за себе – основа за Божјо чудо* | 143 |
| *Разлика помеѓу Божјо и демонско чудо* | 146 |
| *Овој род се истерува... само со благодат Божја* | 149 |
| *Царството Небесно прилега на... простување* | 152 |
| *Сето тоа... не сум го запазил од младини* | 155 |
| *Последна надеж за спасение* | 158 |
| *Лажните лозари* | 161 |
| *Свадбена облека* | 165 |
| *Неразделна љубов* | 168 |
| *За оној што „нема“* | 171 |
| *Делотворна вера* | 174 |
| *„Врвете по Мене...“* | 177 |

| | |
|---|---|
| *Злото во нас, самите нас нѐ разградува* | 180 |
| *„Мајка Црква“* | 182 |
| *Педагошки однос* | 186 |
| *Послушанието е премин од противприроден во природен начин на живот* | 189 |
| *Скриена демонизираност* | 192 |
| *Како да ја зачуваме Божјата благодат во нас* | 195 |
| *„Кога ќе се вратам...“* | 198 |
| *Богатење во Бог* | 200 |
| *Активен или пасивен однос кон Христос* | 203 |
| *Колективни несвесни гревовни шеми* | 206 |
| *Екстремно одрекување од светот заради Христос* | 212 |
| *Ние не сме посебни, ние сме последни* | 215 |

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

271.2-46
081 Наум, митрополит струмички

НАУМ, митрополит струмички
Пастирски пристап или поистоветување /
Митрополит Струмички Наум.
- Велјуса : Манастир Воведение на
Пресвета Богородица Елеуса, 2018.
- 224 стр. ; 21 см. - (Библиотека Воведение)

Фусноти кон текстот.
- Предговор / Диана Белевска
стр. 7–10

ISBN 978-9989-893-26-1

а) Наум, митрополит струмички (1961-) - Зборници
б) Пастирска теологија

COBISS.MK-ID 106240522

Печати:
„Европа 92“ - Кочани

На корицата:
Манастир „Воведение на Пресвета Богородица Елеуса“
Велјуса, Струмица, 11 век